| **Конкретна цел 1.1.** Создавање ефиксни механизми на соработка меѓу училиштето, родителите и учениците | | | | | |
| Активности<br><br>Формирање тим за спроведување активности поврзани со штетните влијанија од пушењето, алкохолот и наркотичните средства | Индикатори за успех<br><br>Формирани тимови за ненасилство и следење на штетните влијанија од пушењето, алкохолот и наркотичните средства | Носители на активностите<br><br>Директор, стручни соработници, одделенски и предметни наставници и родители | Временска рамка за имплементација<br><br>2025-2028 | Потребни ресурси<br><br>Хартија, комјутерска опрема, интернет | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| • **Конкретна цел 1.2.** Планирање стратегии за соработка со локалната заедница | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех<br><br>Изработен план за идни активности и остварена | Носители на активностите<br>Директор, стручни соработници, | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси<br>Хартија, комјутерска | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на план за идни активности за соработка со локална зедница | соработка со локалната заедница | одделенски и предметни наставници | Почеток на учебна 2025 /2026 год. | опрема, интернет |

- **Конкретна цел 1.3.** Зајакнување на компетенциите на наставниците во соработка со родителите за рано откривање на штетните појави кај учениците

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на тематски работилници за работа со учениците | Број на организирани тематски работилници од различни области поврзани со штетните влијанија | Одделенски и предметни наставници, стручна служба, Тим за следење на реализацијата на активностите | континуирано | Хартија, комјутерска опрема, интернет | |
| Предавања во соработка со родители стручни од одредена област | Извештај за бројот на реализирани воннаставни спроведени предавања | одделенски и предметни, наставници, активи, стручна служба и родители | континуирано | Хартија, комјутерска опрема, интернет | Тим за следење на реализацијата на активностите |

**Приоритетно подрачје** **2. Зајакнување на капацитетите на училиштето за инклузивно образование**

**Стратешка цел : Училиштето да биде стимулативна инклузивна средина што вклучува изведба на неколку стратешки проектни активности**

**Конкретна цел 2.1.** Изградба на Инклузивно игралиште

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Изградба на игралиште со цел стимулација на учениците со попреченост и нивна вклученост во играта, како би добиле еднакви можности за образование, спортување, учење и другарување со сите останати ученици. | Изградено инклузивно игралиште | Директор, стручна служба, инклузивен тим, родители | 2024-2028 | буџет , донации | |

**Конкретна цел 2.2.** Изградба и опремување на Сензорна градина

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Создавање на простор наменет за децата со типичен развој за поттикну-вање на нивните сетила и нивниот развој, но и за децата со атипичен развој за созревање на личните способности, надградба на физичките вештини и овозможување на широк спектар на сетилни искуства за подобра стимула ција. Создавање аеднички простор кој ќе ги соедини сите ученици | Изградена сензорна градина | директор, стручна служба, инклузивен тим, родители, одделенски и предметни наставници | Почеток на учебна 2024 /2025 год. | буџет , донации | |
| **Конкретна цел 2.3.** Обука на наставници за користење на специјално дизајнирани простори во училиште | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Обука на наставниците за користење на специјално дизајнирани простори во училиштето , како со помош на иновации и знаење би се обезбедила поддршка потребна за учениците . | Обучени наставници<br><br>Задоволство кај учениците – корисници на овие простори | директор, стручна служба, инклузивен тим, родители одделенски и предметни наставници | континуирано | буџет, донации | |

| **Приоритетно подрачје** | **3. Подобрување на условите во училиштето во насока на обезбедување на квалитетна образовна инфраструктура со просторни услови за работа во една смена** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел: Создавање услови за едносменска настава.** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Адаптирање на просторот за создавање услови за квалитена настава во една смена. | Преадаптиран простор | Директор | 2025-2026 | буџет | Директор |

**АКЦИОНЕН ПЛАН 2024/2025**

| Активност | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | Носител | Начин на спроведување | Инструменти | Очекувани резултати | Следење Одговорно лиц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | | | | |
| **1. Обезбедување сигурна и безбедна средина, без насилство и штетни влијанија од пушење, алкохол и наркотични средства** | x | x | X | X | | | x | x | x | x | | | Директор тим на наставници, стручни соработници | Хартија, комјутерска опрема, интернет | Иницијални анкетни листови | Подигнување на свеста за штетното влијание од употребат на цигари, алкохол и наркотичн средства. Зголемено превентивн делување на тимот за превенциј од насилство и други штетни влијанија | Одговорните наставници од тимот Директор Стручна служба |
| **2. Зајакнување на капацитетите на училиштето за инклузивно образование** | x | x | X | X | | | x | x | x | x | | | Директор тим на наставници, стручни соработници | буџет , донации | анкетни листови | Изградено инклузивно игралишт со цел стимулација на учениците со попреченост | Одговорните наставници од тимот за следење на реализацијата н активностите |
| **3. Преуредување на училишниот простор, за овозможување едносменска настава** | x | x | X | X | | | x | x | x | x | | | Директор тим на наставници, стручни соработници | буџет | Адаптиран простор за учење | Подобрени услови за настава | Наставници за реализација на вонаставните активности Директор Стручна служба |

**7.1. План за евалуација на акциониот план**

**Одговорни за следење**

Директор; стручни соработници; одговорни наставници на стручни активи

**Критериум за успех**

-Над 90% од наставниците промовираат вонаставни активности кои позитивно влијаат на менталното здравје кај учениците и превентивно делуваат за спречување секакви облици на врсничко насилство и употреба на алкохол, цигари и наркотични средства.

-Подобрени услови за следење на настава во една смена

**Инструменти**

Иницијални анкетни листови

**Индикатор за успешност**

Училишна документација/извештаи, аудио и видео документација

**Повратна информација**

Анализа и извештаи од работата на стручните активи и тимот за следење на реализацијата на акциониот план.

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

## 8.Програми и организација на работата во основното училиште

Организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа е во согласност со календарот за организација на учебната година, објавен од МОН.

**8.1. Неофицијален Календар за организацијата и работата во основното училиште**

Неофицијален календар за учебната 2025-2026 година

**КАЛЕНДАР ЗА УЧЕБНА 2025-2026 ГОД.**

| СЕДМИЦА | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I полугодие** (учебна 2024/2025) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МЕСЕЦ | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | декември | | | | | Вк. |
| понеделник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| вторник | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 18 |
| среда | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 17 |
| четврток | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 16 |
| петок | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 17 |
| Вкупно денови | 21 | | | | | 22 | | | | | 20 | | | | 21 | | | | | 84 |

| СЕДМИЦА | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕСЕЦ | јануари | | февруари | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | | Вк. |
| понеделник | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | | 18 |
| вторник | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | | 21 |
| среда | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | | 21 |
| четврток | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | | | 20 |
| петок | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | | | 16 |
| Вкупно денови | 9 | | 20 | | | | 21 | | | | | 20 | | | | | 18 | | | | | 8 | | | 96 |

**За сите граѓани на РМ**

8 Септември - Ден на независноста на РМ
11 Октомври - Ден на народното востание (сабота)
23 Октомври - Ден на македонската Револуционерна Борба
8 Декември - Св. Климент Охридски
20 Март - Рамазан Бајрам
13 Април - Втор ден Велигден
1 Мај - Ден на трудот
24 Мај - Св Кирил и Методиј (недела)
неработен 25 Мај (понеделник)
29 Мај - Духовден, петок пред Духовден

**За граѓаните од православна вроисповест**

19 Јануари - Богојавление (Водици)
10 Април - Велики Петок, петок пред Велигден

| Работни денови | Вк. |
|---|---|
| понеделник | 34 |
| вторник | 39 |
| среда | 38 |
| четврток | 36 |
| петок | 33 |
| **ВКУПНО** | **180** |

ООУ „Киро Глигоров“ – Скопје

***Еколошки календар***

***17 октомври –*** *Меѓународен ден за образование на сиромашните*
***08 ноември –*** *Меѓународен ден на урбаните животни средини*
***27 ноември –*** *Меѓународен ден против потрошувачката треска*
***29 декември –*** *Меѓународен ден на биодиверзитетот*
***05 март –*** *Светски ден за заштеда на енергија*
***21 март –*** *Ден на пролетта* ***кога започнуваат*** *активностите* ***за заштита на околината***
***21-28 март –*** *Денови на пролетта за заштита на околината*
***22 март –*** *Светски ден за заштита на водите*

***17 април –*** *Светски ден на здравјето*
***22 април –*** *Светски ден на планетата Земја*
***15 мај –*** *Меѓународен ден за заштита на климата*
***24 мај –*** *Светски ден против пушењето*
***05 јуни –*** *Светски ден за заштита на околината*

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часови

**Одделенски раководители во одделенска настава** **Одделенски раководители во предметна настава**

| Име и презиме на наставник | Одделенски раководител на паралелка | Број на наставни часови | | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководител на паралелка | Број на наставни часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ленче Кузмановска<br>Елена Новаковска<br>Елена Јурттутан<br>Вилма Поповиќ<br>Татјана Ивановска<br>Менка Чадиновска<br>Јелена Богдановиќ<br>Јадранка Цуклевска** | актив I | 20 | | **Предметен наставник** | VI а | 20 |
| **Снежана Трајковска<br>Ивана Нешовска** | II а | 20 | | **Предметен наставник** | VI г | 20 |
| **Весна Ч. Трифуновска<br>Ирена Миноска** | II б | 20 | | **Јасмина Драгеска** | VII а | 20 |
| **Ирена Пешевска<br>Николина Младеновска** | II в | 20 | | **Даниела Паневска Саздовска** | VII б | 20 |
| **Катерина К. Гаштов<br>Маја Ш. Стојковска** | II г | 20 | | **Оливер Кузмановски** | VII в | 20 |
| **Лидија П. Стојановска<br>Биљана Васиќ** | III а | 20 | | **Емилија Јаничиќ** | VIII а | 20 |
| **Вања В. Тимковска<br>Бојана Б. Петровска** | III б | 20 | | **Катица Лазовска** | VIII б | 20 |
| **Маја С.Станковска<br>Розика Ристески** | III в | 20 | | **Павлинка Цонева** | IX а | 20 |
| **Биљана Ивановски<br>Софче Пеева** | III г | 20 | | **Јана Трајковска** | IX б | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ирина Велјановска** | IV а | 20 | |
| **Анета Мицковска** | IV б | 20 | |
| **Искра Алексиевска** | IV в | 20 | |
| **Тања П. Грујовски** | IV г | 20 | |
| **Бранка Јакимовска** | V а | 20 | |
| **Соња Јовановиќ Крстевска** | V б | 20 | |
| **Ана Накова** | V в | 20 | |
| **Инека Мостерман** | V г | 20 | |

| | | понеделник | | | | | | | | вторник | | | | | | | | среда | | | | | | | | четврток | | | | | | | | петок | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **име и презиме** | предмет | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Јасмина Драгеска | биологија, хемија | 7а | 7а | 9а | 9б | 8а | 8б | | | 7а | 9а | 9б | 8а | 8б | | | | 7а | 7б | 7в | | | | | | 8а | 8б | 9а | 9б | | | | | 9а | 9б | 8а | 8б | | | | |
| Даниела П.Саздовска | македонски јазик | 7б | 7б | 7в | 7а | | 6б | 6г | | 7в | 7б | 7в | 6б | 6г | | | | 6б | 6г | | | | | | | 7а | 7б | 7в | | | | | | 7а | 7б | 7в | 6б | 6г | | | |
| Оливер Кузмановски | музичко образование | 7в | | | 8б | 6а | 9б | 9а | | | 6б | | | | 8а | | | | | | | | 8а | 8б | | | | 6в | 6г | 7а | 7б | 7в | | | 8а | 8б | | | | | |
| Емилија Јаничиќ | физичко образование | 8а | | | 6б | | 8а | 8б | | | | | | 6г | 6а | 6в | | | | | 6а | 6в | 8б | 8а | | | | | 6а | 6б | 6в | 6г | | | | | 6г | 8а | 8б | 6в | |
| Катица Лазовска | англиски јазик | 8б | | | | | | 8а | | | | 8а | 8б | | | | | | | | | | | | | | | 8а | 8б | | | | | 8б | | | | | | | |
| Павлинка Цонева | математика | 9а | 6б | 6в | 8а | 8б | 9а | | | 6б | 6в | 9а | 8б | 8а | | | | 6б | 6в | 8а | 8б | | | | | 6б | 6в | 9а | | | | | | 6б | 6в | 9а | 8а | 8б | | | |
| Јана Трајковска | историја | 9б | 9б | | | 9а | 6б | | | 9а | 6г | 6в | 7а | 6а | 7б | 7в | | 9а | 9б | 8б | 8а | | | | | 6в | 6г | 6а | 6б | | | | | 7а | 7б | 7в | | | 8а | 8б | |
| Благица Б.Блажевска | англиски јазик | | | 7б | 7в | 9а | | 9б | | 9б | 7а | | 9а | 7б | 7в | | | 7а | | | | | | | | 9а | 9б | | | | | | | 7б | 7в | 7а | | | | | |
| Сања П. Крстиќ | македонски јазик | | 6в | 6а | | 9б | 9а | | | 8а | 8б | 6в | 6а | | 8б | 8а | | 8а | 8б | 9а | 6в | 6а | 9б | | | 8а | 8б | 9а | 9б | | | | | 6в | 6а | 9а | 9б | | | | |
| Мартина Алексовска | математика | | 6а | 7а | 7б | 7в | | | | 6а | 7а | 7б | 7в | 9б | | | | 6а | 9б | | | | | | | 6а | 7а | 7б | 7в | 9б | | | | 6а | 9б | | 7а | 7б | 7в | | |
| Фросина Мантева | физика | | 9а | 9б | 6в | 7а | 7б | 7в | | | | 6б | | 6в | 6а | | | | 9а | 9б | 8б | 8а | | | | 7в | 7а | | 7б | | | | | | 8б | 8а | | | | | |
| Радица Миланова | германски јазик | | 8а | 8б | | 7б | 6а | | | 6б | 9б | 9а | 6г | | 6б | | | 8б | 8а | 6а | 6б | 6в | 6г | | | | | 7а | 7б | 7в | | | | | | | | 7а | 7б | | |
| Дорина Тенева | ликовно образование | | | | | | | | | | 6а | | 6в | 7а | 9а | 9б | | | | | | | | | | | | | | 6г | 8а | 8б | | | | | | 7б | 7в | | |
| Елена Стојилковска | географија | | 8б | 8а | 9а | 6г | 7а | | | 6г | 8а | | 9б | 9а | | 8б | | | 7б | 7в | 6в | 6б | 6а | | | | 7б | 9б | 9а | 7в | 7а | | | | | 6а | 6б | 6в | 6г | | |
| Нов наставник | информатика | | 7в | | | | | | | | 6а | 6а | | 6б | 6б | | | | | | 6г | 6г | 6в | 6в | | | | | | | | | | | | | | | 7б | 7а | |
| Предраг Трајковски | физичко образование | | | | | | | 7б | | | | | | 7в | 9б | 9а | | | | 7в | 7б | 7а | 9а | 9б | | | | | | 7б | 7в | 7а | | | | | 9б | 9а | 7а | | |
| Нов наставник | математика | | 6г | 6г | | | | | | | | | | | | | | 6г | 6г | | | | | | | | | | | | | | | 6г | | | | | | | |
| Нов наставник | биологија, природни науки | | | | | | | | | 7б | 7в | 7а | | | | | | 5а | 5б | 5в | 5г | | | | | | | | | | | | | 5а | 5б | 5в | 5г | | | | |
| Нов наставник | етика, иновации | | | | | 6б | 7в | 7а | | | | | | | | | | 7б | 7в | 7а | 8б | 8а | 9б | 9а | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Јане Стојков | физичко образование | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Николче Тодоровски | физичко образование | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ѓорѓи Ристески | англиски јазик | | | 6б | 6а | 6в | 6г | | | | | | | | | | | 6а | 6б | 6в | 6г | | | | | | | | | | | | | 6а | 6б | 6в | 6г | | | | |
| Ивона Мицковска | англиски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Катерина Георгиева | техничко образование | 5а | 5а | 5б | 5б | 5в | 5в | | | | | | | | | | | 5г | 5г | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

### 8.3 **Работа во смени**

Во училиштето за учениците од I – III одделение се реализира целодневна настава, во IV одделение продолжен престој и во V одделение класична настава. Наставата за учениците од VI – IX одделение ќе се реализира во една смена согласно распоредот, со предвидениот број на часови според Наставниот план и програма за основно деветгодишно образование.

**Одделенска настава** ги опфаќа учениците од I - V одделение. Во учебната 2025-2026 година во одделенска настава има вкупно 20 паралелки.

**Предметна настава** ги опфаќа паралелките од VI – IX одделение. Оваа учебна година има 11 паралелки во предметна настава. Наставата започнува во 8:00 часот и трае до 13:30 часот според рапоредот на часови.

### 8.4 Јазик на кој се изведува наставата

| Наставен јазик | Наставен јазик – македонски | Наставен јазик - албански | Наставен јазик - турски | Наставен јазик- српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 31 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 862 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 49 | / | / | / |

### 8.5 Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и вонnаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

И оваа година нашето училиште за учениците во прво, второ и трето одделение ќе организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со потребите на родителите, односно старателите. Основното училиште за учениците од прво до трето одделение ќе организира продолжен престој со учениците од иста паралелка и од исто одделение.

## Програма за работа во продолжен престој на ООУ „Киро Глигоров“ – Центар (ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА)

Потребата за организирање на продолжен престој на учениците во одделенска настава е резултат на современиот семеен живот, во кој работните обврски на двајцата родители/старатели и на самохраните родители поставуваат зголемени барања кон училиштето како примарна воспитно-образовна институција.

Во основното училиште се реализира и програма за работа во продолжен престој според Концепцијата за основно образование и воспитание која е во согласност со годишната програма за работа на училиштето.

Организирањето на продолжен престој има своја поткрепа во однос на повеќе аспекти: педагошки (стручна помош за усвојување на одредени содржини), психолошки (рамномерно заменување на работата и одморот), социјален (организирање според потребите на родителите и учениците) и здравствен (развивање на културно- хигиенските навики).

За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, вежбаат, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други воннаставни активности.

### 1. Планирање на воспитно-образовната работа

#### 1.1. Цели на продолжениот престој во основното училиште се:

- Да се овозможи живот со различни содржини кои поволно ќе влијаат врз развојот на личноста на ученикот/ ученичката
- Да се развива како социјално суштество
- Да се задоволуваат и развиваат вештините, интересите и стремежите за самостојна и конструктивна активност и творештво
- Да се развива како социјално суштество со постојана присутност на социјални интеракции
- Се развива самодоверба и свеста за одговорност за своите постапки
- Се мотивира да бара и дава помош во учењето со соучениците
- Се оспособува за осамостојување во работата
- Се оспособува за самостојно проверување на изработеното и наученото

- Развива навики за ред и дисциплина
- Развива свест за потреба од другарство
- Развива способност за проценување на добри и лоши постапки
- Ги почитува правилата на однесување
- Развива способност за тимска работа
- Се подготвува за понатамошно образование и доживотно учење

### 1.2. Организација на активностите во продолжен престој

Воспитно-образовната работа со ученици кои посетуваат продолжен престој се реализира и организира во текот на целата учебна година и секогаш активностите се придржуваат според наставата.Во согласност со член 40 став 4 и 5 од Законот за основно образование и во согласност со основачот училиштето организира различни форми на продолжен престој на ученици од I до IV одделение.

Продолжениот престој се изведуваат во текот на работниот ден и во согласност на кадарот и условите кои ги има училиштето.

### 2. Активности за работа во продолжениот престој

Активности со кои учениците го исполнуваат времето во продолжениот престој се:

- Задолжителни наставни активности (домашни задачи)
- Задолжителни наставни активности (вежби по наставни предмети)
- Слободни активности (со заеднички цели во училницата)
- Слободни активности (по избор )
- Пауза за исхрана и рекреација

*Наставникот во продолжениот престој ги определува содржините со кои ќе ги исполнува овие активности.*

*Домашните работи и вежбите се насочени активности.*

**Домашните работи** на учениците тесно се поврзани со работата на часот и претставуваат единство. Наставниот процес се продолжува со самостојната домашна работа преку учење и изработка на различни наставни задачи. Со домашната работа учениците се подготвуваат за настава.Тие се во функција на реализацијата на целите и задачите на наставата. Преку домашните задачи се врши утврдување, повторување, вежбање, продлабочување и проширување на знаењата содржините обработени на часот. Се вежбаат знаењата и се формираат умеења и навики, учениците се оспособуваат за самостојно учење и работа, се развиваат навики за редовно учење, се усвојуваат методите и техниките за рационално и самостојно учење. Со домашните работи учењето станува планска и систем на интелектуална оспособеност на ученикот.

**Вежбање** во продолжениот престој претставува самостојна работа на учениците кои непрекинато е присутен, затоа што во секоја фаза низ која поминува учењето, всушност нешто се вежба. Вежбањето врши многу функции;

- Вежбањето посебно значење има за развојот на помнењето и мислењето;
- Во вежбањето се користат индивидуалните творечки способности на учениците и во исто време се развиваат на повисок степен;
- Помага да се искористат предзнаењата на учениците;
- Ги задоволува интересите, мотивите и желбите на учениците;
- Учениците имаат можност да ги докажуваат своите способности;

**Слободните активности (во училница)**
Се однесуваат на активности кои се со иста цел за сите ученици, тие се однесуваат на нешто дополнително да се научи, истражува, експериментира, можат да се одржуваат најразлични креативни работилници поврзани со наставата и надвор од неа ,дебати, квизови, разговори,решавање проблемски ситуации, читање енциклопедии, проширување на знаења и интересите на учениците.
**Слободни активности по избор (слободно време)** се активности кои можат да се изведуваат надвор во Училишниот двор каде учениците се рекреираат од наставата и сите обврски во текот на денот .

Освен овие активности се организираат и:

- Креативни работилници од различни области
- Музички активности
- Социјални активности
- Активности од областа на културата
- Уредување на училницата

- Одбележување на празници

При реализација на активностите наставникот најчесто применува метода на игра и хеуристичка метода, метод на истражување и метод на практична работа.

**3. Состав на групи за продолжен престој**

Групите за продолжен престој во ООУ „Киро Глигоров“, Скопје се **хомогени** составени од ученици од иста паралелка од I- III одделение, додека за учениците од четврто одделение се **хетерогени** групи, во согласност со родителот. Задолжителните и слободните активности се организираат истовремено, но со внатрешна диференцијација. Во почетокот насоките, објаснувањата и задачите се еднакви за сите ученици. Натамошната работа за секој ученик и на наставникот е со индивидуален пристап. Учениците кои брзо ги совладуваат наставните задачи добиваат дополнителни задачи за продлабочување на наставниот материјал, што значи да го постигнат својот оптимален напредок.

**4. План на организација на работен ден на воспитно-образовна група во продолжен престој**

| Активност | Време на реализација |
|---|---|
| Доаѓање на учениците во училиште | 07.30 -08.00 часот |
| Појадок | 08.00 - 09.25 часот според распоредот по одделенија |
| Реализација на наставата (согласно постојниот распоред) | 08.00 – 11.15 часот |
| Рекреативна пауза и ручек (според распоред по одделение) | 11.20 - 12.30 часот |
| Задолжителни активности –активности во врска со наставата, дополнителна, додатна | 12.40 часот |
| Активности во врска со настава | 13.30 часот |
| Слободни активности во катчиња (мајчин јазик, странски јазик) | 14.30 часот |
| Социјални игри за опуштање (пантомима, водена фантазија, игри со балон,) | 15.00 часот |
| Грижа за просторот (средување на училницата) | 16.00 – 16.30 часот |
| Заминување од училиште | 17.00 часот |

**5. Соработка со родителите**

Наставниците во продолжен престој организираат и родителски средби за да ги запознаат повеќе родителите со текот и активностите на работата на продолжениот престој. Наставниците имаат обврска да ги информираат родителите за сите активности, постигнувања на нивното дете и кога постои проблем заеднички да пристапат кон решавање и навремено известување на однесувањето на ученикот во продолжен престој како и неговата посветеност кон задолженијата, домашните задачи или вежби.

Најмалку два пати во годината наставниците ќе ги повикуваат родителите/старателите во училиштето со цел да бидат презентирани резултатите од активностите во продолжениот престој.

**6. Работни должности на наставникот во продолжен престој**

- подготовка и планирање на сите активности предвидени за работа
- водење дневник за работа со воспитно-образовна група
- пишување на домашни работи
- задолжителна проверка на домашна работа и вежби

- организација и реализација на вонноставни актовности
- соработка со родители, стручни соработници и директор во училиштето
- помош при вршење на сите останати планирани активности во годишната програма за работа на училиштето

Со цел да се организираат активности за проширување на знаењата на учениците и стекнување на различни вештини, наставниците треба да соработуваат и со дел од вработените во институциите и здруженијата надвор од училиштето (културно-уметнички друштва, театри, музеи, локална самоуправа).

**Напомена:** Планот за организација и реализација на продолжениот престој се однесува на паралелките од I – III одд. Доколку постојат средства и услови од основачот, училиштето во согласност со родителите, може да организира продолжен престој и за паралелките од IV одд.

**ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА во ООУ „Киро Глигоров“, Скопје , Општина Центар во учебната 2025/2026 година**

Во ООУ „Киро Глигоров“, Скопје се реализира проширена програма согласно Концепцијата за основно воспитание и образование.

Проширената програма во основните училишта опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

ООУ „Киро Глигоров“, Скопје, за учениците од прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците два часа по завршувањето на редовната настава во согласност од родителите.

ООУ „Киро Глигоров“, Скопје поставува соодветна организација за прифаќање на учениците во дежурна училница. Дежурниот наставник ги прифаќа учениците од прво, второ и трето одделение со писмен доказ (прилог 1) од страна на одделенскиот наставник. Дежурниот наставник води евиденција за времето на престојот на учениците во дежурната училница (прилог 2).

ООУ „Киро Глигоров“, Скопје изготвува распоред за дежурни наставници во дежурна училница (прилог 3) два пати годишно, на почетокот од првото полугодие и на почетокот на второто полугодие.

## 8.5 Комбинирани паралелки

| Активност/ задача | Временска рамка | Носител | Ресурси |
|---|---|---|---|
| Продолжен престој – Организирани активности (изработка на домашни задачи, други активности, работилници) по завршувањето на редовните задолжителни часови со времетраење од 8.00 до 15.00 часот | Во текот на наставната година | одделенски наставници | училница |
| Заминување на учениците од училиште 15.00 до 15.15 часот | Во текот на наставната година | одделенски наставници | училница |
| Згрижување на учениците од 15.15 до 17.00 часот | Во текот на наставната година | одделенски наставници | училница, евидентни листови |

Во нашето училиште нема комбинирани паралелки.

## 8.6 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Согласно Наставниот план, прв задолжителен странски јазик е англискиот јазик, а како втор странски јазик за учениците од VI - IX одделение е германскиот јазик.

| **Странски јазик** | **англиски јазик** | **германски јазик** |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 31 | 11 |
| **Број на ученици кои го изучуваат јазикот** | **862** | **312** |

### 8.7 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Согласно наставниот план за работа по предметот физичко и здравствено образование, наставата се одвива во тандем со одделенските наставници од прво до пето одделение, заедно со предметниот наставник по физичко и здравствено образование.

| **Име и презиме на наставникот** | **одделение** | **Наставник по физичко образование** |
|---|---|---|
| **Вилма Поповиќ**<br>**Ленче Кузмановска**<br>**Елена Новаковска**<br>**Елена Јуртутан**<br>**Татјана Ивановска**<br>**Менка Чадиноска**<br>**Јелена Богдановиќ**<br>**Јадранка Цуклевски** | актив I | Јане Стојков |
| **Снежана Трајковска**<br>**Ивана Нешовска** | IIа | Јане Стојков |
| **Весна Ч. Трифуновска**<br>**Ирена Миноска** | IIб | Јане Стојков |
| **Ирена Пешевска**<br>**Николина Младеновска** | II в | Јане Стојков |
| **Катерина К. Гаштов**<br>**Маја Штимац Стојковска** | II г | Јане Стојков |
| **Лидија П.Стојановска** | III а | Николче Тодоровски |

| | | |
|---|---|---|
| **Билјана Васиќ** | | |
| **Вања В.Тимковска**<br>**Бојана Б. Петровска** | III б | Николче Тодоровски |
| **Маја С.Станковска**<br>**Розика Ристевски** | IIIв | Николче Тодоровски |
| **Билјана Ивановски**<br>**Софче Пеева** | III г | Николче Тодоровски |
| **Ирина Велјановска** | IV а | Николче Тодоровски |
| **Анета Мицкоска** | IV б | Николче Тодоровски |
| **Искра Алексиевска** | IV в | Николче Тодоровски |
| **Тања П. Груевски** | IV г | Николче Тодоровски |
| **Бранка Јакимовска** | V а | Јане Стојков |
| **Соња Ј.Крстевска** | V б | Јане Стојков |
| **Ана Накова** | V в | Предраг Трајковски |
| **Инека Мостерман** | V г | Предраг Трајковски |

### 8.8 Изборна настава

Согласно препораките на БРО и водичот за слободни изборни предмети ,на крајот на минатата учебна година во месец мај се спроведе анкетирање помеѓу учениците и согласно резултатите, а и според наставниот кадар кој работи во училиштето ќе се реализираат следните изборите предмети:

**Фудбал** во IV одделение со по 2 (два) часа неделно - наставник Ирина Велјановска

**Готвење** во IV одделение со по 2 (два) часа неделно - наставници Ирина Велјановска и Искра Алексиевска

**Разрешување конфликти** во IV одделение со по 2 (два) часа неделно – наставници Анета Мицковска и Тања Поповска Грујовски

**Оригами** во IV одделение со по 2 (два) часа неделно - наставници Анета Мицковска и Тања Поповска Грујовски

**Цртање, сликање, вајарство** во IV одделение со по 2 (два) часа неделно - наставник Искра Алексиевска

**Готвење** во V одделение со по 2 (два) часа неделно - наставници Бранка Јакимовска и Инека Мостерман
**Фудбал** во V одделение со по 2 (два) часа неделно - наставник Бранка Јакимовска
**Оригами** во V одделение со по 2 (два) часа неделно - наставник Соња Ј. Крстевска
**Учам за моето здравје** во V одделение со по 2 (два) часа неделно - наставници Соња Ј. Крстевска и Ана Накова
**Театарот уметност на емоции** во V одделение со по 2 (два) часа неделно - наставник Ана Накова
**Поезија во V одделение** со по 2 (два) часа неделно - наставник Инека Мостерман
**Музиката во нашите животи** во VI одделение со по 2(два) часа неделно -наставник Оливер Кузмановски
**Жените низ историјата** во VI одделение со по 2(два) часа неделно - нов наставник
**Музички жанрови** во VII одделение со по 2(два) часа неделно -наставник Оливер Кузмановски
**Воведување во историјата на ликовната уметност** во VII одделение со по 2(два) часа неделно - наставник Дорина Тенева
**Извидништво** во VII одделение со по 2(два) часа неделно - нов наставник
**Иновации и претприемништво** во VIII одделение со по 2 (два) часа неделно - нов наставник
**Прва помош** во VIII одделение со по 2 (два) часа неделно- наставник Емилија Јаничиќ
**Истражување за родниот крај** во IX одделение со по 2 (два) часа неделно – нов наставник

**ООУ„Киро Глигоров“, Центар, Скопје**
**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

Прашалникот служи за да се формира листата на слободни изборни предмети – од одговорите што ќе се добијат зависи кои слободни изборни предмети ќе бидат понудени. Прашалникот се пополнува анонимно – никој не го пишува своето име и презиме. Затоа, секој ученик треба да одговори онака како што навистина мисли.

1. Заокружи во кое одделение учиш: IV V VI VII VIII IX
2. Заокружи најмногу три од задолжителните предмети од чија област би сакал/сакала училиштето да понуди слободни изборни предмети:

(1) Македонски јазик
(2) Математика
(3) Природни науки
(4) Историја и општество
(5) Техничко образование и информатика
(6) Ликовно образование
(7) Музичко образование

3. Заокружи најмногу три други области од кои би сакал/сакала училиштето да понуди слободни изборни предмети:
(1) Ракетно моделарство
(2) Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и д.)
(3) Фотографија
(4) Театарски работилници
(5) Резбарство
(6) Готвење
(7) Градинарство и хортикултура
(8) _______________(наведи што)
4. Заокружи најмногу три области за поддршка на личниот и социјалниот развој од кои би сакал/сакала училиштето да понуди слободни изборни предмети:
(1) Разрешување конфликти
(2) Финансиска писменост
(3) Мултикултурни работилници
(4) Градење интерперсонални односи
(5) Образование за родова еднаквост
(6) _______________(наведи што)
5. Заокружи најмногу три спортско-рекреативни активности кои би сакал/сакала да ги понуди училиштето како слободни изборни предмети за сите заинтересирани ученици:
(1) Ракомет
(2) Одбојка
(3) Пинг-понг
(4) Бадмингтон
(5) Јога
(6) Хип-хоп
(7) _______________(наведи што)
БЛАГОДАРИМЕ НА СОРАБОТКАТА

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: oоukirogligorov@centar.gov.mk

## ООУ„Киро Глигоров“, Центар, Скопје

### А Н К Е Т А

Во учебната 2025/2026 година, согласно Наставниот план и програма, Вие учениците во **шесто одделение**, имате можност да направите избор за изучување на втор странски јазик. Јазикот што ќе го изберете ќе го изучувате до крајот на основното образование, со по два часа неделно.

Согласно Вашите интереси, желби и способности, заокружете кој предмет сакате да го изучувате

1. Германски јазик
2. Француски јазик
3. Италијански јазик
4. Руски јазик

Име и презиме на ученик

Одделение

## ООУ„Киро Глигоров“, Центар, Скопје

### А Н К Е Т А

Во учебната 2025/2026 година, согласно Наставниот план и програма, Вие учениците во **ДЕВЕТТО одделение**, имате можност да направите избор за изучување на еден изборен предмет. Предметот што ќе го изберете ќе го изучувате до завршување на деветто одделение, со по два часа неделно.

Согласно Вашите интереси, желби и способности, заокружете кој предмет сакате да го изучувате

1. Нашата татковина
2. Воспитание за околината
3. Проекти од ликовна уметност
4. Истражување на родниот крај
5. Танци и ора
6. Техничко образование
7. Проекти од информатика
8. Изборен спорт
9. Унапредување на здравјето
10. Програмирање

Име и презиме на ученикот

Одделение

Според наставниот план оваа година во нашето училиште ќе се реализира реализира хор и оркестар. Планирани се три часа седмично за хор и исто толку часови за оркестар **(ПРИЛОГ бр.14).**

## 8.9. Дополнителна настава

Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна повремена или континуирана помош во текот на наставната година. Секој наставник ќе води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Реализацијата на дополнителната настава ќе се евидентира во формуларот за водење на педагошка евиденција за дополнителна настава и во Е-дневникот. Учениците кои послабо напредуваат по повеќе од два наставни предмети, во текот на еден месец ќе посетуваат дополнителна настава по два предмети по избор, во договор со родителот и предметните наставници. За реализацијата на дополнителната настава ќе се изготвува месечен распоред кој ќе биде објавен на огласната табла во училиштето и на веб-страницата на училиштето. ***Програмата е дадена во (ПРИЛОГ БР. 19)***

## 8.10. Додатна настава

Додатна настава ќе се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети. Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици кои во текот на целата година покажуваат значајни резултати. Преку додатната настава ќе се овозможи стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација и учество на натпревари. Ученикот ќе ја следи додатната настава во текот на целата година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот во соработка со родителот. Реализацијата на додатната настава ќе се евидентира во формуларот за водење на педагошка евиденција за додатна настава и во Е-дневникот. Дополнително, секој месец ќе се изготвува месечен распоред кој ќе биде објавен на огласната табла во училиштето и на веб-страницата на училиштето. ***Програмата е дадена во (ПРИЛОГ БР. 20)***

## 8.11. Работа со надарени и талентирани ученици

Содржината во програмата за работа со надарени и талентирни ученици ќе се стави врз основа на методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење на информации, развивање на способности, формирање вештини, умеења и постапки за доаѓање до нови решенија. За таа цел училиштето има формирано тим кој секоја учебна година се ревидира со цел регрутирање на нови надарени и талентирани ученици.

**Програмски содржини-цели на работа:**

-примена на методолошки постапки за препознавање и идентификација на надарените ученици: опсервација на процесите кои се одвиваат при учење на одредени содржини во или надвор од училиштето; опсервација на изведба или на продукти од одредена област; резултати од примена на психометриски инструменти; самопроценка на потенцијално надарените ученици, проценка од страна на родителите, наставниците и врсниците

-планирање, реализација и вреднување на диференцирана настава

-изготвување на програми за работа со надарени и талентирани ученици по одделени наставни предмети/планирање и реализација на додатна настава
-водење евиденција – педагошко досие за учениците
-давање поддршка на учениците и нивните родители
-стручното усовршување на наставниците
-соработка со локалната заедница, институции и специјализирани здруженија

**Тим за работа со надарени талентирани ученици**

| **Име и презиме** | **работна позиција** |
|---|---|
| **Марина Стојановска** | Педагог |
| **Маја С. Станковска** | одделенски наставник |
| **Сања Пејчиновска Крстиќ** | предметен наставник |
| **Ѓорѓи Ристевски** | предметен наставник |
| **Павлинка Цонева** | предметен наставник |
| **Предраг Трајковски** | предметен наставник |
| **Оливер Кузмановски** | предметен наставник |

***Програмата е дадена во( ПРИЛОГ БР. 13)***

## 8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Со цел идентификација на учениците со посебни потреби, нивна поддршка, следење и успешна инклузија во редовното образование, училиштето има изготвено програма и акционен план за работа за ученици со ПОП. По потреба, секоја година се ревидира училишниот инклузивен тим. Училишниот инклузивен тим врши процена на моменталното ниво на знаење и функционални способности на ученикот со ПОП, (ученикот доколку е во предметна настава тимот се консултира со предметните наставници), креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот (по потреба и со

надворешни стручни соработници ) изготвува индивидуален образовен план. Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа на учениците со ПОП. Училишниот инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиште е формиран со одлука од страна на директорот. УИТ е со мандат од три учебни години и е во состав од седум члена: дефектолог, педагог, директор, еден наставник од предметна, еден наставник од одделенска настава и двајца родители на ученици со ПОП. УИТ ги осмислува и спроведува активностите на ниво на училиште и води грижа да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа. За секој ученик со ПОП кој работи по ИОП, формиран е инклузивен тим за ученик за период до завршување на основното образование на ученикот кој е составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, дефектологот и педагогот (наведени со име и презиме во долгорочниот ИОП). Инклузивниот тим за ученик, во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивниот ИОП.

Во училиштето, за успешна инклузија на учениците со ПОП се изготвуваат годишен (долгорочен), среднорочен (тематски) и дневен (краткорочен) ИОП и тоа за оние ученици кои не можат да постигнат цели согласно наставниот план и програма за соодветното одделение. Долгорочниот ИОП се изработува во рок од 30 дена од денот на започнување на наставата на ученикот во училиштето и се реализира во текот на целата учебна година. Среднорочниот ИОП се реализира зависно од времетраење на темата по конкретниот предмет, а краткорочниот е имплементиран во рамките на дневна подготовка со диференцирани цели, исходи и активности за ученикот со ПОП. По потреба, ИОП може да биде ревидиран (прениски, превисоки, несоодветни цели, несоодветни стратегии итн). Во изработка и реализација на ИОП учествува инклузивниот тим за ученик согласно препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн. Кај учениците со ПОП кои имаат потешкотии во учењето или емоционални потешкотии но ги постигнуваат целите од наставниот план и програма се применува диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им овозможи на учениците да учествуваат и можност да ги постигнат резултати од учењето.

Планираните активности кои се однесуваат на идентификација, поддршка и следење на учениците со ПОП од страна на членовите на УИТ и инклузивните тимови за ученик со ПОП, подетално се конкретизирани во програмата и акциониот план на УИТ. Училиштето континуирано соработува со Ресурсниот центар, ОУРЦ „Иднина”.

**Програмски содржини-цели на работа:**

- формирање на Училиштен тим за инклузија, согласно ЗОО
- обезбедување услови за подобра реализација на образовниот процес што ќе одговара на потребите на сите ученици
- анализа на актуелната состојба во училиштето, идентификација на децата со потешкотии и потребите за додатна

поддршка/планирање и реализација на дополнителна настава

- планирање, реализација и вреднување на диференцираната настава
- функционирање на инклузивни тимови за индивидуална работа со ученици/изготвувањето и примена на индивидуален образовен план (ИОП), следење на реализацијата на ИОП и евалуација
- водење евиденција – педагошки профил на ученикот со посебни образовни потреби
- давање поддршка на учениците со посебни образовни потреби и на нивните родители
- организирање/реализирање интерни обуки за наставниците што работат со ученици со ПОП
- стручното усовршување на наставниците
- соработка со Општина, стручни институции и специјализирани здруженија
- соработка со родителите на учениците со ПОП, како и со други лица по предлог на родители

***Програмата е дадена во (ПРИЛОГ БР.12)***

## Процедура за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми

Во современата психологија, постојат сваќања дека врз развојот на емоциите влијаат два фактора и тоа: созревањето на личноста и учењето (стекнување на искуство).

Сите емоции кај личноста можат да се класифицираат во три групи:

- во првата група, спаѓаат емоциите создадени како резултат на сетилни чувства (чувство на непријатност кога ни студи или на болка кога не боли нешто);
- втората група ја сочинуваат нагонски чувства кои се јавуваат при задоволување или не задоволување на внатрешните стремежи (чувство на завист, љубомора, страв и сл.);
- во третата група спаѓаат социјалните чувства со кои се гради нашата личност и нашиот став кон заедницата и општеството.

Основна карактеристика на сите овие чувства е дека се независни од нашата волја и можат несвесно да поминуваат од една во друга група. Исто така можат да предизвикаат состојба на раздразливост или смиреност.

Заради големото влијание и значење на емоциите во растењето и развојот на секоја индивидуа, во училиштето се предвидуваат следниве активности:

- Размена на мислења и дискусии со наставниците и родителите за важноста и значењето на емоциите во формирањето на детската личност;
- Едукација на наставниците и родителите за препознавање на емоционални проблеми кај децата;
- Идентификација на децата со емоционални проблеми без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми, долго отсуство на еден од родителите, нарушени семејни односи, деца со насилничко однесување, жртви на насилство, деца со ниска самодоверба, екстравертни деца и сл.);
- Едукација на наставници, стручни соработници и родители за работа и давање на соодветна помош на децата со овој вид потешкотии;

- Едукација на ученици за препознавање и справување со различни емоции преку различни активности (работилници, групи за поддршка, играње на улоги, ликовно изразување, пишување на есеи, моделирање, спортски игри и др.);
- Индивидуална соработка со родители и ученици за справување со емоционални проблеми кај децата (советодавна работа, разговори и предлагање на начини за подобрување на: самопочит, самодоверба, изразување на сопствените емоции, стекнување на вештини за решавање на проблеми, емпатија, справување со стрес, критичко мислење, интерперсонални вештини);
- Редовно реализирање на содржини од Програмата за животни вештини на одделенските часови за стекнување на знаења кои ќе им помогнат на учениците да практикуваат здрави облици на однесување;
- Следење на промените кај децата со кои се работи на подобрување на нивниот емоционален статус;
- По потреба училиштето ќе соработува со соодветни институции кои се стручно екипирани за давање на помош на овие ученици.

### 8.13. Туторска поддршка на учениците

Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното и средното образование е проект на Министерството за образование и наука на Р. Северна Македонија (МОН), која што има за цел да ја поттикне социјалната одговорност на студентите и да им овозможи пристап до бесплатни дополнителни часови на учениците од основното и средното образование. Со оваа програма им се овозможува на студентите да развијат вештини за подучување на ученици, а учениците истовремено имаат можност за бесплатно и интерактивно подучување согласно своите индивидуални потреби. Доколку постои потреба училиштето ќе излезе во пресрет на родителите.

### 8.14. Образовни медијатори

На почетокот од учебната година училиштето врши процена за потребата од ангажирање на образовни медијатори за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства/ или се подолго време надвор од образовниот систем и најдоцна до 15 септември доставува барање до Министерството за образование и наука. Досега во нашето училиште нема ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

# 9 Воннаставни активности

Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се организираат согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот за образование. Согласно Програмата на училиштето, а во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности. Тие се прилагодени на индивидуалните потреби на ученици и со разлики меѓу секој ученик, со цел секој да има можност да ги пронајде и развива своите потенцијали, знаења и способности. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците ќе се евидентира од страна на одговорниот наставник.

## 9.1. Училишни спортски клубови

Во училиштето за правилен развој на учениците задолжен е наставниот кадар по ФЗО кој преку различни видови на спортови го негуваат здравиот и спортски дух кај учениците. Планот на активностите, времето на реализација, опфатеноста на ученици, предвидените настапи, турнири итн., се дадени во програмите за воннаставни активности на наставниците по физичко и здравствено образование. Распоредот за натпревари се прави според Федерацијата на училишен спорт на Р.С.М. Преку ученичките натпревари ќе се презентираат постигнувањата на учениците во наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност. Овие натпревари ќе се организираат на ниво на училиште, општински регион во рамките на училиште, а најуспешните ученици би учествувале и на меѓународни натпревари.

За таа цел во училиштето функционираат следниве спортови: кошарка, фудбал / фудбал, ракомет, атлетика, кросеви, одбојка. Наставниците имаат изготвено планирања на активностите за реализација на училишниот спорт.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Спорт (активност)** | **Развој на моторички способности** | | | | |
| **Одговорни наставници** | **Емилија Јаничиќ** | | **Предраг Трајковски, Николче Тодоровски, Јане Стојков** | | |
| **Учесници (одд. и број)** | **30 – 40 ученици** | | **од I – IX одделение** | | |
| **Подрачје,област** | **Подобрување на координација и моторички способности кај учениците** | | | | |
| **Динамика на реализација –** | **два пати неделно со различни активности;** | | **место – фискултурна сала** | | |
| **Активност** | **Цел** | **Време на реализација** | **Опрема / Ресурси** | **Техники и инструменти** | **Следење на учеството** |
| Моторички развој (сила, | Правилно изведува комплекси на вежби за обликување на телото без реквизити (истегнување, јакнење и лабавење во сите положби, ставови | | | Демонстрација на правилно одење, трчање, | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| брзина, флексибилност, координација)<br><br>Локомоторен апарат (правилно држење на телото), | и движења).<br><br>Правилно изведува комплекси на вежби за обликување на телото со реквизити (истегнување, јакнење и лабавење со палка, јаже, обрач, топка).<br>Соодветни вежби за развој на моторичките, функционални и психофизички способности. | 2 часа неделно во текот на учебната година | Соодветна спортска опрема<br><br>( маичка,шорцеви и патики) | вежби за обликување,истегнување, агилност и развој на моторички способности.<br><br>- јаже<br>- палка<br>- обрач<br>- топка<br>- конус | Следење на учениците на нивно правилно изведување на вежбите и меѓусебни натпревари преку игра. |

| **Име на спортскиот клуб** | **К.Г.СПОРТ - Скопје** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основан / датум** | **2024 год.** | | | | |
| **Одговорни наставници** | **Емилија јаничиќ** | | | **Предраг Трајковски,Николче Тодоровски,Јане Стојков** | |
| **Вид на спорт** | **Конкретни активности** | **Време на реализација** | **Цел** | **Број на ученици** | **Предвидени настапи и турнири** |
| Спортски игри<br><br>Фудбал | Изучување на основните технички елементи од фудбалската игра | 2 пати неделно во текот на учебната година | - Развивање на спортски и натпреварувачки дух кај учениците преку тренинзи и натпревари | 15 – 30 | Натпревари во организација на Федерација на училишен спорт,турнири за VI и VII, VIII и IX одд. Натпревари организирани од општина Центар |
| | | | **Здружение училишен спортски клуб „К.Г.СПОРТ“-Скопје**<br>Регистриран во 2024 година<br>Дејности на спортски клубови | | |
| | | | Одговорно лице : Емилија Јаничиќ<br>Тим за следење и реализација :<br>Предраг Трајковски,Николче Тодоровски,Јане Стојков и Ѓорѓи Ристески | | |

| Активност | Носители на активности | Инструменти | начин на спроведување / ресурси | Очекувани резултати | Потребен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| Спортска игра - фудбал (сите заинтересирани ученици од I до IX одд.) | - Наставници по ФЗО<br>- Ученици на возраст од I до V одд. и од VI до IX одд, | Фудбалска топка, фудбалски голови.<br>По одигру-вање на натпревари добивање на дипломи и пофалници | Информирање на заинтересираните и пријавување (на почеток на учебната година).<br>Обезбедување на термини во спортската сала<br>(2 термини неделно), во текот на целата учебна година | Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники | обезбедување финансирање:<br>членирина од учесниците во спортските школи,<br>спонзори и донатори,фи-нансирање од страна на родителите |

Забелешка: Со одлука на Владата на РМ, како и врз основа на член 15 од Законот за здруженија и фондации на РМ и член 34а од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование (Службен весник на РМ број 135 од 10.09.2014) за зголемување на бројот на учениците од основните училишта што ќе се занимаваат со спорт и спортски активности, оформен е и училишниот спортски клуб „К.Г.СПОРТ – Скопје“ со цел да ги анимира и ангажира учениците.

Училишниот спортски клуб К.Г.СПОРТ е регистриран во 2024 година. Клубот се активираше во учебната 2024/25 година, во времетраење од 1 час двапати неделно во секој од понудените спортови поединечно.

**Процедура на училишен спортски клуб „К:Г:СПОРТ“ – Скопје**

| Активност | Носители на активности | Целна група | Инструменти | Очекувани резултати | Потребен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање на учениците на почетокот на учебната година преку анкетни ливчиња и правење список на ученици | Наставници по ФЗО | Ученици од I до V одд. Ученици од VI до IX одделени | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците за понудените спортови и совладување на основните технички елементи | обезбедување на финансирање, спонзори, донатори, легати и членарини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| кои имаат интерес за вклучување во одреден спорт (развој на моторички способности и фудбал). | **Реализатори :** Емилија Јаничиќ Предраг Трајковски Николче Тодоровски Јане Тојков | | **Временска рамка** континуирано | | |

## Програма за училиштен спорт на учебна 2025/2026 година

| За надарени и талентирани ученици | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Носители на активности** | **Начин на спроведување-ресурси** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Временска рамка** | **Потребен буџет** |
| Општински натпревари во одбојка - девојчиња (селекција на ученички на училишните меѓу одделенски турнири во одбојка) | наставници по ФЗО ученици | Обезбедување на термини за сала и фудбалски терен, Обезбедување на лица за одржување ред | записници, извештаи, дипломи, медали | добар пласман | Емилија Јаничиќ | Според календарот за натпревари на општината | Финансиран од Општина Центар |
| Општински натпревари во фудбал- машки (селекција на ученици на училишните меѓу одделенски турнири во фудбал) | наставници по ФЗО ученици | Обезбедување на термини за сала и фудбалски терен,Обезбедување на лица за одржување ред | записници, извештаи. дипломи, медали | добар пласман | Николче Тодоровски Јане Стојков | Според календарот за натпревари на општината | Финансиран од Општина Центар |
| Општински натпревари ракомет - машки (аналитичка листа за следење на час по ракомет) | наставници по ФЗО ученици | Обезбедување на термини за сала и Обезбедување на лица за одржување ред. Техничка поддршка (соработка со новинарска секција) | записници, извештаи. дипломи, медали | добар пласман | Предраг Трајковски | Според календарот за натпревари на општината | Финансиран од Општина Центар |
| Општински натпревари во кошарка- машки | наставници по ФЗО ученици | Обезбедување на термини за сала и Обезбедување на лица за одржување ред. | Записници, извештаи. Дипломи, | добар пласман | Предраг Трајковски | Според календарот за натпревари | Финансиран од Општина Центар |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (аналитичка листа за следење на час по кошарка) | | Техничка поддршка (соработка со новинарска секција) | медали | | | на општината | |
| Меморијален турнир по кошарка - Лука Кртов | наставници по ФЗО ученици | Обезбедување на термини за сала и Обезбедување на лица за одржување ред. | Записници, извештаи. Дипломи, медали | добар пласман | Предраг Трајковски Ѓорѓи Ристевски | Април-мај | Финансиран од Општина Центар |
| Општински турнир во шах | наставници по ФЗО ученици | Техничка поддршка (соработка со новинарска секција) | извештаи | добар пласман | Николче Тодоровски | Мај | Финансиран од Општина Центар |
| Учество на крос во организација Општина -Центар (Селекција на ученици на меѓуодделенски натпревари во истрајно трчање) | наставници по ФЗО ученици | Техничка поддршка (соработка со новинарска секција | стандардизирани тестови | добар пласман | Предраг Трајковски | октомври ноември | Финансиран од Општина Центар |
| Пријателски натпревари во дадени спортови | наставници по ФЗО ученици | техничка поддршка (соработка со новинарска секција) | извештаи | добар пласман | Предраг Трајковски Емилија Јаничиќ Николче Тодоровски Јане Стојков | Спрема календарот (договорно) | |
| Лига на натпревари во Федерација на училиштен спорт во дадени спортови општински Зонски градско и државно Од VI/VII одделение Од VIII и IX одделение | наставници по ФЗО ученици | обезбедување на финансиски средства за патни трошоци (соработка со родители) | извештаи | добар пласман | Предраг Трајковски Емилија Јаничиќ Николче Тодоровски Јане Стојков | Според календарот на Сојузот на училиштен спорт | |
| Учество на Државен крос | наставници по ФЗО ученици | техничка поддршка (соработка со новинарска секција | стандардизирани тестови | добар пласман | Предраг Трајковски | март, април | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на државен натпревар во пливање | наставници по ФЗО ученици | обезбедување на финансиски средства за патни трошоци (соработка со родители) | записници, извештаи. дипломи, медали | добар пласман | Предраг Трајковски | Мај | |

## 9.2 Акции

Акциите се вонннаставни активности кои можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер. Тие се организираат во самото училиште (во една паралелка, група ученици од една година/одделение или учествуваат ученици од целото училиште). Некои акции се насочени и кон заедницата и опфаќаат активности што се реализираат надвор од училиштето, а во некои акции се вклучуваат и други надворешни лица. Во нашето училиште постојат тимови кои во своите програми и акциони планови планираат акции како на пр: приредби, базари, случувања, хуманитарни и еколошки акции, конкурси и сл.

Тим за соработка со локалната средина и локалната заедница (**ПРИЛОГ БР.37)**

Тим за организација на јавна и културна дејност во училиштето. Цел на тимот: развивање творечки способности кај учениците, афирмација на училиштето и успешна комуникација со јавноста (**ПРИЛОГ БР.39** )

Тим за соработка со родители/старатели. Цел на тимот: подобрување и продлабочување на соработката со родителите/старателите (**ПРИЛОГ БР.36)**

Црвен крст- Цел на тимот: создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочуство, толеранција и почитување, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

## 10 Ученичко организирање и учество

И оваа учебна година во училиштето се планираат активности кои ќе им овозможат активно демократско учество на учениците во училишниот живот за сите работи што ги засегаат и се од нивни интерес. Ова подразбира:

Обезбедување на атмосфера и услови што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење без никакви последици.

Градење механизми и процедури што ќе им овозможат на учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето со јасно видливи резултати од тоа влијание. На учениците ќе им се овозможи да ги остваруваат своите интереси преку партиципирање во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со: наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните.

За организирано учество и успешно остварување на интересите, според Законот за основно образование учениците имаат право да се организираат во ***заедница на паралелка*** **и во** ***ученички парламент***.

**Заедница на паралелката** - Учениците имаат право на организирање на ниво на паралелка во заедница на паралелката. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката. Демократската процедура за избор на претседател и заменик претседател на паралелката се спроведува во текот на месец септември на одделенските часови. Најнапред пријавените кандидати кои треба да ги задоволуваат критеримите за избор, доставуваат пријава, мотивационо писмо или потписи за поддршка. Изборот се врши преку тајно гласање, за избран претседател се смета кандидадот кој има освоено најголем број на гласови од вкупниот број на ученици од паралелката, а за заменик претседател следниот кандидат со најголем број на гласови. Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката, се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на: прослави и манифестации, екскурзии, еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми.

Заедниците на паралелките се состануваат минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката. На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот.

Програма за работа на заедницата на паралелката е дадена во (**ПРИЛОГ БР.15)**

**Ученички парламент**

Ученичкиот парламент е организација на учениците од I до IX одделение и има за цел да ги промовира интересите на училиштето, учениците и активно да учествува во Училишниот живот. Исто така учениците соработуваат со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, локалната

самоуправа и многубројни институции. Целта е да се подобри квалитетот на учењето, да стекнат позитивни и здрави навики на живеење и однесување, другарување, почит и хуманост. Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а негови членови се претседателите на заедниците на паралелките паралелките во училиштето, кои се бираат на период од една учебна година.

Првата конституитивна седница на ученичкиот парламент ја отвара директорот на училиштето, кој ги известува за нивните надлежности, права и обврски, со што ќе даде насоки за начинот на комуникација со тимот за поддршка на ученичкото учество и организирање и училишните органи и тела. На конститутивната седница се спроведува постапката за избор на претседател на ученичкиот парламент. Секој претседател на заедницата на паралелката има можност да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент со поднесување на пријава до директорот на училиштето. Изборот се врши преку тајно гласање, а за избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број на гласови од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките.

За поефикасно функционирање на ученичкиот парламент се врши избор и на заменик-претседател и секретар на парламентот, координатори на одделение и координативно тело на ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент работи на седници кои се одржуваат минимум еднаш во текот на месецот, а ги свикува по писмен пат претседателот на парламентот. Во својата работа ученичкиот парламент поддршка добива од Тимот за поддршка на ученичкото учество и организирање

Програма за работа на ученичкиот парламент е дадена во **(ПРИЛОГ БР.15)**

### Ученички правобранител

Во училиштето е воспоставена институцијата ученик правобранител и заменик ученик правобранител. Ученичкиот правобранител е ученичка функција и должност, која претставува нов модел на ученичко учество, многу значаен за заштита на детските права во училиштето. Програма за работа на ученикот правобранител е дадена во (**ПРИЛОГ БР.15)**

# 11.Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии

Во оваа учебна година планирани се две еднодневни рекреативни излети за учениците од I до IX одделение - есенска и пролетна. За проширување и продлабочување на знаењата на учениците ќе се организираат наставни екскурзии низ Р.С. Македонија кои се во функција на наставата со учениците од III, V, VI и IX одделение согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии (еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение тридневна екскурзија за учениците од IX одделение).(**ПРИЛОГ БР.21)**

| Екскурзии / Излети | Време на изведување * | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | Септември/октомври-2025 год. | Градски парк | **I-IX одд.** |
| **Еднодневен пролетен излет** | Мај-2026 год. | Сарај<br>Лешок | **I-III одд.**<br>**IV - IX одд.** |
| **Еднодневна научна –рекреативна екскурзија** | Мај-2026 год. | Лешок | **III одд.** |
| **Настава во природа** | Мај-2026 год. | Охрид | **V одд** |
| **Дводневна екскурзија низ Источниот дел на Р.С. Македонија** | Мај-2026 год. | Крушево | **VI одд.** |
| **Тродневна екскурзија** | Октомври-2025 год. | Охрид | **IX одд.** |

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности

Голем број ученици од нашето училиште се вклучени во вонучилишните активности. На почетокот на годината секој одделенски и предметен раководител ќе спроведе анкета на која учениците ќе се изјаснат за нивното учество во вонучилишните активности, а потоа училиштето ќе изготви листа на податоци со бројот на вклучени ученици во вонучилишните активности.

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Учениците од нашето училиште ќе учествуваат на ученичките натпревари кои ќе бидат организирани од страна на општината, градот, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште, тековно од страна на наставниците како ментори. Учеството на натпреварите е според афинитетот и способностите на ученикот. Ученичките натпревари влијаат врз зголемување на интересот на учениците кон слободните активности, придонесуваат да се развива натпреварувачки дух, да се зближуваат учениците од разни средини. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се прошируваат ученичките знаења.

Учениците имаат можност да учествуваат на:

а) Училишни натпревари - Овие натпревари се наменети за учениците од IV - IX одделение по сите наставни предмети.

б) Општински, градски или регионални натпревари - Училиштето ќе учествува на сите натпревари кои ќе бидат организирани од страна на акредитираните здруженија на професори. На овие натпревари ќе земат учество учениците кои покажале подобри резултати на училишните натпревари.

в) Државни натпревари - Учеството на учениците на државните натпревари зависи од резултатите постигнати на регионалните натпревари.

г) Ликовни, литературни и други конкурси – Наставниците и учениците ќе учествуваат на разни конкурси кои ќе бидат објавувани во текот на учебната година на национално или меѓународно ниво.

д) Музички смотри – Хорот и оркестарот ќе учествуваат на општинските/регионални/ државни музички смотри.

ѓ) Спортски натпревари – Училишните спортски тимови ќе учествуваат на спортските натпреварувања што се организираат секоја година на ниво на општина.

е) Меѓународни натпревари – Учеството на учениците на меѓународните натпревари зависи од резултатите постигнати на државните натпревари

Со цел да се поттикне интересот на учениците за учество на ученичките натпревари планираме:

Осмислена организација и коректна реализација на училишните натпревари.

Определување на квалитетни наставници за ментори.

Давање на соодветна стручна помош или друга помош.

Доследно спроведување на критериумите за наградување на ученик или група ученици.

Во организацијата и спроведувањето на натпреварите се вклучуваат сите наставници чии ученици учествуваат на соодветниот натпревар.

***Програмата е дадена во (ПРИЛОГ БР. 22)***

## 13. Унапредување на мултикултурализмот

Во нашето училиште мултикултурализмот е застапен во наставните содржини во редовна настава, во содржините од програмата „Животни вештини“ како и во програмата за Час на одделенска заедница. И покрај тоа што во нашето училиште учат многу мал процент на ученици од други етникуми, наставниот кадар ќе ги спроведува содржините во потребниот обем и во сите видови настава и воннаставни содржини и во сите сфери на работата на училиштето.

Активностите за меѓуетничка интеграција на младите во образованието како трајни вредности ќе се реализираат самостојно и со партнерското училиште, како и содржини на таа тема ќе бидат застапени при реализација на наставните предмети во учебната 2025/2026 година.
Училишниот тим одговорен за оваа компонента, изготви План за реализација на меѓуетничка интеграција на младите во образованието во редовната, воннаставните и вонучилишните активности, со цел меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите. Исто така училиштето соработува со друго училиште од регионот и ќе се реализираат активностите со ученици и наставници.

***Планот е даден во (ПРИЛОГ БР.23)***

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

| Име на проектот | Во соработка со | Целта на проектот (стратешка цел) | Исходите од проектот |
|---|---|---|---|
| **Компостирање во училиште за здрава животна средина** | Фонд за иновации | Да се прошири и активно користи процесот кој управуван од човекот, всушност, го забрзува начинот на кој природата рециклира. Она што на крајот ќе се добие е компост. Тоа е биотермички метод на разградување на органските материи до состојки кои се безопасни за човекот и околината. | Поттикнување на свеста кај учениците за правилно и рационално користење на органскиот отпад (зеленчук, овошје и слично). |
| **Градиме мостови со Лего и Микробит** | OSCE | Запознавање и почитување на културата, традициите и јазикот националностите преку развивање на критичкото размислување | Почитување на различностите, развивање и јакнење на толеранцијата и соживотот |
| **Сообраќајни патроли** | во соработка МВР и Општина Центар | Да се оспособува за безбедно учество (движење) во сообраќајот; да ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи во реални ситуации | Развивање и јакнење на сообраќајната култура од најмала возраст |
| **Меѓуетничка интеграција на младите во образованието** | МОН и Општина Центар | Запознавање и почитување на културата,традициите и јазикот националностите | Почитување на различностите, развивање и јакнење на толеранцијата и соживотот |
| **Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем** | МОН | Развивање на еколошки навики и вредности од најмала возраст | Формирање индивидуи со изградени еколошки ставови и култура, кое води кон унапредување на животната средина преку нивните соодветни одлуки и постапки |
| **Дејствувај за подобро орално здравје** | Стоматолошки факултет и општина Центар | Развивање на основни хигиенски навики,грижа за хигиената на забите уште од најмала возраст | Развивање на стоматолошката хигиена уште од најмала возраст |
| **е - Твининг** | Национална агенција за образовни | Почитувањето на културниот дверзитет придонесува за јакнење на културниот идентитет и заемно разбирање. | Ученикот го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | програми и мобилност | | култура туку и низ перспектива на други култури. Комуницира и соработува со ученици од други земји преку проектни активности како дел од еТвининг-  Европска платформа за учење. |
| **Еразмус + GiftiN** | Национална агенција за образовни програми и мобилност | Талентираните ученици да ја добијат поддршката и можностите што им се потребни за да напредуваат, а воедно ги опремуваат едукаторите со алатки и знаење за ефикасно да ги задоволат нивните уникатни потреби за учење. | Развивање на ученичките потенцијали |
| **Еразмус + Диги Медиа** | Национална агенција за образовни програми и мобилност | Развивање на способност за дивергентно размислување, критичко согледување и негување на детската оргиналност и иницијативност,развивање на дигитаталната писменост | стимулирање на развојот на личноста на детето и неговата интелектуална љубопитнот |
| **За да се развива детскиот ум, потребно е прво да се засади семе** | Фонд за иновации | Со ботаничката градина ќе се овозможи сите услови кои се предмет на истражување лесно да се променуваат и со тоа да се тестира  и докажува нивното значење за растот на растенијата.<br>Учениците прават истражување на интернет и од стручна литература за факторите кои се клучни за раст на растенијата. | допринесување да се заштити животната средина, производство за подобрување на условите за раст со цел зголемен принос на лековитите билки.<br>Исто така во овој проект преку инклузија на лица со попреченост, би се делувало и мултидисциплинарно. Лицата со посебни образовни потреби, заедно со останатите ученици би се вклучиле во активности според своите можности и способности |
| **Зелени пораки за Зеленодонија** | Фонд за иновации | Да стекнуваат знаења дека рециклирањето е модерен процес кој не придвижува поблиску кон заштитувањето и унапредувањето на животната средина преку креативно создавање и поврзување на важноста од присутноста на различностите како и за важноста на зачувувањето на животната средина и биодиверзитет | Идејата е со подарување на ученички креативни изработки да се промовира и поттикнува еколошката активност без разлика на различностите и возраста сите заедно да создадеме поздраво и поубаво место за живеење. |

# 15.Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Постигнувањата на учениците се составен дел на извештаите за успехот кои редовно се следат, бележат и се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Предлози во правец на подобрување на успехот ќе даваат и одделенскиот и наставничкиот совет како и советот на родители. Наставничкиот кадар и стручната служба водат целосна и уредна документација која се однесува на напредокот и постигнувањата на учениците во текот на учебната година по класификациони периоди.

Стручните соработници вршат анализа на успехот по предмети, паралелки и советодавна консултативна работа со учениците на квартално ниво, како и давање поддшка на учениците со посебни образовни потреби. Сите активности се вршат со цел подобрување на постигнувањата на учениците и давање поддршка на учениците за подобрување на резултатите по предмети, паралелки и на индивидуално ниво.

| **Цел: Давање поддршка на ученици за подобрување на резултатите** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активност** | **Време на Реализација** | **Носител** | **Ресурси** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| **Идентификување на причините за намалениот успех на учениците вклучително и учениците со ПОП од паралелка** | Електронско анкетирање на сите ученици вклучително и учениците со ПОП од паралелка за дентификување на причините за намалување на успехот<br>Анализа на резултатите од анкетат | По завршување на секој квартал | Дефектолог ИТ | Анкета за идентификување на причините за намалување на успехот | Идентификувани објективни и субјективни причини за намелен успех кај учениците вклучително и учениците со ПОП од паралелка | Стручни соработници |
| **Градење стратегија за подобрување на успехот на учениците вклучително и учениците со ПОП** | Избор на стратегии во насока на унапредување на успехот на учениците и комуникацијата У-Н-Р вклучително и учениците со ПОП о паралелка | По завршување на секој квартал | Дефектолог ИТ | Презентации, работилници, дебати за примена на соодветни техники, методи во насока на унапредување на успехот наpучениците и комуникацијата Н-Р вклучително и учениците со ПОП | Учениците применуваат методи и техники за успешно совладување на наставното градиво | Стручни соработници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Споредба на успехот по предмети со претходниот период (квартал)** | Спроведување на компаративна анализа на успехот по предмети за секој квартал | По завршување на секој квартал | Одделенски и предметни наставници | Прегледи- компаративна анализ | Согледување на фактичката состојбата и ревидирање на истата | Одделенски и предметни наставници Стручни соработници |
| **Поддршка на наставникот за подобрување на успехот** | Давање поддршка за Примена на методи и техники кои ја зголемуваат мотивацијата на учениците на наставниот кадар за подобрување на нивниот успех | Континуирано | Одделенски и предметни наставници | работилници, дебата, дискусии, стручна литература Презентации за техники, методи за унапредување на успехот и комуникацијата | Зголемена мотивација за учење кај учениците | Одделенски и предметни наставници Стручни соработници |
| **Поддршка на наставникот за подобрување на успехот** | Електронско анкетирање на сите ученици вклучително и учениците со ПОП од паралелка за ефектите од спроведените стратегии. Разгледување, анализирање и изведување заклучоци и предлози за подобрување на стратешката це | По завршување на полугодието и годината | Одделенски и предметни наставници | Анкета Прегледи Извештаи | Зголемен успех кај учениците вклучително и учениците со ПОП | Одделенски и предметни наставници Стручни соработници |

## Преглед на успехот на крајот од учебната 2024/2025 година

| Одделение | Број на ученици | Број на ученици според постигнатиот успех | | | | Број на ученици со слаби оценки | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлични | Мн.добри | Добри | Доволни | Со 1 сл | Со 2 сл | Повт. Год. | Неоценети | |
| I | 113 | Учениците се описно оценети | | | | | | | | |
| II | 103 | | | | | | | | | |
| III | 110 | | | | | | | | | |
| IV | 118 | 118 | / | / | / | / | / | / | / | 4,98 |
| V | 113 | 113 | / | / | / | / | / | / | / | 4,96 |
| VI | 89 | 87 | 2 | / | / | / | / | / | / | 4,93 |
| VII | 61 | 60 | 1 | / | / | / | / | / | / | 4,93 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | 49 | 45 | 3 | 1 | / | / | / | / | / | 4,76 |
| IX | 57 | 50 | 5 | 2 | / | / | / | / | / | 4,78 |
| **IV-IX** | **487** | **473** | 11 | 3 | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,90** |
| **I – IX** | **813** | **473** | **11** | **3** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,90** |

**Среден успех по учебни години на ниво на училиште**

| **Среден успех** | **Крај на учебната година** | | |
|---|---|---|---|
| | **2024/25** | **2023/24** | **2022/23** |
| | **4,90** | **4,90** | **4,92** |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. Ќе се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Ќе се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование. Според Законот за основно образование и Годишната програма за работата на училиштето, изготвена е програма за Професионалната ориентација. Основното образование, како комплексна, перманентна и општествено организирана дејност, му помага на поединецот во избирањето на професијата и занимањето, а потребите налагаат професионалната ориентација да биде присутна од почетокот на школувањето на учениците.

| Активности од професионална ориентација | Целна група | Ресурси | Реализатори /соработници | Време |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на тим за професионална ориентација | Ученици од VII и IXодд. | Стручна служва, наставници | Психолог, наставници | септември |
| Ликовно творештво на тема: Моето идно занимање | Ученици од VII и IXодд. | Хартија, прибор за цртање | Психолог, наставници | октомври |
| Работилница „Мојата идна професија” | Ученици од VII и IXодд. | Стручна литература, хартија, прибор за пишување и цртање | Психолог, наставници | ноември |
| Информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час | Ученици од IXодд. | Конкурсот од МОН | Стручна служба | март |
| Спроведување на прашалник за Професионални интереси | Ученици од IX одд. | Прашалник за професионални интереси | Стручна служба | април |
| Писмен состав на тема: „Сакам да бидам“ | Ученици од IX одд. | ученици | Стручна служба<br>Наставници по македонски јазик | октомври |
| Советодавна работа со ученици и родители околу изборот на средно образование | Ученици од IX одд. | Конкурсот од МОН и резултати спроведен тест или прашалник | Стручна служба | мај |
| Презентација од средните училишта | Ученици од IX одд. | Конкурсот од МОН | Професори од средни училишта | мај |
| Поставување на Конкурсот за запишување во средните училишта на огласна табла | Ученици од IX одд. | Плакати, флаери | Стручна служба | мај |

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно-образовните институции е сеопфатен и сложен процес во кој треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето, децата/ученици, родители/старатели, како и локалната заедница и институциите. Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците, што претставува повреда на основните детски права.

**Првата цел е превенција на насилно однесување во училиштето односно** мерки и активности за создавање на безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување пропишани преку Статутот и интерни акти во училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување (кодекс на однесување на учениците во училиштето, протокол за справување со насилничко однесување).

За спроведување на оваа цел, планирани се следниве активности:

- презентирање на Кодексот на однесување на учениците во училиштето, Правилникот за изрекување на педагошки мерки пред учениците и родителите и усвоената постапка за справување со насилничко однесување
- објавување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и протоколот за справување со насилничко однесување на веб-страницата на училиштето
- на секое ново вработено лице му се доставува Протокол за справување со насилничко однесување
- зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство преку вклучување на експерти од областа со свои предавања и обуки едукативни работилници/презентации/предавања за родители за сите видови на насилство од прво, второ и трето ниво.

**Втората цел се однесува на препознавање на насилството и детекција на учениците кои вршат насилство.**

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

- препознавање на насилното однесување преку набљудување на промени кај учениците – физички емотивни, промени во однесување
- распоред со дежурства на наставници на критични точки во училиштето
- анонимна анкета за детекција на видови насилство во училиштето и ученици кои вршат насилство поставување на кутија за анонимно пријавување
- поставени камери во холови и ходници ангажирано обезбедување
- соработка со надлежни институции: МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи, Народен правобранител.
- утврдена постапка за пријавување на насилно однесување
- превземање активности за прекин на насилното однесување и обезбедување сигурност на ученикот

**Третата цел на програмата опфаќа заштита и промена на однесувањето на ученикот сторител**.

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

- евиденција на учениците кои вршат насилство
- формирање на Тим за поддршка на ученикот
- советодавна работа, психо-социјална помош и следење на ученикот сторител советодавна-консултативна работа со родителот

- изрекување на педагошка мерки
- вклучување на претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, здравствени установи по потреба.

**Четвртата цел на програмата опфаќа психо-социјална помош и заштита на ученици кои се жртви на насилство**.

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

- евиденција на учениците кои се жртви на насилство, пријавување во Меѓуопштински центар за социјална работа, советодавна работа, психо-социјална поддршка и следење на учениците жртви на насилство, вклучување на надлежни институции по потреба. Реализатори на оваа програма се одделенските и предметните наставници, стручните соработници и Директорот, а одговорно лице за следење е координаторот на тимот за промоција на добро состојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.

Програмата е дадена во (**ПРИЛОГ БР.27)**

# 16. Оценување

Следењето и проверувањето на напредокот и Постигнувањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигнувањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5). Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигнувањата на учениците во училиштето се оценуваат **описно** и **бројчано** согласно законската регулатива. Од I до III одделение оценувањето е описно. Од IV – VI одделение постигнувањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – тримесечја описно, на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од VII- IX одделение се оценуваат бројчано.

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигнувањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП, оценувањето се врши согласно ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење. Во првиот воспитно-образовен период (I-III одделение), постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот воспитно-образовен период (IV- VI и VII-IX одделение) постигнувањата на учениците кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот/старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечје, прво полугодие, трето тримесечје и крај на наставната година преку доставување на евидентни листови.

Секој наставник пред почетокот на учебната година изработува план за писмено оценување на учениците имајќи ги предвид законските ограничувања.

Во рамките на годишното, тематското и дневното планирање секој наставник го планира формативното и сумативното оценување.

Оценувањето на постигнувањата на учениците ќе се следи и преку посетите на часови и увид во дневните подготовки од страна на стручните соработници и директорот.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката ќе биде должен да го извести родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на

успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

Основното училиште ќе има обврска за ученикот кој побрзо напредува да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети. **Прилог бр.28**

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење анализа и поддршка ќе го сочинуваат: стручни соработници, двајца предметни наставници и двајца одделенски наставници. Тимот ќе работи според програма која ќе ја изготви во месец септември, а која ќе содржи активности насочени кон поддршка на учениците во постигнување на подобри резултати.

Во текот на учебната година, тимот ќе прави анализа на состојбите со оценувањето преку користење на инструменти за прибирање податоци, а ќе изготвува и извештаи за постигнувањата кои ќе бидат јавно презентирани пред наставниците.

Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на Директорот, како и од страна на Бирото.

Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и Постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во согласност со модерните трендови во наставата, а со цел подобрување на квалитетот на истата, неминовна е потребата од следење на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар. Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручните соработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови начини преку кои може да се види истата. Насоките за следење на квалитетот на работата го врши директорот и стручните соработници кои имаат за цел да придонесат поквалитетна настава во самото училиште.

Врз основа на во состав на својата Годишната програма има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати во годината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид кај секој наставник во наставата. Увидите имаат за цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата .

Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива во рамките на три подрачја:

- Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
- Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
- Следење на реализацијата на вонначставните активности

**(Прилог бр.29)**

| План за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на следење** | **Увид во :** | **Време на реализација** | **Кој се следи** | **Кој следи** | **Очекувани резултати** |
| Следење – вид на планирање | Годишни планирања | август/септември | одделенски и предметни наставници | директор педагог | Квалитетно изработени годишни планирања на наставниците |
| | Долгорочен ИОП | септември | одделенски и предметни наставници | дефектолог | Квалитетно изработени долгорочни ИОП-и за учениците со ПОП.<br>Искористување на максималниот потенцијал кај ученикот. |
| | Тематски планирања | август/септември | одделенски и предметни наставници | директор дефектолог педагог | Квалитетно изработени тематски планирања на наставниците |
| | Среднорочен ИОП | Во текот на учебната година | одделенски и предметни наставници | дефектолог | Квалитетно изработени среднорочен ИОП-и за учениците со ПОП.<br>Подобрување на постигнувањата кај ученикот со ПОП |
| | Дневни Планирања | Трета седмица од септември/ноември/ февруари/април | одделенски и предметни наставници | директор педагог дефектолог | Квалитетно изработена дневна подготовка |
| | Краткорочен ИОП | Во текот на учебната година | одделенски предметни наставници | дефектолог | Конкретизирани соодветни диференцирани цели, исходи и активности во рамките на дневна подготовка.<br>Поквалитетно планирање на индивидуалниот пристап.<br>Подобрување на постигнувањата кај ученикот со ПОП. |
| Следење во реализација на планирањата | На наставен час | Трета седмица октомври/декем ври/март/мај | Одделенски и предметни наставници | директор педагог дефектолог | Квалитетно реализирани наставни часови врз основа на годишните, тематските планирања и дневните, организиран и опремен простор за учење, позитивна атмосфера и вземна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | комуникација, употреба на различни форми, методи, техники на работа, ресурси, примена на ИКТ, развој на критичко мислење, примена на различни техники на оценување. |
| Следење на реализација на вонаставни активности | Вршење увид во планирани и реализирани вонаставниактивности (екскурзии, планирани посети, манифестации, натпревари, проекти) | На крајот од секој месец и почетокот на наредниот месец, полугодишно и крај година | сите наставници од одделенски и предметни наставници | координатор на тим директор педагог дефектолог | Успешно реализирани вонаставни активности со вклученост на сите структури<br>Вклученост на учениците според пол, националност и ПОП |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето се изработи на крајот од наставната 2024/2025 година и ги опфати учебните 2023/2024 и 2024/2025 година. По спроведената самоевалуација, училишната комисија даде извештај во кој се детектирани клучните јаки страни во работењето на училиштето и слабите страни. За надминување на слабите страни, комисијата даде насоки за подобрување и унапредување на квалитетот во работењето на училиштето и унапредување на воспитно-образовната работа.

**Клучни јаки страни:**

● Училиштето го има обезбедено сите наставни планови и програми на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Истите се реализираат во пропишаниот обем.

● Секој наставник индивидуално има изработено ИОП и Модифицирана програма за учениците со посебни потреби во соработка со дефектологот во училиштето.

● Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата.

● Во училиштето се применуваат разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини.

● Училиштето води грижа за родовата и етничка поделеност.

● Наставниот кадар системски и со користење на разновидни техники ги препознаваат и водат грижа за образовните потреби на секој ученик, преку реализација на задолжителната настава,додатната и дополнителна настава и вонаставните активности.

● Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.

- Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.
- Училиштето негува позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите.
- Во училиштето постои процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби.
- За учениците со ПОП училиштето има обезбедено сензорна соба
- Во училиштето се применуваат иновативни и современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржина.
- Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат и соработуваат.
- Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво.
- Училиштето има прилагоден пристап за лица со телесни пречки, инфраструктурата во училиштето и дел од просториите се специјално опремени за нивно користење.
- Училиштето располага со адекватни простории и училници. Планот на училишната зграда е според сите стандарди.
- Училиштето располага со стабилен интернет.
- Училиштето овозможува професионален развој на кадарот.

**Слаби страни** :

- Недоволна иницијативност и предлози од страна на учениците за вклучување во воннаставните активности и подобрување на работата на училиштето.
- Недоволна иницијативност и предлози од страна на родителите за вклучување во воннаставните активности и подобрување на работата на училиштето.

**Предлог мерки:**

- Потребно е поактивно вклучување на родителите во организација и реализација на разни манифестации и хуманитарни акции за собирање и донирање средства.
- Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на училишниот парламент при реализацијата на воннаставните (слободни) и вклученост на родителите во вонучилишни активности.

**(Прилог бр.30)**

## 17. Безбедност во училиштето

Во учебната 2025/2026 година се продолжува со реализација на превентивни активности за оптимални безбедносни услови за престој и работа, како и обуки на учениците и вработените за ефикасно постапување во случај на незгоди. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **Правилник за заштита од пожари** и **експлозии** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- **Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на евакуација.
- **План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.**
- **Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица** и **Куќен ред.**
- **Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиште.**
- **Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување.**
- **Распоред на дежурства на наставниците** истакнат на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се води грижа за безбедноста на учениците.
- **Физичко обезбедување и видео надзор.**
- **Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница: Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Беко, Општина Центар, Центарот за социјални грижи. Во случај на пријава за насилство, училиштето постапува според Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување издадено од МОН.Одговорно лице за спроведување на протоколот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување е Марина Стојановска-педагог , а нејзин заменик Дијана Митевска – психолог.**

## 18. Грижа за здравјето

Целта на активностите од ова подрачје е да се оспособуваат учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

**Програмски содржини:**

- одржување на хигиената во училиштето;
- редовни систематски прегледи и вакцинации;
- стоматолошки прегледи;
- организирана исхрана на учениците;
- реализација на едукативни предавања од областа на здравственото воспитување;
- Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител и слободните активности, како и во соработка со Детската поликлиника Бит-пазар, со Центарот за говор и слух, со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, со Заводот за ментално здравје на деца и младинци и МКФ.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето и оваа учебна година ќе води грижа за хигиената во Училишниот објект. Во текот на годината, во училиштето ќе се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Завод за здравствена заштита Скопје. По потреба, во случај на епидемија, постапките можат и да се повторат. Ходниците, тоалетите, училниците, ќе се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена и ќе се дезинфицираат. Средствата за одржување на хигиената се чуваат и потреба се доделуваат од страна на домаќинот на училиштето. Ходниците се чистат редовно во текот на денот. Подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот. Генерално чистење ќе се изведува за време на зимскиот распуст и за време на летниот одмор.

Во текот на годината – континуирано, за време на училишните акции – Ден на екологијата, Ден на планетата Земја, учениците и вработените ќе се организираат за чистење на училиштето и дворната површина околу него. Дворното место – зелената површина во училишниот двор ќе се одржуваат секојдневно од страна на техничкиот персонал, учениците и наставниците.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематски прегледи посветени за грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во соработка со Поликлиника Бит пазар и Поликлиника Идадија на Здравствен дом – Скопје, преку реализирање на превентивни стоматолошки зафати и едукативни предавања. Родителите на учениците и одделенските раководители се навремено известени при секој систематски и стоматолошки преглед.

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците ќе се реализира и преку навремено примање на задолжителни вакцини согласно календарот за имунизација и вакцинација.

### 18.3. Вакцинирање

Во соработка со Поликлиника Бит пазар - Скопје се спроведува вакцинирање на учениците според Календарот за имунизација од Министерство за здравство, во просториите на Поликлиниката, при што родителите на учениците и одделенските раководители се навремено известени при секое вакцинирање**.**

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Ваква едукација ќе вршат наставниците преку теми и содржини интегрирани во наставниот план и програма и одделенските раководители преку темите за часовите на одделенските заедници и од програмата за животни вештини и педагогот со предавање на тема „Здрава храна за правилен раст и развој на учениците“.

Со цел да се поттикнат и мотивираат учениците за здрав живот, во училиштето ќе се води кампања за учениците за: здрава храна, физички активности, активности во периодот на детството. Преку Центарот за јавно здравје - Скопје, одделенските раководители, ќе се реализираат едукативни предавања за учениците.

Исто така и преку проектот *Еко училиште*, ќе се спроведуваат предавања на учениците за стекнување на здрави навики

**Заштита и унапредување на здравјето на учениците ќе се реализира преку предавања и тоа:**

| Теми на предавање | Одд. | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| Безбедност во сообраќајот | II, IV | 10.2025 | МВР |
| Залевање на забите и нивна заштита | I | 10.2025 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Правилна исхрана и контрола на внес шеќери | IV<br>I | 11.2025<br>12.2025 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Правилна исхрана и орална хигиена | I<br>IV | 02.2026<br>03.2026 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Редовна посета на стоматолог и употреба на флуорид во превентивни цели | I<br>IV | 04.2026 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |

Во училиштето ќе се реализираат активности со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигнување на свеста и училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите.

***Програмата е дадена во (ПРИЛОГ БР.38)***

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисципина

* Се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица.
* Одговорните наставници на активи по одделенија изготвуваат месечни планирања на дежурствата со кои е покриен училишниот простор (ходници по катови, училиштен двор, дежурни наставници кои ги згрижуваат учениците од одделенска настава од завршување на наставата, до **17 часот**). Планирањата се истакнуваат на видно место во училиштето.
* Континуирано се работи со учениците за конструктивно решавање на сите училишни прашања (одделенските раководители, ученички парламент, стручни соработници, директор).
* Се планираат и применуваат форми и методи на активна настава со кои се унапредува работната атмосфера во училницата/мотивирачка и кооперативна.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат сите субјекти. Секој наставник пред својот кабинет или училница ќе го уредува паното според потребите и наставните содржини**.** На сите ходници пред секоја училница поставени се паноа на кои ќе се истакнуваат изработките од учениците.

При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите. Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, и се одржуваат поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците и родителите придонесуваат за убавиот изглед на училиштето. ***Програмата е дадена во( ПРИЛОГ БР.33)***

## 19.3. Етички кодекси

Во училиштето се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот. ***Правилникот е даден во (ПРИЛОГ БР.34)***

## 19.4. Односи меѓу сите структури

Во рамките на своите активности, стручната служба ќе организира индивидуални средби и разговори со вработените, родители, ученици за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани и разни начини на дружење и соработка. Нивото на соработка со родителите ќе го одржуваат сите наставници, а посебно одделенските соработници, со помош и поддршка на стручната служба и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени ќе го одржуваат наставниците исто така со помош и поддршка на стручната служба и директорот.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец август.
Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.
Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

### 20.2. Активности за професионален развој

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и зависно од можностите ќе бидат посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

### 20.3. Личен и професионален развој

На наставниците, стручните соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења секако ќе ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано и во сопствена режија.
Наставниците ќе изработуваат и личен план за професионален развој по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници.

### 20.4. Хоризонтално учење

Сите наставници или училишни координатори на проекти по посета на било која обука, ќе одржат дисиминација во училиштето. Сознанијата ќе се споделуваат и на стручните активи и отворените часови. За таа цел ќе бидат изработени акциски планови од страна на сите оние кои ќе ги презентираат содржините пред останатите наставници.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

Во нашето училиште, тимската работа е силна страна на училиштето. Истата ќе продолжи и понатаму да се гради и надоградува преку повеќе форми на активности: соработка во рамките на активите, поттикнување на почитување и флексибилност преку индивидуални и групни средби со вработените, учениците и родителите, како и редовно потсетување на кодексот на однесување и постоечките правилници во училиштето.(***ПРИЛОГ БР.35)***

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во училиштето континуирано ќе функционира Совет на родители кој ќе биде составен од еден член (родител) од секоја паралелка, по еден наставник од актив и стручна служба и ќе има изготвена програма за работа од страна на претседателот на Советот на родители. Оваа програма е предвидена со цел родителите организирано да делуваат во доменот на потребите на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на одлуки и решенија во интерес на подобрување на наставата во училиштето, организирање и усвојување на распоред за средби со родители, организирање на екскурзии и др. Овој Совет ќе заседава според потребите со изготвен дневен ред.

***Програмата за работа на Совет на родители е дадена во (ПРИЛОГ БР.9)***

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма со посочување линкови до истите, а за наставниот процес ќе ги информираме преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, преку стручната служба на училиштето и преку Е-дневникот. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата. Ќе се организираат работилници со родителите на учениците. Ќе помагаат при професионалната ориентација на учениците, на нови наставни содржини секој од областа на својата професија. ***(ПРИЛОГ БР.36)***

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираат предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично. Но од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично)**.** Подигање и развивање на педагошката култура на родителите ќе се врши преку организирање на стручни презентации и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.
Педагогот и понатаму ќе врши советувања за родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) ќе се одвива и од страна на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

Процесот на едукација на родителите/старателите во учебната 2025/26 година ќе се реализира прку одржување на работилници и предавања за

родители од страна на стручните соработници .

Планирани се следниве едукативни работилници:

| Активност | Цели | Време на реализација | Реализатори | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| **Предавање за „Превенција од насилно однесување во училиштето„** | Превенција од насилно однесување во училиштето | октомври | Педагог<br>Тим за ненасилно однесување | **-Лцд проектор<br>-Power point презентација** |
| **Предавање за „Ментално здравје кај учениците“** | Стекнување сознанија за важноста на менталното здравје кај учениците | ноември | Психолог | **Лцд проектор<br>Power point презентација** |
| **Сензитивизација кај родителите за учениците со ПОП** | Сензитивизација кај родителите на децата со типичен развој за учениците со ПОП | ноември | дефектолог | **ЛЦД проектор,<br>Power point презентација, Microsof** |
| **Предавање за стилови на родителство** | Запознавање со различните стилови на родителство кои постојат | октомври | Педагог<br>Психолог | **-Лцд проектор<br>-Power point презентација** |

***Изработка на брошура за родители***

Училиштето изработува брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница** ( локална самоуправа, бизнис заедница, месно население...)

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.

***Програмата е дадена во (ПРИЛОГ БР.37)***

**Институции од областа на културата**

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците. Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник. Кино и театарските претстави ќе ги организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците.

**Институции од областа на образованието**

Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со:

- БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и слично.
- Детските градинки во кругот на нашата населба, заради превземање ученици за прво одделение.
- Основните училишта од општината и пошироко, заради размена на информации и искуства и заемна помош во работата.
- Факултети, заради стручно усовршување, организирање натпревари, семинари и советувања.
- Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

**Невладини организации**

Во текот на учебната година Училиштето ќе биде отворено за соработка и со невладини организации како што се: Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

**Спортски друштва**

Во текот на учебната година Училиштето ќе ја продолжи соработката со КК „Работнички“ и други спортски друштва во кои членуваат нашите ученици, а тоа се:

- КК *Работнички*
- ЖРК Вардар
- К.К. *Вардар*
- *Таленти Handbool*
- К.Г.СПОРТ Скопје
- О.К.*Газели-Волеј*

**Здравствени организации**

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето во учебната 2025/26 година ќе соработува со следните здравствени организации:

1. Училишна амбуланта - Бит пазар
2. Стоматолошка ординација -Идадија
3. Центар за јавно здравје
4. Центар за социјални работи
5. Фонд за здравство
6. Завод за Ментално здравје
7. Осигурителни компании и др.

**Медиуми** (со цел на промоција на училиштето)

Со цел на промоција на училиштето во учебната 2025/26 година , планира да соработува со локални ТВ станици, локални радиостаници, весници, континуирано ажурурање на веб-страницата и др. Училиштето ќе формира тим одговорно лице за контакт со медиумите, кое ќе има за задача да организира настани и активности на разни теми со единствена цел промоција пред медиумите и јавност.

# 23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| **1. Обезбедување сигурна и безбедна средина, без насилство и штетни влијанија од пушење, алкохол и наркотични средства** | во текот на целата учебна година | директор, наставници, стручни соработници | директор, стручна служба и одговорни лица на тимови |
| **2. Унапредување на системот за превенција и справување при појава на насилство во училиштето.** | во текот на целата учебна година | директор, наставници, стручни соработници | директор, стручна служба и одговорни лица на тимови |
| **3. Преуредување на училишниот простор, за овозможување едносменска настава.** | во текот на целата учебна година | директор, наставници, | директор, одговорни лица на тимови |

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето ќе ги реализира и спроведува планираните активности, а воедно ќе врши следење и евалуација на акциските планови.

| **ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ 2025/2026 година** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Временска рамка (месец)** | | | | | | | | | | | | **Следење** | | | | | |
| **Активности од работатата на** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **очекувани резултати** | **одговорно лице** |
| Детска организација | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | Начинот на спроведување и потребните ресурси за активностите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Инструментите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Очекуваните резултатиза активностите се наведени во посебните акциони планови за работана тимовите | стручни соработници<br>директор |
| Тим за естетско уредување на училиштето и училишниот двор | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Ученичко-училишна заедница | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Стручен актив на одделенска и предметна настава | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за организирање на ученички екскурзии | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Црвен крст | | | | | | | | | | | | | претседаел на тим | | | | |
| Еко тим | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тим за подобрување на примената на стекнати знаења од обуките | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Програма за работа со надарени ученици | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за подобрување и продлабочување на соработката со родителите | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за професионален развој на наставниците во училиштето | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за меѓуетничка интеграција во образованието | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за превенција од насилното однесување во училиштето | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за следење анализа и поддршка на оценувањето | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за увид во педагошка евиденција и документација | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |

## 25. Заклучок

Ние сме модерно, современо и ефективно училиште, лидер во општината и во регионот, училиште кое ја негува својата култура и традиција, почитувајќи ги различностите, традициите на други култури и народи. Го поттикнуваме емоционалниот и социјалниот развој на учениците почитувајќи ги индивидуалните карактеристики на учениците, етничката припадност и родовата еднаквост. Нашето училиште го поддржува професионалниот развој на наставниците притоа обезбедувајќи задоволство и ефективност на сите вклучени во воспитно-образовниот процес. Овде учениците ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења, кои ќе ги применуваат во понатамошното школување и ќе придонесат за нивниот личен развој.

Продолжуваме со предизвикот за учење каде применуваме современи приоди, а вработените активно ќе се вклучат во реализацијата. Преку реализцијата на образовниот и воспитниот процес, ќе се грижиме за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците, вклучувајќи ги во работата на секциите, спортските клубови кои ги нуди училиштето и другите воннаставни активности. Со тоа ќе ја поттикнуваме и заедничката работа која придонесува за развивање на меѓусебна доверба и дружење на учениците во слободното време. Според афинитетите и способностите нашите ученици активно ќе учествуваат во сите натпревари кои ќе бидат организирани од страна на општината, градот, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште, тековно од страна на наставниците како ментори. Со тоа ќе го развиваме натпреварувачкиот дух, кој ќе придонесе за зближување на учениците од разни средини. Преку натпреварите се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се проширувааt ученичките знаења.

Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма со посочување линкови до истите, а за наставниот процес ќе ги информираме преку: Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, преку стручната служба на училиштето и преку Е-дневникот. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата, во давање на предлози во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата, промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со Наставниот план и програми.

Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.

Училиштето ќе ја продолжи успешната соработка со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладините организации преку разни проекти, хуманитарни акции и разни други активности. Ќе останеме секогаш транспарентни во нашето работење и отворени за соработка, постојано надополнувајќи го триаголникот **наставник-ученик-родител** без кој и не може да се замисли успешното функционирање на едно училиште.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Билјана Билбиловска – директор, Марина Стојановска – педагог, Дијана Митевска-психолог, Жана Шаркова – библиотекар, Сања П. Крстиќ – предметен наставник, Павлинка Цонева– предметен наставник, Анабела Арсовска – ученички правобранител.

## 27. Користена литература

- **Закон за основно образование на РСМ**
- **Годишен извештај за работа на училиштето 2024/25**
- **Кодекс на однесување на наставници и ученици**
- **Процедура за изрекување на педагошки мерки**
- **Записници од работа на наставничкиот совет**
- **Куќен ред**
- **Процедура и критериуми за оценување на наставници**
- **Педагошка евиденција на изречени педагошки мерки**
- **Евидентен лист за дежурен наставник**
- **Програма за продолжен престој**
- **Програма, акционен план и извештаи од Тим за превенција од насилство**
- **Листа за индивидуални средби**
- **Протокол за справување со насилно однесување**
- **Концепција за основно образование БРО, Скопје, 2021 г.**
- **Концепција за Инклузивно образование – МОН, Скопје, 2020 г.**
- **Концепција за воннаставни активности во основното образование – БРО, Скопје, 2020 г.**
- **Водич за работа на училишниот инклузивен тим – БРО, Скопје 2018 г.**
- **Прирачник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување во училиштата – Хера**
- **Упатсво за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство и злоупотреба – МОН, Скопје, 2021**

# ПРИЛОЗИ КОН ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

**ПРИЛОГ БР.1**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ
## ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитно- образовниот процес.

Директорот ја организира воспитно- образовната работа во училиштето.

Директорот како раководител во училиштето, глобално работи на: административно –организаторска и педагошко- инструктивна.

Директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органите на управување (Училиштен одбор, стручни органи, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

| | | |
|---|---|---|
| **А** | | **Административно-организаторска работа** |
| | I. | Административна работа |
| | II. | Организациско-техничка работа |
| | III. | Административно-правна работа |
| | IV. | Документација и евиденција |
| **Б** | | **Педагошко-инструктивна работа** |
| | I. | Концепциско – програмска |
| | II. | Следење на организацијата и реализацијата на наставно-образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето |
| | III. | Работа со наставници –педагошки увид во наставата |
| | IV. | Работа со стручни органи во училиштето |
| | V. | Работа со ученици и ученички организации |
| | VI. | Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | VII. | Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од училиштето |
| | VIII . | Перманентно стручно педагошко–психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар |
| | IX. | Работа со наставници и стручни соработници |
| | X. | Соработка со родителите на учениците |
| | XI. | Други работни задачи на директорот |

По потреба годишната програма за работа на директорот може да претрпи промени во зависност од актуелни тековни проблематики и информации од воспитно- образовната дејност.

## Оперативна програма за работа на директорот

| ВОДСТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **ред. Број** | **Програмска содржина** | **Период** | **Соработници** |
| **1** | Изготвување на годишна програма за работа на директорот | јули, 2025 | Стручна служба, наставници |
| **2** | Подготвување на концепција за прераспределба на:<br>• Наставни предмети;<br>• Фонд на часови;<br>• Одделенски раководства;<br>• Одговорни настручни активи;<br>• Тимови и комисии за релизација на подрачја од воспитно-образовната работа | јули,август, 2025 | Стручна служба, наставници |
| **3** | Координирање при изготвување на:<br>• Распоред на часови;<br>• Распоред на дополнителна настава;<br>• Распоред на воннаставни ученички активности | јули, август, 2025 | наставници, стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4** | Следење, контрола и координирање на процесот на самоевалуација на училиштето | Во периодите кога се работи самоевалуацијата | стручна служба, наставници, секретар |
| **5** | Следење, контрола и анализа на водењето на педагошката документација | **континуирано** | стручна служба, секретар |
| **6** | Изготвување на план за стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници, според  потребите од програмата за професионален развој на ниво на училиште | јули, 2025 | стручна служба |
| | **СЛЕДЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |
| **1** | • Следење на планирањата според наставните планови и програми (глобални, тематски, дневни)<br>• Следење на реализацијата на наставата<br>• Следење на континуитетот и квалитетот на оценувањето на учениците (критериуми, инструменти,јавност, објективност)<br>• Следење на примената на формативното и сумативното оценување<br>• Следење на квалитетот на наставничките портфолија<br>• Анализа со констатации за реализација на училишното оценување<br>• Сопствено стручно усовршување за стекнување на стручни знаења од областна: дефектологија, психологија, методика, социологија, дидактика и андрагогија;<br>• Следење и вреднување на воспитно –образовната работа; | континуирано | стручна служба, наставници |
| **2** | Увид во планирањата на наставниот кадар и стручните соработници | континуирано | стручна служба,наставници |
| **3** | Увид во планирањата и реализацијата на дополнителна настава и воннаставните активности | континуирано | стручна служба,наставници |
| **4** | Увид во водењето на одделенските дневници и матичните книги | континуирано | стручна служба,наставници |
| **5** | Посета на наставни часови со цел утврдување на:<br>• Примена на активни форми на работа во одделенска настава;<br>• Примена на активни форми на работа во предметна настава;<br>• Дефинирање и реализирање на целите на часот; | континуирано според план за посета на часови | стручна служба, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Примена на нагледни средства во наставата;<br>• Примена на диференцирани цели во наставата<br>● Следење на активност на определени ученици; | | |
| **6** | Анализа на податоците од следењето:<br>• Разговор со наставникот;<br>• Изготвување записник- протокол;<br>• Давање на задолженија, инструкции<br>• Следење на изработените студии на случај<br>● Изготвување на мислења за сертификација на наставници по компоненти | според план за посета на часови | стручна служба,наставници |
| **7** | • Следење на планирањата според наставните планови и програми (глобални, тематски и дневни)<br>• Следење на реализацијата на наставата<br>• Следење на континуитетот и квалитетот на оценувањето на учениците (критериуми, инструменти, јавност, објективност)<br>• Следење на квалитетот на наставничките портфолија<br>● Анализа со констатации за реалзиација на училишното оценување | континуирано | стручна служба,наставници |
| **8** | Сопствено стручно усовршување за стекнување на стручни знаења од областа на:<br>• Следење и вреднување на воспитно - образовната работа;<br>● Следење на семинари, вебинари, литература, работилници од областа на педагогија, психологија, методика, социологија, дидактика,андрагогија, инклузија; | континуирано | стручна служба,наставници Институции МОН на РСМ, БРО на РСМ, ПЕ на Општина |
| **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ, УЧЕНИЦИ И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | | | |
| **1** | Следење на прописи, за работата и програмирањето на работата на стручните органии тела, нивнитеправа, обврски | континуирано | стручна служба, наставници секретар |
| **2** | Планирање, водењена работата на Одделенските совети,<br>Планирање и водење на работата на Наставничкиот совет | континуирано | стручна служба, наставници |
| **3** | Следење на сочување и учество во работата на стручниот актив | континуирано | стручна служба, наставници, Одг. на стр. актив |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4** | Соработка и следење на работата на стручните соработници | континуирано | стручна служба |
| **5** | Соработка и следење на работата на одделенските раководители | континуирано | стручна служба, Н-Р-У |
| **6** | Измени и усвојување на постоечките интерни акти во училиштето и изработка на нови, согласно потребите | по потреба | стручна служба, наставници, административно-технички персонал, родители, УО, о.Центар, МОН, ДПИ |
| **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ, УЧЕНИЦИ И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | | | |
| **1** | Планирање и следење на реализацијата на општите родителски средби | континуирано | стручна служба, наставници, одделенски раководители |
| **2** | Планирање на форми за соработка со родителите-трибини, работилници, индивидуални средби | континуирано | стручна служба, наставници, родители, одд. раководители |
| **3** | Соработка со Ученичката заедница, паралалки, групи или индивидуално | континуирано | стручна служба, наставници, ученици |
| **4** | Соработка со МОН и БРО на РСМ, одговорен советник на училиштето | континуирано | МОН, БРО на РСМ, советник |
| **5** | Соработка со основни и средни училишта | континуирано | Државни средни училишта |
| **6** | Соработка со локална самоуправа, градоначалник на Општина Центар | континуирано | Општина Центар, Урбана заедница |
| **7** | Соработка со институции од интерес на воспитно-образовната дејност: Центри за социјални работи, Завод за ментално здравје, УНИЦЕФ, ДКЦ Карпош, библиотеки, кина, театри, музеи | континуирано | Институции |
| **СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР** | | | |
| **1** | Поттикнување на наставниот кадар и стручните соработници кон самоусовршување, посета на семинари | континуирано | стручна служба, наставници, |
| **2** | Опременост на училишната библиотека со стручна литература | септември, 2025 и по потреба | стручна служба, наставници, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | Реализација на програмата на стручниот актив | континуирано | одговорен на стручен актив, наставници |
| **4** | Опременост на училиштето со нагледни средства, изработка на истите | континуирано | стручна служба, наставници, родители |
| **ДРУГИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ** | | | |
| **1** | Обезбедување и подобрување на материјално-техничките услови за работа на училиштето | август, 2025 | стручна служба, наставници, административно-технички персонал, МОН, општина Центар |
| **2** | Следење и увид во работата на административната служба во училиштето | континуирано | секретар |
| **3** | Следење и увид во финансиското работење на училиштето | континуирано | секретар, сметководител |
| **4** | Активно учество во работата на: Советот на родители во училиштето; Училишниот одбор; Ученички парламент | континуирано | стручна служба, наставници, родители |
| **5** | Грижа за хортикултурно уредување на училиштето и училишниот двор | континуирано | технички персонал, наставници, родители, општина |
| **6** | Грижа за безбедноста во училиштето | континуирано | Обезбедување, наставници технички персонал |

**ДИРЕКТОР: Билјана Билбиловска**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14  1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745,  e-mail: oouklrogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР.2**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ НА УЧИЛИШТЕТО 2025/2026

| Подрачје I – РАБОТА СО УЧЕНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **бр.** | Активности | Време на реализација | Соработници | Индикатори |
| ***Поддршка на учениците во учењето*** | | | | |
| **1.** | Работилници за подобрување на учењето на учениците преку едукација за Модели на успешно учење | прво полугодие | педагог дефектолог | Подобрен успех на учениците |
| **2.** | Индивидуално и/или групно поучување на учениците со потешкотии во учењето | континуирано во текот на учебнта годината | педагог дефектолог | Едукација на учениците за надминување на потешкотиите во учењето |
| **3.** | Ќе врши запишување на ученици и формирање на паралелки | мај-август | педагог | Мотивирани ученици за поаѓање во училиште |
| **4.** | Следење на адаптацијата и напредокот на првачињата | континуирано во текот на учебната годината | стручни соработници, наставници | Подобрена работната атмосфера и дисциплината во паралелките |
| **5.** | Учество во изработка на индивидуален образовен план за ученици со пречки во развојот | август-септември | педагог, дефектолог, наставници, родители | Приспособени наставни содржини согласно нивните потреби и можности |
| **6.** | Советодавна работа со учениците кои послабо напредуваат и имаат проблеми во начинот на однесувањето во паралелката, комуникацијата и поведениет | континуирано во текот на учебната година | педагог наставници | Подобрена комуникација,однесување и поведение кај учениците |
| **7.** | Учествуво во работата со талентирани ученици | континуирано во согласност со програмата за талентирани ученици | стручни соработници наставници | Подобрена е работата со талентирани ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставни и воннаставни активности | континуирано | Стручниоработниц и, наствници | Подобрено учење и поттикнати ученици за учество во вonнаставни активноси, Постигнати подобри резултати |
| | ***Следење и поддршка на развојот на учениците*** | | | |
| **1.** | Помош на учениците за справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство). | континуирано во текот на годината | педагог | Стручна помош и поддршка на учениците во надминувањето на состојбите |
| **2.** | Проверување- читање со размислување на учениците | второ полугодие | педагог | Увид во читањето со размислување кај учениците |
| **3.** | Проверување на брзина и точност на читање на учениците како и нивните предчитачки способности | прво плугодие | педагог | Увид во усвоеноста на техниката на читањето кај учениците |
| **4.** | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците | континурано во текот на учебната година | педагог | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| **5.** | Реализирање работилници и други активности со ученици за здрава храна,трговија со луѓе како и работилници за користење на техники за успешно учење | континурано во текот на учебната година | педагог наставници | Здрава исхрана на учениците,како и заштита од надворешни негативни влијанија |
| **6.** | Работилници на теми поврзани со физичкото и менталното здравје (зависности, асоцијално однесување, дискриминација и сл.) | континурано во текот на учебната година | педагог | Надминати одредени здравствени состојби кај учениците |
| **7.** | Учество во идентификацијата и реализацијата на вoннаставни активности на учениците | септември-октомври | педагог | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| **8.** | Реализирање активности со Ученичка и Детска организација за практикување демократија и детски права во училиштето | континуирано во текот на годината | педагог | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| **9.** | Советување и следење на ранлива група ученици | континуирано во текот на годината | педагог | Подобрен успех и поведение на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Професионална и кариерна ориентација на учениците*** | | | | |
| **1.** | Индивидуално и групно советување на учениците за правилен избор на понатамошно образование или професија | континуирано | педагог наставници | Соодветно насочување и правилен избор на учениците за идната професија |
| **2.** | Активности за професионална ориентација и кариерно образование на учениците | во текот на годината | педагог наставници | Спроведени анкети,тестови и прашалници за правилен избор на идната професија на учениците |
| **Подрачје II – РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | | | |
| ***Поддршка на наставниците за планирање и реализација на восп.- образ. процес*** | | | | |
| **1.** | Стручна помош и поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес | во текот на годината | стручни соработници | Подобрен квалитет на работата на наставниците |
| **2.** | Помагање на наставниците при изработка на објективни тестови на знаења | во текот на годината | стручни соработници | Правилна изработка на тестови на знаења |
| **3.** | Давање насоки и стручна помош за документирање на постигнувањата на учениците (групни, индивидуални консултации) | прво полугодие | стручни соработници | Правилно формативно следење и оценување на учениците |
| **4.** | Стручна помош и менторирање на наставници приправници | во текот на годината | педагог | Насочување на приправниците за правилно и одговорно извршување на работните задачи |
| **5.** | Изработување инструменти за самовреднување на наставата | прво полугодие | стручни соработници | Евалуација на работата |
| **6.** | Состаноци со координаторите и одговорните на проектите и организациите во училиштето | во текот на годината | стручни соработници | Евалуирани активности и издвоени идни приоритети |
| **7.** | Поддршка на наставниците во однос на нивниот професионален развој | континуирано во текот на целата учебна година. | стручни соработници, | Насочени и поттикнати наставници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наставници, директор | |
| **8.** | Советодавна помош и насоки на наставниците при изработка на нивниот личен план за професионален развој | континуирано во текот на целата учебна година. | стручни соработници, наставници, директор | Совладан и добро изработен личен план на наставниците |
| **9.** | Ги евидентира и следи педагошки картони на наставниците. | континуирано во текот на целата учебна година. | педагог, наставници | Добро организирани наставници |
| ***Поддршка на наставниците за работа со учениците*** | | | | |
| **1.** | Едукативни работилници за наставници (според потребите на наставниците) | Во текот на годината | стручни соработници | Според потребите на наставниците<br>Подобрен квалитет на наставата |
| **2.** | Следење и стручни консултации со наставниците за примена на активна настава во воспитно-образовниот процес и интеракција У-У | во текот на годината | стручни соработници | Применување на активна настава и интеракција во наставата |
| **3.** | Објаснување и демонстрирање начини на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето | во текот на годината | стручни соработници | Подобрена е работата на наставниците |
| **4.** | Реализација на часови во одделенска настава и опсервација на ученици при замена на отсутен наставник | континуирано | педагог, наставници | Добро организирана редовна настава |
| **5.** | Координација на работата во предметна настава како резултат на отсутен наставник | континуирано | стручни соработници | Добро организирана редовна настава |
| ***Поддршка на наставниците за работа со родителите*** | | | | |
| **1.** | Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | во текот на годината | | Подобрена комуникација наставник-родител |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | стручни соработници | |
| **2.** | Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | прво полугодие | стручни соработници | Активно вклучени родителите во работата на училиштето |
| **3.** | Предлагање содржини за Совет на родители и родителски средби соодветни на потребите | во текот на годината | стручни соработници | Реализирани содржини според потребите |
| **Подрачје III - РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| ***Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите*** | | | | |
| **1.** | Реализирање стручни консултации и помош на родителите на учениците со ПОП | прво полугодие | стручни соработници | Информирани родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и упатени до релевантни институции за помош |
| **2.** | Реализирање индивидуални консултации со родителите за изработка на индивидуален образовен план и поддршка на децата со ПОП | септември-октомври | педагог дефектолог наставници | Приспособени наставните содржини согласно нивните потреби и можности |
| **3.** | Советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување | континуирано во текот на годината | стручни соработници | Подобен успех и поведение на учениците |
| ***Едукација на родители*** | | | | |
| **1.** | Подготвување материјали за едукација на родителите (презентации, брошури, флаери, пишани материјали). | Континуирано во текот на годината | Стручни соработници | Корисни и применливи материјали за едукација на родители |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Организирање групни и индивидуални средби за стручна помош и поддршка на родители | континуирано во текот на годината | стручни соработници | Едукација на родители за надминување на потешкотиите во учењето на учениците |
| **3.** | Индивидуални и групни советувања за професионална и кариерна ориентација на родителите | континуирано во текот на годината | стручни соработници | Соодветно насочени родители за идната професија на нивните деца |
| **4.** | Организирање едукативни средби и/или работилници со родители (на пр. развојни карактеристики на деца, карактеристики на учење, електронско насилство, мотивација за учење, развивање и јакнење на самодоверба сл. | континуирано во текот на годината | стручни соработници | Едуцирани родители |
- Учениците да се стекнат со навики за чување на животната средина, да изградат респективен однос кон историските знаменитости, да се дружат, спортуваат и рекреираат;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Содржини и активности:**

- Заедничко доживување на околината, дружење;
- Посета на културно - историските знаменитости;
- Организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;
- Посета на Лешочки манастир „Св.Атанасиј“.

**Раководител на екскурзијата: Јадранка Цуклевски**

**Одговорни наставници:** Одделенски наставници од I до V одд. и одделенски раководители од VI до IX одд.

**Времетраење**: од 8.00 до 15.00 часот;

**Локација за посета:** Во близина на Скопје - Сарај - Општина Сарај
Во близина на Тетово - Лешок - Општина Теарце

**Правец на патување на пролетниот излет:** Скопје - Сарај - Скопје и Скопје - с. Лешок (Лешочки манастир) - Скопје

**Време на реализација:** Април / мај, 2026 година

**Техничка организација:**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;
- Екскурзијата ќе се реализира во еден ден со ученици од предметна настава и ученици од одделенска настава.

**Начин на финансирање:**

- Самофинансирање од страна на родителите;
- Уплата на жиро сметка на туристичката агенција.

**ПРОГРАМА**

**За тридневна екскурзија со ученици од IX одделение**

**за учебната 2025/2026 година**

**Воспитно - образовни цели:**

- Проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина;
- Запознавање со убавините, богатствата и културно - историските знаменитости;
- Трајно стекнување на знаење и развивање на чувство на љубов и чување на природните богатства и убавините на татковината;
- Запознавање со археолошките локалитети во Република Северна Македонија и специфичноста на македонската архитектура;
- Непосредно запознавање со природните убавини на јужниот и западниот дел на Република Северна Македонија, природните езера, реките, планините и развојот на туризмот;
- Подобро меѓусебно запознавање на учениците;
- Продлабочување на другарството и надминување на национални, верски, социјални и други разлики;
- Да се прошират знаењата од различни области на литература, географија, биологија итн.

**Задачи:**

- Развивање на позитивен однос кон: националните, културните и археолошки вредности во Република Северна Македонија;
- Развивање интерес за културно - историските знаменитости на татковината;
- Развивање на интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Содржини и активности: набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и другите материјали;
- Теренска настава: презентација на претходно подготвени трудови, проекти;
- Водење интервју со кустоси, монаси и историчари.

➢ **Раководител: Јана Трајковска**

➢ Наставници: предметни наставници - одделенски раководители на IXа и IXб одделение

➢ Ученици од IXа и IXб одделение

**Локации за посета**: Мавровско езеро, Манастир „Св. Јован Бигорски“, женски манастир во Рајчица, хидроцентрала Глобочица, Вевчанските извори - Вевчани, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црквата „Св. Софија“ - Охрид, црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастир „Св. Наум Охридски„ – Охрид, Куќата на Робевци, Заливот на коските и Билјанини извори.

- **Прв ден**: Поаѓање од училиште, се патува преку Тетово, Гостивар и Маврово, панорамски разглед на Мавровско Езеро, посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“, манастирот „Св.Георгиј Победоносец“ во Рајчица, хидроцентралата Глобочица, Вевчанските извори, Струга - Црн Дрим. Пристигнување и сместување во Охрид;
- **Втор ден**: Посета на Охрид: Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црквата „Св. Софија„ - Охрид, Црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастир „Св. Наум Охридски“, Куќата на Робевци, разгледување на Старата чаршија во Охрид;
- **Трет ден**: посета на Залив на коските, Билјанини извори, прошетка низ Старата чаршија во Охрид, враќање за Скопје.

- **Правците на патување**: Скопје - Тетово - Гостивар – Охрид, Охрид - Скопје
- **Техничка организација:** Технички исправни и климатизирани автобуси, туристички водич и лекар;
- **Времетраење:** Три дена со две ноќевања;
- **Време на реализација:** Октомври, 2025 година;
- **Начин на финансирање:** Самофинасирање од страна на родителите.

**Програмата ја изработија:**

Розика Ристевска, одделенски наставник

Бранка Јакимовска, одделенски наставник

Сања П. Крстиќ, наставник по македонски јазик

Даниела П. Саздовска, наставник по македонски јазик

Јадранка Цуклевски, одделенски наставник

Јана Трајковска, наставник по историја

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 22**

## ПРОГРАМИ ЗА НАТПРЕВАРИ

### Програма за натпревари за одделенска и предметна настава за учебната 2025/2026 година

| Задача | Активност | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Интернационален натпревар по информатика „Дабар“** | Компјутерско решавање на логички задачи | Наставници од одделенска настава | Компјутер и Интернет | Бодовна скала | Освојување на сертификати | Одговорни наставници на активи | **Ноември** |
| **Училиштен натпревар по природни науки** | Просторна и временска организација на натпреварот, избор и подготовка на задачи, избор на ученици од IV одделение | Актив на IV одделение | Претходно Подготвен тест од наставникот | Бодовна скала | Одредување на најдобри ученици за понатамошно натпреварување | Одговорни наставници на активи | **Декември** |
| **Училиштен натпревар по математика** | Просторна и временска организација на натпреварот, избор и подготовка на задачи, избор на ученици од IV до V одделение | Активна IV и V одделение | Однапред подготвени задачи од збирки, нумеруси | Бодовна скала | Мотивирање продлабочување и Проширување на стекнатите знаења | Одговорни наставници на активи | **Февруари** |
| **Училиштен натпревар по англиски јазик** | Просторна и временска организација на | Предметни наставници по Англиски јазик | Однапред подготвени прашања | Бодовна скала | Мотивирање продлабочување и Проширување на стекнатите знаења | Благица Блажевска Богдановска<br><br>Катица Лазовска<br>Ѓорѓи Ристески | **Февруари** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | натпреварот, избор и подготовка на задачи, избор на ученици од IV до V одделение | | | | | | |
| **Училиштен натпревар по природни науки** | Просторна и временска рганизација на натпреварот, избор и подготовка на задачи, избор на ученици од V и VI одделение | Предметен наставник по природни науки | Однапред приготвен тест од прирачник по природни науки | Бодовна скала | Класификација на најдобри ученици за понатамошно натпреварување | Предметен наставник по природни науки | **Јануари / Февруари** |
| **Училиштен натпревар за Денот на екологијата** | Литературно и Ликовно творење на дадена тема избор на учениците од I до V одделение | Наставници од одделенска настава | Избор на најдобри творби | Бодовна скала | Освојување на награди: дипломи и пофалници | Одговорни наставници на активи | **Март** |
| **Меѓународен натпревар по математика, Кенгур** | Просторна и временска организација на натпреварот, избор на учениците од I до V одделение | Наставници од одделенска настава | Поделба на готови задачи од Сојуз на Математичари наМакедонија | Бодовна скала | Мотивирање, продлабочување и Проширување на стекнатите знаења | Одговорни наставници на активи | **Март** |
| **Општински натпревар по математика** | Подготовка на одбрани ученици од IV и V одделение | Активна IV и V одделение | Поделба на готови задачи од Сојуз на Математичари наМакедонија | Бодовна скала | Освојување на награди и пофалби | Одговорни наставници на активи | **Март** |
| **Регионален натпревар по математика** | Подготовка на одбрани ученици од IV и V одделение | Актив на IV и V одделение | Поделба на готови задачи од Сојуз на Математичари наМакедонија | Бодовна скала | Освојување на награди и пофалби | Одговорни наставници на активи | **Април** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општински натпревар по англиски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од V и VI одделение | Предметни наставници по Англиски јазик | Поделба на готови тестови од ЕЛТАМ | Бодовна скала | Освојување на награди и пофалби | Благица Блажевска Богдановска<br>Катица Лазовска<br>Ѓорѓи Ристески | **Март** |
| **Регионален натпревар по англиски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од V и VI одделение | Предметни наставници по Англиски јазик | Поделба на готови тестови од ЕЛТАМ | Бодовна скала | Освојување на награди и пофалби | Благица Блажевска Богдановска<br>Катица Лазовска<br>Ѓорѓи Ристески | **Април** |
| **Државен натпревар по англиски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од V, VI одделение | Предметни наставници по Англиски јазик | Поделба на готови тестови од ЕЛТАМ | Бодовна скала | Освојување на награди и пофалби | Благица Блажевска Богдановска<br>Катица Лазовска<br>Ѓорѓи Ристески | **Мај** |
| **Училишен натпревар по англиски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од V, VI ,VII, VIII и IX одделение | Предметни наставници по Англиски јазик | Однапред приготвен тест од предметниот наставник | Бодовна скала | Класификација на најдобри ученици за понатамошно натпреварување | Благица Блажевска Богдановска<br>Катица Лазовска<br>Ѓорѓи Ристески | **Февруари** |
| **Општински натпревар по природни науки** | Подготовка на одбрани ученици од V и VI одделение | Предметен Наставник по природни науки | Поделба на готови тестови од Македонско Биолошко Друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници,сертификати и дипломи | Предметен Наставник по природни науки | **Февруари** |
| **Регионален напревар по природни науки** | Подготовка на одбрани ученици од V и VI одделение | Предметен наставник по природни науки | Поделба на готови тестови од Македонско Биолошко Друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници,сертификати и дипломи | Предметен наставник по природни науки | **Март** |
| **Државен натпревар по природни науки** | Подготовка на одбрани ученици од V и VI одделение | Предметен наставник по природни науки | Поделба на готови тестови од Македонско Биолошко Друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници,сертификати и дипломи | Предметен наставник по природни науки | **Мај** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училишен натпревар по хемија и биологија** | Подготовка на одбрани ученици од VII,VIII и IX одделение | Предметен наставник по хемија и биологија | Однапред приготвен тест од прирачник по хемија и биологија | Бодовна скала | Класификација на најдобри ученици за понатамошно натпреварување | Предметен наставник по хемија и биологија | **Јануари/Февруари** |
| **Општински натпревар по биологија** | Подготовка на одбрани ученици од VII,VIII и IX одделение | Предметен наставник по биологија | Поделба на готови тестови од Македонско Биолошко Друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници,сертификати и дипломи | Предметен наставник по биологија | **Февруари** |
| **Регионален натпревар по биологија** | Подготовка на одбрани ученици од VII,VIII и IX одделение | Предметен наставник по биологија | Поделба на готови тестови од Македонско Биолошко Друштво | Бодовна скала | Освојување на награди:пофалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по биологија | **Март** |
| **Државен натпревар по биологија** | Подготовка на одбрани ученици од VII,VIII и IX одделение | Предметен наставник по биологија | Поделба на готови тестови од Македонско Биолошко Друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по биологија | **Мај** |
| **Општински натпревар по хемија** | Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по хемија | Поделба на готови тестови од Сојуз на хемичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по хемија | **Февруари** |
| **Регионален натпревар по хемија** | Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по хемија | Поделба на готови тестови од Сојуз на хемичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по хемија | **Март** |
| **Државен натпревар по хемија** | Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по хемија | Поделба на готови тестови од Сојуз на хемичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по хемија | **Мај** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училишен натпревар по математика и физика** | Подготовка на одбрани ученици од V, VI ,VII и VIII и IX одделение Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по математика и физика | Однапред приготвен тест од збирка задачи по математика и физика | Бодовна скала | Класификација на најдобри ученици за понатамошно натпреварување | Предметен наставник по математика и физика | **Јануари / февруари** |
| **Општински натпревар по математика** | Подготовка на одбрани ученици од VI ,VII и VIII и IX одделение | Предметен наставник по математика | Поделба на готови тестови од Сојуз на математичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по математика | **Февруари** |
| **Региоанлен натпревар по математика** | Подготовка на одбрани ученици од VI ,VII, VIII и IX одделение | Предметен наставник по математика | Поделба на готови тестови од Сојуз на математичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по математика | **Март** |
| **Државен натпревар по математика** | Подготовка на одбрани ученици од VI ,VII, VIII и IX одделение | Предметен наставник по математика | Поделба на готови тестови од Сојуз на математичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по математика | **Мај** |
| **Општински натпревар по физика** | Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по физика | Поделба на готови тестови од Сојуз на физичари | Бодовна скала | Освојување на награди:пофалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по физика | **Февруари** |
| **Региоанлен натпревар по физика** | Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по физика | Поделба на готови тестови од Сојуз на физичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по физика | **Март** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Државен натпревар по физика** | Подготовка на одбрани ученици од VIII и IX одделение | Предметен наставник по физика | Поделба на готови тестови од Сојуз на физичари | Бодовна скала | Освојување на награди: офалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по физика | **Мај** |
| **Тековни Литературни конкурси на општинско, градско и Државно ниво** | Творење поетски и прозни творби | Предметни наставници по Македонски јазик | Избор на најдобри творби | Бодовна скала | Освојување на награди: дипломи и пофалници | Предметен наставник по Македонски јазик Сања Пејчиновска Крстиќ | **Септември-Мај** |
| **Училиштен натпревар по македонски јазик и литература** | Подготовка на одбрани ученици од VI до IX одделение | Предметни наставници по Македонски јазик | Однапред приготвен тест од македонски јазик | Бодовна скала | Освојување на награди:дипломи, сертификати и пофалници | Предметен наставник по Македонски јазик Сања Пејчиновска Крстиќ | **Март** |
| **Општински натпревар по македонски јазик и литература** | Подготовка на одбрани ученици од VI до IX одделение | Предметни наставници по Македонски јазик | Поделба на тестови Сојуз на Друштвата по македонски јазик и литература на РСМ | Бодовна скала | Освојување на награди: дипломи, сертификати и пофалници | Предметен наставник по Македонски јазик Сања Пејчиновска Крстиќ | **Април/ мај** |
| **Регионален натпревар по македонски јазик и литература** | Подготовка на одбрани ученици од VI до IX одделение | Предметни наставници по Македонски јазик | Поделба на тестови Сојуз на Друштвата по македонски јазик и литература на РСМ | Бодовна скала | Освојување на награди: дипломи, сертификати и пофалници | Предметен наставник по Македонски јазик Сања Пејчиновска Крстиќ | **Април/Мај** |
| **Државен натпревар по македонски јазик и литература** | Подготовка на одбрани ученици од VI до IX одделение | Предметни наставници по Македонски јазик | Поделба на тестови Сојуз на Друштвата по македонски јазик и литература на РСМ | Бодовна скала | Освојување на награди: дипломи, сертификати и пофалници | Предметен наставник по Македонски јазик Сања Пејчиновска Крстиќ | **Април /Мај** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Натпревар за Млади рецитатори** | Одбран ученик од VI, VII, VIII и IX одд | Предметни наставници по Македонски јазик | Сојуз на Друштвата по македонски јазик и литература на РСМ | Аудио снимка со рецитирање | Освојување на награди: диплома | Предметен наставник по Македонски јазик Сања Пејчиновска Крстиќ | **Декември** |
| **Тековни ликовни конкурси за патронат** | Подготовка на одбрани ученици VI, VII,VIII и IX одд | Предметен наставник по ликовно образование | Избор на најдобри ликовни творби | Естетска проценка | Освојување на награди: дипломи и пофалници | Предметен наставник по ликовно образование Снежана Шумковска | **Април** |
| **Училиштен натпревар по германски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII,VIII и IX одделение | Предметен наставник по германски јазик | Однапред приготвен тест од предметниот наставник | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по германски јазик Радица Миланова | **Јануари / Февруари** |
| **Регионален натпревар по германски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII, VIII и IX одделение | Предметен наставник по германски јазик | Подготовка на готови тестови од Здружение за наставници по германски јазик | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници, сертификати и дипломи | Предметен наставник по германски јазик Радица Миланова | **Февруари/ Март** |
| **Државен натпревар по германски јазик** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII,VIII и IX одделение | Предметен наставник по германски јазик | Подготовка на готови тестови од Здружение за наставници по германски јазик | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници ,сертификати и дипломи | Предметен наставник по германски јазик Радица Миланова | **Февруари/ Март** |
| **Општински натпревар по географија** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII, VIII и IX одделение | Предметен наставник по географија | Поделба на готови тестови од Македонско географско друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници, сертификати и дипломи | Предметен настивник по географија | **Февруари** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регионален натпревар по географија** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII, VIII и IX одделение | Предметен наставник по географија | Поделба на готови тестови од Македонско географско друштво | Бодовна скала | Освојување на награди: пофалници, сертификати и дипломи | Предметен настивник по географија | **Март** |
| **Државен натпревар по географија** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII, VIII и IX одделение | Предметен наставник по географија | Поделба на готови тестови од Македонско географско друштво | Бодовна скала | Освојување на награди:пофалници, сертификати и дипломи | Предметен настивник по географија | **Април/ Мај** |
| **Општински, градски и државен натпревар по физичко и здраствено образование** | Подготовка на одбрани ученици од VI, VII, VIII и IX одделение | Предметни наставници по физичко и здраствено образование | Избор за најдобри спортисти | Бодовна скала | Освојување на награди: дипломи | Предметен наставник по физичко и здраствено образование Предраг Трајковски Емилија Јаничиќ, Никола Тодоровски | **Март**<br>**Април**<br>**Мај** |
| **Ученички смотри (хор и оркестар)** | **Подготовка на одбрани ученици од VI, VII, VIII и IX одд**<br>**еление** | **Предметен наставник по музичко образование** | **Избор на најдобри ученици** | | **Освојување награди: дипломи** | **Предметен наставник по музичко образование Оливер Кузмановски** | **Април / Мај** |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 23**

## Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултирализмот и меѓуетничката интеграција

| Активности | Очекувани резултати | Услови | реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Одредување приоритети за унапредување на МИМО за учебната 2025/2026 година во Годишната програма за работа на училиштето** | Планирани конкретни активности по одделни наставни предмети и интегрирани содржини од Годишната програма за работа на активите од I до IX одд. | Усвоена Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 година со МИО заложбите;<br>Усвоена Годишната програма со план и дефинирани цели на конкретни активности –прилог табела: Приоритети за планирање на активности за унапредување на МИО | Тим за училишна интеграција со одговорните наставници по активи | Јуни - септември |
| **Планирање на интерни самостојни активности во училиштето :**<br>**,,РС Македонија е богата ризница од различни култури и традиции на етничките заедници ''**<br>*** Презентирање на карактеристични традиционални вредности, обичаи , песни, ора, кулинарски специјалитети како обележје на етникумите кои живеат и се образуваат во РСМ;**<br>***Организирање спортски и забавни игри од различни етнички заедници**<br>***Вклучување на родителите во спортско – забавните дружења и активности** | Подобрување на тимската работа и соработка со родителите на учениците за унапредување на МИО активностите во училиштето | Формирање тимови- реализатори по возрасни групи од I – IX одд.<br>Работни средби со тимовите - реализатори | Тим за училишна интеграција, Тим од наставници: од I до IX одд.<br>Тим од родители на ученици | Октомври-мај |
| **Евалуација на активностите** | Извештај за резултатите од релизираните активности за унапредување на МИМО, кои ја подобриле состојбата во училиштето | Анализа на реализираните активности | Тим за училишна интеграција и училишните тимови | Јуни |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 24**

## Проекти што се реализираат во основното училиште

| Име на проектот | Во соработка со | Целта на проектот (стратешка цел) | Исходите од проектот |
|---|---|---|---|
| **Компостирање во училиште за здрава животна средина** | Фонд за иновации | Да се прошири и активно користи процесот кој управуван од човекот, всушност, го забрзува начинот на кој природата рециклира. Она што на крајот ќе се добие е компост. Тоа е биотермички метод на разградување на органските материи до состојки кои се безопасни за човекот и околината. | Поттикнување на свеста кај учениците за правилно и рационално користење на органскиот отпад (зеленчук, овошје и слично). |
| **Градиме мостови со Лего и Микробит** | OSCE | Запознавање и почитување на културата, традициите и јазикот националностите преку развивање на критичкото размислување | Почитување на различностите, развивање и јакнење на толеранцијата и соживотот |
| **Сообраќајни патроли** | во соработка МВР и Општина Центар | Да се оспособува за безбедно учество (движење) во сообраќајот; да ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи во реални ситуации | Развивање и јакнење на сообраќајната култура од најмала возраст |
| **Меѓуетничка интеграција на младите во образованието** | МОН и Општина Центар | Запознавање и почитување на културата,традициите и јазикот националностите | Почитување на различностите, развивање и јакнење на толеранцијата и соживотот |
| **Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем** | МОН | Развивање на еколошки навики и вредности од најмала возраст | Формирање индивидуи со изградени еколошки ставови и култура, кое води кон унапредување на животната средина преку нивните соодветни одлуки и постапки |
| **Дејствувај за подобро орално здравје** | Стоматолошки факултет и општина Центар | Развивање на основни хигиенски навики,грижа за хигиената на забите уште од најмала возраст | Развивање на стоматолошката хигиена уште од најмала возраст |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **е - Твининг** | Национална агенција за образовни програми и мобилност | Почитувањето на културниот дверзитет придонесува за јакнење на културниот идентитет и заемно разбирање. | Ученикот го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспектива на други култури. Комуницира и соработува со ученици од други земји преку проектни активности како дел од еТвининг- Европска платформа за учење. |
| **Еразмус + GiftiN** | Национална агенција за образовни програми и мобилност | Талентираните ученици да ја добијат поддршката и можностите што им се потребни за да напредуваат, а воедно ги опремуваат едукаторите со алатки и знаење за ефикасно да ги задоволат нивните уникатни потреби за учење. | Развивање на ученичките потенцијали |
| **Еразмус + Диги Медиа** | Национална агенција за образовни програми и мобилност | Развивање на способност за дивергентно размислување, критичко согледување и негување на детската оргиналност и иницијативност,развивање на дигитаталната писменост | стимулирање на развојот на личноста на детето и неговата интелектуална љубопитнот |
| **За да се развива детскиот ум, потребно е прво да се засади семе** | Фонд за иновации | Со ботаничката градина ќе се овозможи сите услови кои се предмет на истражување лесно да се променуваат и со тоа да се тестира и докажува нивното значење за растот на растенијата.<br>Учениците прават истражување на интернет и од стручна литература за факторите кои се клучни за раст на растенијата. | допринесување да се заштити животната средина, производство за подобрување на условите за раст со цел зголемен принос на лековитите билки.<br>Исто така во овој проект преку инклузија на лица со попреченост, би се делувало и мултидисциплинарно. Лицата со посебни образовни потреби, заедно со останатите ученици би се вклучиле во активности според своите можности и способности |
| **Зелени пораки за Зеленодонија** | Фонд за иновации | Да стекнуваат знаења дека рециклирањето е модерен процес кој не придвижува поблиску кон заштитувањето и унапредувањето на животната средина преку креативно создавање и поврзување на важноста од присутноста на различностите како и за важноста на зачувувањето на животната средина и биодиверзитет | Идејата е со подарување на ученички креативни изработки да се промовира и поттикнува еколошката активност без разлика на различностите и возраста сите заедно да создадеме поздраво и поубаво место за живеење. |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 25**

## План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

| Цели | Содржини/ Активности | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување програми за работа со талентирани, надарени, ученици со потешкотии во учењето и ученици со посебни потреби и емоционални потешкотии | Изготвување на план за работа со тие ученици | Училиштен тим | Август - Септември | Изготвени програми |
| Идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето | Изготвување и примена на инструменти и постапки за идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето | Наставници | Септември - Октомври | Идентификувани ученици |
| Континуирано да се подржуваат талентираните и надарените ученици | Изготвување и реализација прграма за работа со надарени и талентирани ученици | Тим за надарени и талентирани ученици | Во текот на целата учебна година | Учество на натпревари и освоени награди и признанија |
| Континуирано да се подржуваат учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | Изготвување и реализација на програма за работа со деца со посебни потреби и емоционални потешкотии | Тим за инклузија на деца со посебни потреби и емоционални потешкотии | Во текот на целата учебна година | Подобрување на постигањата |
| Континуирано да се поддржуваат учениците преку додатната и дополнителната настава | Реализација на часови за додатна и дополнителна настава<br>Следење и евидентирање на присуство на учениците на часови на додатна и дополнителна настава | Предметни наставници родителите и учениците | Во текот на целата учебна година | Повисоки постигања на учениците |
| Навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците | Индивидуално и групно советување на учерниците за избор на занимања – запишување во средно образование | Тим за професионална орентација на учениците | Во текот на целата учебна година | Правилен избор на учениците за продолжување на образованието согласно нивните интереси и способности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење и анализа на постигањата на учениците | Изготвување извештаи и на компаративни анализи | Стручни соработници Тим за постигања на учениците | завршување на клас П завршување на класификацион ите периоди ификацион ите периоди | Подобрување на постигањата на учениците |
| Да се промовираат постигањата на учениците | Информирање на училиштето и јавноста за постигањата на учениците преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. | Одд. Раководители Стручни соработници | Во текот на целата учебна година | Информирано училиште и јавност за постигањата на учениците |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 26**

## Програма за професионална ориентација на ученици

| Програма за професионална ориентација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. САМОСПОЗНАВАЊЕ** | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активноста** | **Методи/Форми на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| Реализирање на работилници од „Прирачник за образование за животни вештини“, „Прирачник за наставници за личен развој на учениците“, „Кариерно советување во основно, средно и високо образование“ | Да се поттикнат учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови и верувања, интереси, лични цели и вештини | Психолог<br>Наставници | Разговор<br>Индивидуална и групна работа | „Прирачник за образование за животни вештини“<br><br>„Прирачник за наставници за личен развој на учениците“<br><br>„Кариерно советување во основно, средно и високо образование“ | Идентификување и соочување со сопственото „јас“<br>Учениците да ги откријат, истражат и испитаат сопствените желби<br>Воочување на сопствените таленти и способности<br>Согледување на сопствените капацитети<br>Саморефлексија во однос на сопствените интереси | Учениците ги откриваат сопствените желби, интереси и афинитети, таленти и способности<br><br>Подготвеност и избор на средно образование |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно учество на учениците при реализирање на првата тема од наставната програма од предметот „Граѓанско образование“ во осмо одделение: „Претстава за себе како граѓанин“ и деветто одделение: „Граѓански идентитет“ | Учениците да знаат што е идентитет, како се формира и изразува и да препознаваат идентитетски карактеристики<br>Да ги препознаваат и вреднуваат сопствените особини и да ги поврзуваат со успесите и тешкотиите со кои се соочуваат во одредени ситуации<br>Да умеат да препознаваат општествени и лични вредности<br>Да ја согледаат потребата од планирање на својот професионален развој | Наставник по „Граѓанско образование“<br>Психолог | Групна и индивидуална работа, работилници, записи, проекти, наставни ливчиња | Наставна програма по „Граѓанско образование“<br><br>Дополнителна литература | Интегрирање на првата тема од наставната програма по „Граѓанско образование“ во ученичкото портфолио на учениците | Подготвеност и избор на средно образование |
| Спроведување на проценка на способностите и професионалните интереси на учениците | Откривање на професионалните интереси и самопроцена на сопствените способности | Психолог | Индивидуална работа, одговарање на прашалници | Прашалник за самопроцена на интересите и способностите | Добивање сознанија што ќе им помогнат на учениците при избор на средно образование<br>Оспособување на учениците<br>за самопроцена | Подготвеност и избор на средно образование |
| Творење на тема: „Мојата идна професија“ | Учениците да можат да ги изразат своите желби преку литературна и ликовна творба | Психолог<br>Наставници | Индивидуална и групна работа | „Кариерно советување во основно, средно и високо образование“ | Да се развие кај учениците желба за размислување за нивната идна професија<br>Да се поттикне ученикот да ги идентификува своите интереси, лични цели и вредности | Подготвеност и избор на средно образование |
| **2. И 3. ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТА ЗА ШКОЛУВАЊЕ** | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активноста** | **Методи/ Форми на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување | Стекнување знаења за различни информациски понуди за видови училишта и информирање на учениците за мрежата на средни училишта | Психолог Наставници | Советувања, информирање, давање насоки за пребарување и истражување, брошури | Брошури, интернет страници на средни училишта, портали на надлежни институции | Учениците да се оспособат за тоа како да најдат информации за можностите за образование и градење на кариера<br>Избирање и селектирање на релевантни податоци за видови професии | Подготвеност и избор на средно образование |
| Организирање на презентации преку кои стручните училишта ќе се претстават пред учениците | Обезбедување на реален контакт, односно директна средба со идните професии | Психолог Наставници | Групно информирање преку презентации од страна на средните училишта | Претставници од средните училишта | Дополнување и унапредување на своето претходно стекнато теоретско знаење | Подготвеност и избор на средно образование |
| Реализирање на работилница со учениците од осмо и деветто одделение | Поттикнување на учениците да размислуваат и рефлектираат во однос на тоа кои информации што ги добиле се релевантни за нив и нивните интереси и цели | Психолог Наставници | Дискусија Индивидуална работа и групна работа Насочување | „Прирачник за образование за животни вештини“ „Прирачник за наставници за личен развој на учениците“ „Кариерно советување во основно, средно и високо образование“ | Оспособување на учениците за критичко размислување во правец на спознавање на своите афинитети и поврзување со профилот на личност кој се бара за одредена професија | Подготвеност и избор на средно образование |

| **4. РЕАЛНИ КОНТАКТНИ СРЕДБИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активноста** | **Методи / Форми на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на институции, претпријатија, организации и саеми за вработување | Обезбедување на реален контакт, односно директна средба со идните професии | Психолог<br>Наставници<br>Родители | Посети, интервју, анкетирање, следење на работата на претпријатија | Институции<br>Претпријатија<br>Организации | Добивање на сознанија за идните професии<br>Дополнителна обработка на стекнати сознанија со цел во целост и самостојно да се информираат за професиите кои ги интересираат | Подготвеност и избор на средно образование |
| **5. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА** | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активноста** | **Методи/Форми на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| Индивидуални советувања со ученици | Поддршка на учениците при избор на средно образование | Психолог | Индивидуални советувања | Ученички портфолија | Оспособување на учениците за самостојно донесување на одлука за избор на средно образование | Подготвеност и избор на средно образование |
| Групни советувања со родители/ старатели и ученици | Вклучување на родителите/ старателите во процесот на избор на средно образование | Психолог<br>Наставници | Групно советување | Ученички портфолија | Родителите да се охрабрат да развијат сопствени компетенции за родителство во насока на охрабрување на детето за донесување на самостојна одлука при избор на средно образоване | Подготвеност и избор на средно образование |

**Тим од училишен психолог и наставници**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 27**

## ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ, ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | **Акционен план за заеднички активности на учениците и наставниците за превенција од насилство 2024/2025** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| Врсничкото насилство кај тинејџерите | Предавање од психолог | Месец октомври | Одговорен наставник од 7 или 8 одделение | Предавање во паралелките со најмногу 25 ученици | презентација, наставни листови | Меѓусебно дружење и прифаќање | Тим за превенција од насилство |
| Обработка и анализа на содржината на лектира „Грдото пајче“ | Roby vs Bullying | Месец октомври | Актив II одделение | Обработка на лектира „Грдото пајче“ со примена на роботика во наставата до развивање на емпатија | лектира, презентација, наставни листови | Развивање на емпатија и зголемување на соработката меѓу учениците | Тим за превенција од насилство |
| Стоп за насилство врз жената и девојчињата | Одбележување на светскиот ден на насилството врз жената | 25 Ноември ( 16 дена активизам) | Одделенски наставници (6-9 одд.) | Момчињата преку цртеж да ја искажат својата почит и поддршка кон девојчињата. Девојчињата во писмена форма, анонимно, да изложат свое доживување или на близок член на семејството кога се нашле во ситуација врз нив да биде извршено насилство | презентација | Подигање на свеста за заштита на девојчињата. Ослободување од стравот за пријава на насилство | Тим за превенција од насилство |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Интернетот не е само игра. Кликај безбедно! | Интерактивни предавања од страна на А1 | Месец декември | Активот на IV одделение | Едукативни и интерактивни предавања со кои ќе се збогати знаењето за интернетот, како безбедно да бидат дел од светската мрежа. | презентација | Безбедно користење на интернетот и заштита на личните податоци | Тим за превенција од насилство |
| Безбедност во сообраќајот | Едукативно предавање од СВР Скопје | Месец февруари | Актив II одделение | Едукативни и интерактивни предавања со кои ќе се збогати знаењето за сообраќајот | презентација, наставни листови | Грижа за својата безбедност во сообраќајот | Тим за превенција од насилство |
| Едукативни работилници против врсничкото насилство | Работилница спроведена од Тимот за превенција од насилство | Месец март | Одделенски наставници (6 и 7 одд.) | Работилници за осознавање на сличностите меѓу учениците и поддржување на различностите | презентација | Развивање на критичко мислење и толеранција | Тим за превенција од насилство |
| Едукативни работилници против врсничкото насилство | Работилница спроведена од Тимот за превенција од насилство | Месец април | Одделенски наставници (8 и 9 одд.) | Работилници за осознавање на сличностите меѓу учениците и поддржување на различностите | презентација, работилници, наставни листови | Развивање на критичко мислење и толеранција | Тим за превенција од насилство |

## ПРОТОКОЛ ЗА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПОСТАВУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ

***Интервентни активности***

За да се планира и реализира на најдобар начин интервенцијата за заштита на децата потребно е да се земат во предвид следните критериуми :

- Дали насилството се случува или постои сомнеж за насилство;
- Каде се случува-дали во училиште или надвор од него;

- Кои се учесниците во насилството, злоупотребата и запоставувањето;
- Обликот и интензитетот на насилството, злоупотребата и запоставувањето;

Согласно проценката на нивото на ризик се донесува одлука за начинот на реагирање:

1. случајот се решава во училиштето;
2. случајот се решава во училиштето во соработка со други релевантни установи;
3. случајот се проследува на други надлежни служби;

**СЕКОЈА ЛИЧНОСТ КОЈА ИМА СОЗНАНИЈА ЗА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ Е ДОЛЖНА ДА РЕАГИРА**

**Чекори-редослед во постапките во интервенцијата**

Чекорите се прикажани во однос на следните ситуации:

➢ Во случаите на насилство или сомнеж дека насилството се случува **ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ;**

➢ Во случаите кога ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од страна на **ВОЗРАСНА** личност **ВРАБОТЕНА** во училиштето;

➢ Во случаите кога ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од страна на **ВОЗРАСНА** личност која **НЕ Е ВРАБОТЕНА** во училиштето.

**1. СОЗНАНИЕ ЗА НАСИЛСТВО - ОТКРИВАЊЕ** е првиот чекор за заштита на ученикот од насилство. Тоа во училиштето најчесто се одвива на два начини:

- набљудување или добивање на информација дека насилството е во тек;
- сомнеж дека насилството се случува врз основа на:
- идентификација на надворешни знаци или специфично однесување на ученикот и семејството или
- доверување,непосредно од страна на самиот ученик и/или од страна на трета личност (врсник, родител, старател)

**2. ПРЕКИНУВАЊЕ, ЗАПИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО -** секој возрасен кој има сознанија за насилство (дежурниот наставник,наставник,одделенски раководител,секој вработен во училиштето) е должен да реагира така што ќе го прекине насилството или ќе побара помош (доколку процени дека самостојно не може да го прекине насилството);

**3. СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА -** се подразбира обезбедување на ученикот, раздвојување, разговор со учесниците....

**4. КОНСУЛТАЦИИ** се остваруваат непосредно по појавата на сомнеж и/или по добиена информација за насилство. Консултациите се вршат во училиштето:

- со колегите;
- со Тимот за заштита на ученикот од насилство;
- со директорот, педагогот, дефектологот;
- во зависност од сложеноста на ситуацијата, консултациите можат да се вршат и со служби надвор од училиштето: со ЦСР, Здравствена установа, ОВР и сл.

**Консултациите се важни за:**

- Да се разјаснат околностите и на прав начин да се анализираат фактите;
- Да се процени нивото/степенот на ризик;
- Да се направи план за заштита;
- Да се избегне конфузијата и да се спречат некоординираните активности,кои можат да водат до повторно насилство;

**Во консултациите треба :**

- Да се даде детален, објективен опис, без оценка и интерпретација, водејќи грижа за приватноста на ученикот и другите учесници во насилството;
- Да се дефинираат улогите, задачите и одговорностите;
- Да се донесе одлука за начинот на реагирање и следење на ефектите од превземените мерки;

**ВАЖНО:** Во текот на консултациите со колегите во училиштето или надвор од него битно е да се почитува **принципот на доверливост,** како и принципот на **заштита на ученикот.**

По откривање на насилството и консултирањето со релевантните стручни лица или установи, можно е во зависност од тежината, **да се превземат следните активности:**

- Преземање на неопходни мерки на ниво на училиште (информирање на родителите за насилството или личност од доверба во случај на сомнеж за насилство во семејството, договор за заштита на ученикот.
- По потреба се вклучуваат надлежни служби: здравствена установа, ОВР, ЦСР и сл.

Поднесување на пријава на надлежни служби е обврска на директорот на училиштето. Пријавата се поднесува во усна и писмена форма.

**ВАЖНО:** Во воспитно-образовните установи нема место за истрага и докажување на злоупотребата и занемарувањето. Тие задачи се во надлежност на други служби.

**УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО**

**Раководен кадар:**

1. Запознавање со Протоколот за постапување во случај на насилство;
2. Избор на членови во Тимот за заштита на децата од насилство;
3. Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство над учениците;
4. Поднесување на пријави до надлежни институции;
5. Следење и вреднување на преземените мерки за заштита на учениците преку постојана соработка со тимот;

**Членови на тимот:**

- Учествуваат во обука за заштита на учениците од насилство;
- Запознавање на учениците и родителите со Протоколот за заштита на учениците од насилство и злоупотреба;
- Ја координираат изработката и реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство;
- Организираат консултации во училиштето и го проценуваат нивото на ризик за безбедноста од насилство;
- Соработуваат со релевантни установи;

- Евидентирање на појава на насилство.
- **Одделенски наставници:**

*Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, прибирање на информации, информирање на родителите, договор за заштитни мерки, следење на ефектите на преземените мерки, следење на однесувањето на потенцијалните ученици)
*Задолжително водење на сопствена евиденција за појавата на насилство помеѓу учениците;
*Задолжително на одделенскиот час запознавање на учениците со куќниот ред на училиштето, кодексот за однесување на учениците, како и со протоколот;
*Разговори со учениците од паралелката и проценка на нивото на ризик од насилство над нив;
**Дежурни наставници:**
*Запознавање со Протоколот и обврските за учество во интервенција;

- Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени(прекинување на насилството помеѓу учениците,смирување на ситуацијата,информирање на одд.раководител)
- Задолжително водење на евиденција за појава на насилство во евидентна книга на дежурните наставници;

**Други вработени во училиштето:**
*Запознавање со Протоколот и обврските за учество во интервенција;
*Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени(прекинување на насилствопто помеѓу учениците,смирување на ситуацијата, информирање на одделенскиот раководител)
Ученици:
*****Запознавање со Протоколот и обврските за учество во интервенција;
*Дежурните ученици го известуваат дежурниот наставник за насилство меѓу учениците во училиштето;
*Одделенската заедница го известува одделенскиот раководител, предметниот наставник во случај на насилство во паралелката.

# П Р О Т О К О Л
# ЗА ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК - ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да се запознаат учениците со ставот на училиштето во однос на насилството во училиште** | **Спроведување на работилница со учениците : презентација на ревизијата, гледање филм, бура на идеи за спречување на насилството Ликовно творење и презентација Пишување пораки и пароли** | **Ученици од I-во и IX-то одд.** | **стручни соработници, одд.раководители** | **Прво полугодие** | **По два часа во паралелка ( 14 часа)** | **Училница, ЛЦД, компјутер, платно, хартија, прибор за пишување** | **Се добива приближно реална слика за насилството во училиштето Учениците да се вклучат во надминување на состојбата со насилството во училиштето** |

ОУ „Киро Глигоров“ Скопје, го изработи овој Протокол согласно со член 66 став 2 од Законот за основно образование во врска со спречувањето на насилство врз учениците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019 и бр.229/20) и согласно со Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од Министерство за образование и наука бр.18-6570/1 од 6.7.2020 година.

Целите на основното образование вклучуваат обезбедување на систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, развивање самодовербата и свесноста за својата индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите и човековите права, подготвување на учениците за одговорен живот во слободно и демократско општество и унапредување на здравиот начин на живеење. Остварувањето на овие цели не е возможно доколку училиштата не се безбедни

средини, доколку насилството се премолчува, жртвите се оставаат сами на себе, а сторителите не се санкционираат со што премолчено се оправдува насилното однесување.

Законот за основното образование (во натамоѓен текст: Законот) предвидува обврска на основните училишта да постапуваат во случаите на насилство над ученик/чки, да преземаат мерки за заштита на учениците-жртви на насилство и да спроведуваат активности за превенција од насилство.

Со Законот се предвидува забрана за дискриминација врз која било основа во сите области на дејствување во основното училиште, додека вработените се задолжуваат да ја применуваат еднаковоста и правичноста меѓу сите ученици и активно да спротиставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

Секој вработен во училиштето има обврска да се грижи за најдобриот интерес на ученикот, да го почитува неговото достоинство и правата на детето согласно со Конвенцијата за првата на детето на Обединетите нации.

Според член 66 се предвидува обрвска на директорот да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување и да спроведе мерки за заштита на ученикот жртва, ученичката жртва.

Упатството ги уредува мерките и активностите кои ги преземаат основните училишта во случаите на насилство над ученик/ученичка. Упатството се употребува во сите случаи на каков било вид на насилство направено над ученик/ученичка, без разлика кој е сторител на насилството и без разлика каде се случило насилството, злоупотребата или занемарувањето. Секое училиште е должно да усвои одредби во постоечки интерен акт (како на пример во куќниот ред) или да усвои засебен интерен акт (на пример, политика, правила на однесување или протокол за спречување на насилство и дискриминација) со кои гопропишува начинот на однесување на учениците, вработените, родителите, односно старателите и членовите на телата на училиштето поврзани со забрана за насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Одредбите мора да бидат јасни, прецизни и сеопфатни, да ги предвидат различните видови на насилство, да ги опфатат сите сегменти од училишниот живот и прецизно да пропишуваат кое однесување е забрането и кои се последиците од насилничкото и дискриминаторското однесување.

**ПОИМНИК:**

- Насилство – сите форми на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Ученик - секој ученик или ученичка запишан/на во основното училиште;

- Ученик жртва - секој ученик за кој училиштето има сознанија или се сомнева дека доживеал или доживува насилство;
- Ученик сторител - секој ученик за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основни сомненија дека е сторител на насилство;
- Сторител - секој ученик или возрасен за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основни сомненија дека сторил насилство;
- Училиште – секое основно училиште на територијата на Р.С.М.;
- Вработени – сите вработени во основното училиште;
- Наставници - сите наставници вработени или ангажирани во основното училиште;
- Стручни соработници - сите стручни соработници вработени или ангажирани во основното училиште (педагог, психолог, библиотекар, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, дефектолог и др.);
- Интерен акт - се однесува на интерен акт на училиштето кој содржи правила за начинот на однесување на учениците, вработените , родителите, односно старателите, и членовите на телата на училиштето поврзани со забрана за насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација. Интерниот акт може да биде куќен ред, протокол, правила на однесување, сличен документ или дел од тој документ.
- Контакт лице - лице за пријавување насилство: стручен соработник и негов заменик назначен од директорот на основното училиште како контакт-лице за пријавување насилство во рамките на училиштето;
- Виктимизација - трпење на штетни последици од страна на лице поради преземање дејства за заштита, односно пријавување на насилство, започнување постапка за заштита, дискриминација или друга повреда на правата.

**ПРИНЦИПИ**

Основното училиште е должно да ги почитува основните и фундаментални принципи при спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство. Основни и фундаментални принципи при одговорт на училиштето во случаите на насилство над ученик/чка се:

- Најдобар интерес на детето
- Еднаквост и забрана за дискриминација
- Почитување на различностите и правото на самоопределување
- Учество
- Приватност
- Доверливост
- Жртвата не е виновна
- Пропорционалност
- Информираност

- Стручност и одговорност
- Должно внимание
- Правата на детето
- Забрана за непотизам и корупција

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство над ученици, училиштето не смее да ги прекрши фундаменталните принципи, а активностите и мерките кои се преземаат не смеат да резултираат со повреда на принципите.

**ВИДОВИ НАСИЛСТВО**

- **Злоупотреба** - преставува насилство што се повторува често врз истата личност. Злоупотреба во училиштето преставува се што некој поединец или институција прави или не прави, што директно влијае или индиректно му наштетува на ученикот;
- **Занемарување или негрижа** - значи неуспех да се задоволат физичките и психолошките потреби на ученикот, да се заштити од опасност или да се даде медицинска грижа, регистрација во книгата на родените, кога оние кои се одговорни за грижата на учениците имаат средства, знаење и пристап до услугите за да го сторат тоа. Занемарувањето се разликува кај сиромашните семејства кога родителот, односно старателот и покрај желбата не се во состојба да му го дадат на ученикот она што му е потребно за неговиот развој. Занемарувањето во училиштата преставува негрижливо постапување, односно пропусти и недоволна насоченост и посветеност на вработените во училиштата, односно неможност да одговараат на нивните основни развојни потреби и барања;
- **Експлоатација** - се однесува на искористување на ученикот или на неговата работа сила од страна на родителите, односно старателите. Тоа опфаќа и киднапирање и продажба на ученик поради работна или сексуална експолатација;
- **Физичко насилство** - преставува однесување во кое преку употреба на физичка сила со или без други средства се посегнува по телото на ученикот. Физичкото насилство често пати има и фатален исход. Телесното казнување исто така претставува користење на физичка сила со цел да се предизивика одреден степен на болка или непријатност. Учениците со попреченост можат да бидат предмет на посебни форми на физичко насилство;
- **Психичко насилство** - психолошко малтретирање, вербална злоупотреба и емоционална злоупотреба. Тоа вклучува: закани, заплашување, тероризирање, искористување, не сакање, игнорирање, понижување, изложеност на семејно насилство, самица, ставање во ќош, повредување на чувствата на ученикот и друго;
- **Емоционалното насилство** - однесување кое доведува до моментално или трајно загрозување на психичкото и емоционално здравје и достоинство на учениците. Тоа вклучува: озборување, игнорирање, неприфаќање, манипулирање, заканување, уцена, обраќање со погрдни зборови и др.;

- **Социјално насилство** - одвојување на ученикот од другите врз основа на различноста, доведување во позиција на нерамноправност и нееднаквост, дискриминација, недружење, игнорирање и неприфаќање;
- **Сексуално насилство** - вербално, физичко или симболичко однесување од секлуална природа со кое ученикот сексуално се вознемирува, наведува или принудува на учество во активности од сексуална природа кои ученикот не ги сака, не ги разбира или нема постигнато соодветно ниво на психо – социјален развој за да може да се согласи;
- **Врсничко насилство (Булинг)** - збир на намерни негативни постапки, задевање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност или штета на друг ученик. Овие постапки се подолготрајни и насочени кон ист ученик или група ученици од страна на ист ученик или од страна на иста група на ученици;
- **Кибернасилство** – преставува облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, мобилен телефон или слични уреди. Подразбира праќање на навредливи, деградирачки и непосакувани СМС пораки, ММС пораки, фотографии и видеоклипови, праќање на е-меил, чет и друго;
- **Насилство мотивирано од омразна или предрасуди** - сите видови насилстава можат да бидат мотивирани од омраза или предрасуди поврзани од личните карактери на ученикот жртва, на неговите родители, односно старатели, браќа, сестри, на родовиот идентитет, раса, боја на кожа, етничка и национална припадност и слично.

Секој одделенски раководител на паралелката е должен да го престави овој протокол и Упатството на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците, преку дискусија, и интерактивни вежби и размена на мислења.

Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и покренување на свеста кај учениците во врска со спречување насилство.

Директорот на училиштето во соработка со стручните соработници спроведува континуирани обуки, а најмалку два пати годишно за спречување и заштита од насилство. Училиштето ги прилагодува обуките на моменталните знаења, капацитети и потреби на вработените во училиштето. За реализација на обуките, училиштето може да соработува со надворешни експерти, образовни институции и здруженија на граѓани.

Училиштето е должно редовно, најмалку еднаш во 4 (четири) години да го ажурира интерниот акт, согласно со потребите на сите лица вклучени во училишниот живот.

**<u>ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО</u>**

Секој е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик без разлика дали насилството се случило во училиштето, на пат до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

Наставниците, стручните соработници и директорот се должни да го препознаат насилството. Вработените внимаваат на следните знаци, кои можат да се појават кај учениците кои се поврзани со насилство:

- На физички и физиолошки план - траги од повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен и неуреден изглед, скршени или искинати работи, проблеми со исхрана, болки во стомакот, главоболки, повраќање, скршеници, проблеми со спиењето (или претерано долго спиење).
- На емоционален план - плачливост, повлеченост, или претерана активност, раздразливост, појава на невообичаени претерани стравови, агресивно и автодеструктивно однесување, молчаливост, невообичаена говорливост, гледање во „празно“ , ноќни кошмари, консумирање алкохол / наркотици, страв да остане сам, страв од дружење со други луѓе, ноќно мокрење во кревет, лажење, грицкање нокти, нарушување во говор и друго.
- Однесување во училиште / однесување дома - значајно намалување на успехот, појава на неоправдани изостаноци, исчезнување на работи (како на пример: мобилен, предмети од облека, чанти, односно ранци, тетратки, пари и слично) немање концентрација за учење, доцнење, одбегнување на одговорности, не носење на домашни работи, избегнување или не учество во редовни активности, невообичаени начини на играње (кај помалите деца), избегнување на физички допир, силен страв од возрасни, манифестен страв од враќање дома или од одење во училиште, избегнување да се користи мобилен телефон или сличен уред или негово пречесто користење (кај кибернетско насилство) и слично.

Важно е да се обрне внимание на екстремностите, зачестеноста, времетраењето и повторувањето на поединечните симптоми.

**ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО**

Прекинувањето на насилство зависи од видот на насилството, бројот на ученици вмешани во него и нивната возраст.

Вработените се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството.

Доколку станува збор за посериозна форма на насилство (тепачка помеѓу поголем број ученици, или ако се употребува нож или друго оружје), а вработените проценуваат дека не можат сами да го сопрат, веднаш повикуваат полиција.

Доколку сторител на насилството е возрасен, без разлика дали станува збор за друг вработен во училиштето, трето лице, родител, односно стрател, училиштето има обврска да повика полиција или Центар за социјална работа.

Доколку сторителот е вработен во училиштето, директорот е должен да го прекине работниот однос со сторителот, а до тогаш да изрече привремена мерка отстранување од работа на работникот се до донесувањето на одлука за отказ на договорот за вработување во согласност со Законот за наставници и стручни соработници во основното училиште и Законот за основно образование, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи што важат за работните односи.

Во случаите кога вработените се сомневаат дека некој ученик/ученичка е жртва на каков било вид насилство, без разлика каде се случува и без разлика кој е потенцијален сторител, вработените се должни да го информираат конакт - лицето за пријавување на насилство, по што контакт - лицето разговара со ученикот, односно ученичката и/или со други лица кои би можеле да имаат сознанија.

Наставниците и стручните соработници разговараат со родителите, освен во случаите кога разговорот со родителоте не е во најдобар интерес на детето (пр. кога постои сомнеж дека родителот е сторител или на друг начин е одговорен за насилството, или пак вмешувањето на родителот би можело да предизвика насилство врз ученикот). Во овие случаи секогаш е препорачливо да се повика Центарот за социјални работи.

Доколку станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот или на друго место, вработените ја добиле информацијата преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, вработениот кој тоа го забележал го известува контакт – лицето за пријавување на насилство кое во соработка со другите стручни соработници и релевантни наставници можат да разговараат со ученикот/ученичката или со други лица со цел да добијат попрецезни информации. Овие случаи училиштето е должно да ги пријави во Центарот за социјални работи.

**<u>СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА</u>**

Откако насилството е прекинато, вработените превземаат мерки за смирување на ситуацијата:

- Вработениот кој го прекинал насилството задолжително го информира и го вклучува контакт - лицето (од стручната служба) за пријавување на насилство кое ја води оваа фаза;
- Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува прв пат како наведените во табела бр.1 (ПРВО НИВО), вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт - лицето за пријавување на насилството, туку сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно да влијае или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт – лицето;
- Кога станува збор за инцидент на насилство од табела бр.1, кој се повторува или за насилство од табелите 2 и 3 (второ и трето ниво), вработениот е должен да го повика контакт – лицето;

- Контакт - лицето може да одлучи во оваа фаза да повика и претставници од други институции, како полиција, Центар за социјална работа, Здравство или кое друго лице кое согласно експертизата и службената положба може да помогне во смирување на ситуацијата;
- Кога станува збор за случај на насилство од табела бр. 3, мора да се повикаат претставници од други институции;
- Секогаш кога повикува други институции, контакт - лицето ќе го информира директорот, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција;
- Во случаите кога се вклучуваат претставници од други институции, за најголем дел од случаите е препорачливо контакт - лицето и вработените од училиштето да ги направат разговорите со училиштето.

**<u>НАСОКИ ЗА РАЗГОВОР</u>**

- Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и сведоците,
- Насочете го вниманието на конкретните постапки и однесување,
- Без осудување, согледувајте ја ситуацијата без намалување или преувеличување,
- Внимателно слушајте што ви зборуваат учениците, не само тие што трпат насилство туку и тие кои го извршиле насилството и тие кои ги набљудувале,
- Не интерпретирајте, не менувајте, не толкувајте, не заземајте страна,
- Користете речник што ги користат и учениците кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување,
- Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте, а не тврдете,
- Приверете дали точно, правилно сте разбрале што ви кажале учениците,
- Разговарајте смирено, не реагирајте шокирано, со недоверба,
- Покажете дека верувате во тоа што ученикот ви го зборува, за да го охрабрите да ви раскаже што повеќе

**<u>ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ПРОМЕНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА СТОРИТЕЛОТ</u>**

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.

План за заштита на ученик от жртва и промена на однесувањ е на сторителот може да вклучува:

- Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог или други стручни соработници,
- Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот, табела бр. 1, 2 и 3, преместување во друга паралелка,

- Мерки за физичко одделување на жртвата се употребуваат само доколку е неопходно, доколку жртвата тоа го бара и доколку е во најдобар интерес ослободување од настава за одреден период, ослободување од обврски по одредени предмети и вонанставни активности и можност за привремено учење од дома,
- Мерки за промена на однесувањето на сторителот - се применува само ако стоерителот е друг ученик или ученици. Вклучуваат психо - социјална поддршка од психолог и упатување на родителот на психоцоцијално советување на родителот во надлежната установа,
- Педагошки мерки кон сторителот согласно Законот за основно образование се изрекуваат само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и тогаш се работи за случај на насилство од табела бр.2 и 3,
- Преместување на сторителот во друго училиште - овие мерки се користат за случаите на насилство од табела бр. 2 кои се повторуваат или случаите од табела бр. 3 и не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата од насилство (во случаи кога има голема траума за жртвата со последици врз здравјето и психо - физичкиот развојот на жртвата,
- Мерки за поддршка на набљудувачите или сведоците - контакт - лицето или друг стручен соработник или друг наставник спроведува мери за поддржување или промена на однесувањето на учениците, сведоците или набљудувачите. Овие мерки вклучуваат разговарање, објаснување на случајот и околностите, оставање простор да го покажете своите разлислувања поврзани со случајот.

Крајна цел на овие мерки е учениците да не го оправдуваат насилството и да разберат зошто ова однесување е штетно. Не смеат да се водат во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Овие ученици не смеат да се осудуваат или обвинуваат ако не го пријавиле навремено, ако навивале и слично. Ако се однесува за насилство од табела бр. 2 или 3, тогаш им се нуди психо - социјална поддршка од психологот, може да се вклучат во едукативни активности, прадавања и работилници на теми поврзани со случаи на насилство, за ненасилна комуникација и врсничка поддршка на жртви на насилство.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на наејзините желби и потреби.

Контакт - лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се преземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува, осудува, туку треба да се влијае врз промена на неговото однесување и врз факторите кои довеле до насилничкото однесување .

Родителите, односно старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработка на Планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

Доколку родителите, односно старателите на учениците не се соработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку истите се однесуваат насилнички или може да дојде до насилство училиштето повикува полиција, а по потреба и други институции.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува, се оценува дали дава резултати.

Училиштето го одреди лицето Марина Стојановска во училиштето за одговорно лице задолжено за спроведување на овој Протокол, а за нејзин заменик го одреди лицето Дијана Митевска.

Одговорното контакт - лице е должно да го евидентира секој случај на насилство над ученик во определен формулар .

Овој Протокол ќе биде презентиран на Наставнички совет, на одделенски час на паралелката, на Совет на родители и Училишен одбор и ќе биде објавен на веб страната на училиштето.

Остварувањето на овие цели не е возможно доколку училиштата не се безбедни средини, доколку насилството се премолчува, жртвите се оставаат сами на себе, а сторителите не се санкционираат со што премолчено се оправдува насилното однесување.

Секој вработен во училиштето има обврска да се грижи за најдобриот интерес на ученикот, да го почитува неговото достоинство и правата на детето согласно со Конвенцијата за првата на детето на Обединетите нации.

Според член 66 се предвидува обрвска на директорот да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување и да спроведе мерки за заштита на ученикот жртва, ученичката жртва.

Секој одделенски раководител на паралелката е должен да го престави Протоколот на однесување во училиштето и Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, (издадено од Министерство за образование и наука бр.18-6570/1 од 6.7.2020 година) на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците, преку дискусија, и интерактивни вежби и размена на мислења.

Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и покренување на свеста кај учениците во врска со спречување насилство.

Директорот на училиштето во соработка со стручните соработници спроведува континуирани обуки, а најмалку два пати годишно за спречување и заштита од насилство. Училиштето ги прилагодува обуките на моменталните знаења, капацитети и потреби на вработените во училиштето.

За реализација на обуките, училиштето може да соработува со надворешни експерти, образовни институции и здруженија на граѓани. Наша цел е да поддржиме воспоставување на ефективен процес за идентификација и упатување во случаите на насилство врз деца, поврзувајќи ги образованието, здравството, судството, полицијата, социјалната заштита и граѓанските организации . Поддржуваме развивање и имплементација на програми и услуги за позитивно родителство заради зајакнување на професионалците кои работат со деца, родителите и членовите на заедницата.

**Табели со категоризација на насилство**

| Табела 1-Прво ниво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоциоонално/психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| удирање „чврги“<br>буткање<br>штипење<br>гребење<br>кубење<br>гризење,<br>сопнување<br>шутирање<br>валкање<br>уништување на предмети | исмевање,<br>омаловажување,<br>озборување,<br>Навредување,<br>ословување со поогрдни имиња,<br>пцуење,<br>имитирање<br>„прозивање“ | дофрлање<br>потсмевање,<br>игнорирање | дофрлање,<br>пцуење,<br>Негативни коментари<br>гестикулирање со сексуална алузија | Повремени вознемирувачки повици на телефон<br>вознемирувачки СМС,<br>ММС-пораки,<br>вознемирувачки поракина социјалните мрежи итн. |
| **Табела 2-Второ ниво** | | | | |
| **Физичко насилство** | **Емоциоонално/психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| Шлаканици,<br>Удирање<br>Газење<br>Кинење на облека<br>Затворање,<br>Плукање<br>Одземање и уништување на сопственост | уценување<br>казни<br>Неправедно казнување<br>Етикетирање<br>Забрана за комуникација<br>Исклучување<br>Отфрлање<br>манипулирање | Сплеткарење<br>Игнорирање<br>Отфрлање<br>Невклучување<br>Неприфаќање<br>Манипулирање<br>Експлоатација | Сексуално допирање<br>Покажување на порнограски материјал<br>Покажување на интимните делови на телото<br>соблекување | Огласи<br>Клипови<br>Блогови<br>Злоупотреби на форуми и четувања<br>Сексуално насилство во видеоигри<br>Снимање со камера на насилни сцени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Исклучување од групата врз дискриминаторска основа<br>Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | | Дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност |
| **Табела 3-трето ниво** | | | | |
| **Физичко насилство** | **Емоциоонално/психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици/укажана помош од лекар,<br>Напад со палка, нож, оружје, кој може да има хатален исход,<br>Забрана на храна и спиење<br>Изпожување на ниски температури. | Застрашување со уцена<br>Рекетирање<br>Ограничување на движење<br>Наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални)<br>Вклучување во секти<br>занемарување | Сериозни закани за животот<br>Изживување на група над поединци/група<br>Дискриминација<br>Организирање на затворени групи (кланови)<br>Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | Заведување од страна на возрасни<br>Подведување<br>Злоупотреба на моќта<br>Наведување<br>Изнудување и принудување на сексуална активност<br>Силување<br>Полов напад врз дете кое не навршило 14 години<br>Задоволување на полови нагони пред друг<br>Обљуба со злоупотреба на положба | Дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност<br>Снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масивно дистрибуирани<br>прикажување на порнографски материјал<br>зроизводство и дистрибуција на порнографски материјал |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**Прилог бр.28**

## ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Планирање на тестови и писмени работи | Септември | Стручна служба и наставници | Презентација; дискусија; договор | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците; повисок успех |
| Составување на објективни тест прашања; изготвување бодовна скала; формирање оцена | Октомври | Одговорни наставници | Презентација; работилница; дискусија | Правилно поставување на објективни тест прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа и процена на објективноста на применетите тестови | Ноември | Одговорни наставници | Презентација; дискусија | Поуспешна изработка и примена на применетите тестови |
| Насоки за доставување на примероци од оценувања во наставничките портфолија | Декември | Педагогот на училиштето | Дискусија; договор | Успешна изработка на наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | Февруари | Директорот на училиштето | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците |
| Вреднување на ученици со потешкотии во развојот | Март | Стручна служба | Презентација; дискусија | Поголема мотивираност и повисок успех на ученици со потешкотии во развојот |
| Анализа на применетите објективни тестови | Мај | Одговорни на одделенски совети | Презентација; дискусија | Поуспешна изработка и примена на објективни тестови |
| Анализа на годишниот успех на учениците | Јуни | Директор и стручна служба | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците |

## Прилог бр.29

**План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**

| Планирана програмска активност | Носители на активности | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за подршка на планирањето за посета на часови | - директор<br>- стручни соработници<br>- наставници | - Анализа на состојбата<br>- Распоред на часови<br>- Стручни материјали<br>- Извештај од посетени часови | - Прашалник за наставниците | Септември | - Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови | - директор<br>- стручни соработници | - Следење на планирањата на наставниците<br>- Дневна подготовка на наставниците | - Инструмент за евалуација на часот | Во текот на годината | - Подобар квалитет при реализација на часовите<br>-Користење современи приоди во наставата |
| Евалуација | - директор<br>- стручни соработници<br>- наставници | - Програми и подготовки на наставниците | - Прашалник за наставниците<br>- Обработка на податоците од увид на часовите<br>- Пополнети инструмент и | Јуни | - Зголеменост на ефикасноста на наставата |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14  1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745,  e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**Прилог бр.30**

## Програма за самоевалуација на училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Формирање комисија за спроведување на самоевалуација | Август | Директор<br>Училишен одбор | Анализа и дискусија | Формирана комисија |
| Формирање на тимови | Август | Директор | Анализа и дискусија | Успешно спроведена самоевалуација |
| Определување на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Септември | Координаторите на тимот и - тимот за самоевалуација | Користење на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Добивање на валидни показатели за работењето на училиштето |
| Прибирање и анализа од сите седум области | Септември | Тимовите од сите седум области | Анкети, разговор, разменување мислења | Согледување на состојбите |
| Изготвување на извештај за извршената самоевалуација | Октомври | Училишна комисија за спроведената самоевалуација | Предлог мерки | Согледување на состојбите |
| Усвојување на самоевалуацијата | Ноември | Наставнички совет<br>Училишен одбор | Анализа и дискусија | Надминување на слабите страни |

**ПРИЛОГ БР. 31**

# ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

**ВОВЕД**

Планот за заштита од загрозеност на ООУ „Киро Глигоров” Скопје, Општина Центар, од природни непогоди и други несреќи се заснова на реалната проценка за можната загрозеност на вработените, учениците и други лица кои ќе престојуваат во училиштето и на просторот околу него.

**1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

- ЛОКАЦИЈА

ООУ „Киро Глигоров” – Скопје, Општина Центар, се наоѓа на ул. Адам Мицкиевиќ, бр. 14, како самостоен јавен училиштен објект со подрум наменет како јавен паркинг, приземје и два кат, со вкупна површина површина од околу 9500м2, и спортска сала од 1200 м. круг на ООУ со површина од околу 12000 м2.

Во училишниот објект има три излези. Кругот на училиштето од сите страни е ограден со метална ограда и има два влеза, од северната страна од ул. Васил Ѓоргов, од каде има и влез за паркиралиштето во подрумот на училишниот објект. Главниот влез е од источната страна од ул. Адам Мицкиевиќ. Загревањето на училиштето е со радијатори поврзано со градското затоплување (БЕГ). Има поставено 30 ППА С-9, 4 ППА ЦО2-5, во подрумот-јавниот паркинг има 5 хидранти и хидрантска опрема за гаснење со пена. Има вградено внатрешна хидрантска мрежа со 6 ѕидни хидранти на приземје, 5 ѕидни хидранти на прв кат и 5 ѕидни хидранти на втор кат. Има автоматски и рачен систем за дојава на пожар со панични светла и сирена за тревожење, има класична громобранската инсталација.

- **КЛИМАТСКО ХИДРОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ИМААТ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗАГРОЗЕНОСТА ОД ПОЖАРИ**
- Клима

Во Р. Северна Македонија се судруваат два основни климатски типови: медитеранска и континентална клима.

- Хидрографија

Територијата на Р.С. Македонија располага со задоволителни количества вода. Во нашата земја има многу природни и вештачки акумулации од кои покарактеристични за Скопје се Матка и Козјак.

**1.2. ДЕЈНОСТА И НЕЈЗИНО ВЛИЈАНИЕ НА МОЖНОСТА ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА НЕПОГОДИ И НЕСРЕЌИ**

ООУ „Киро Глигоров” - Центар, Скопје врши образовна настава за ученици од прво до деветo одделение. Дејноста со која се занимава училиштето не претставува опасност за предизвикување на природни и други несреќи. Одредена опасност за појава на пожар доаѓа од електричната инсталација, од сервер собата, кабинетите, лабараторијата. Опасноста не е голема поради самиот карактер на дејноста.

## 1.3. ВЛИЈАНИЕ НА НЕСРЕЌИТЕ И НЕПОГОДИТЕ ВО ОБАВУВАЊЕТО НА ДЕЈНОСТА

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици по обавување на дејноста. Како последици од земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електрична енергија, вода и телефонски врски, опожарени простории, дефекти на канализационите мрежи, урнатини и друго. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени ученици и вработени, па дури и до човечки загуби.

## 1.4. ОБЈЕКТИ И КАПАЦИТЕТ

ООУ „Киро Глигоров” – Скопје е самостоен новоизграден училиштен објект, изработен по светски стандарди во врска со сигурноста и заштитата.

## 1.5. Густина на изграденоста на Училишните и други објекти

Растојанието меѓу објектите на изградената локација е према урбанистичкиот план и ги задоволува позитивните норми од тој аспект.

## 1.6. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајната инфраструктура до ООУ „Киро Глигоров” и околу објектот на училиштето, ги задоволува пропишаните безбедносни и други стандарди за сообраќај на специјалните возилата за заштита.

## 1.7. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Во ООУ „Киро Глигоров” има вработено вкупно 60 лица: директор, административен и наставнички кадар, лица за одржување и опслужување на училиштето. Учат вкупно околу 862 ученици од прво до деветто одделение.

## 2. ПРОЦЕНКА НА МОЖНИ РИЗИЦИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

-**Загрозеност од земјотреси**: Имајќи ги во предвид евентуалните земјотреси во град Скопје, со вработените и учениците два пати годишно се изведува симулациска вежба.

**-Засолништа :** Училиштето има подрум за адаптирање на засолништа.

**-Евакуација:** По дознавањето за настаната опасност веднаш се дава сигнал за опасност - евакуација и истата се изведува според планот за мобилизирање на вработените и учениците.

-**Загрозеност од поплави:** Веднаш да се превземат мерки за превенција и заштита според Планот за заштита на природни непогоди.

**-Загрозеност од урнатини:** Превентивни мерки и активности се планираат и спроведуваат со урбанистичкото планирање.

**-Загрозеност од снежни намети и луњи:** Во текот на зимските снежни денови редовно чистење на снегот и попрскува со сол и песок така да пристапноста да е редовна.

**-Загрозеност од пожари и експлозии:** Да се придржува кон мерките и Планот за евакуација и заштита.

**-Загрозеност од неексплодирани убојни средства:** Во таков случај вработените се должни да ја известат Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ како и полицијата

**-Прва медицинска помош :** Сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места. Доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување. Повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација.

**-Загрозеност од епидемии на заразни заболувања:** Од страна на Заводот за Здравствена заштита - Скопје редовно се врши надзор на квалитетот и бактериолошката исправност на водата во училиштето, како и санитарно - хигиенски надзор на работните површини и хигиена на вработените во училиштето. Надлежна служба од Заводот по барање на Установата, врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите во сите објекти.

**-Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација:** При евентуални случаи на радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, за спроведување на постапка за детекција, дозиметрија и деконтаминација ќе се остварува во соработка и содејство со:

- Министерство за здравство;

- Дирекцијата за радиациона заштита;

- Дирекцијата за заштита и спасување;

- Управата за хидрометеоролошки работи;

- Министерството за одбрана;

- Републичкиот завод за здравствена заштита;

- По потреба и со други органи и институции;

Евакуацијата се извршува доколку со другите мерки не е можно да се спречат последиците од евентуалните природни и други несреќи. По дознавањето за настаната опасност веднаш се дава сигнал ,,опасност- евакуација“ со долго и непрекинато ѕвонење од 30 секунди на училишното ѕвонче или со сирена, а во вонредни случаи и усно со сигнал. Потоа се врши мобилизирање на Штабот за ЗС, Универзалната Единица составена од две Универзални одделенија и обучените поединци за ЗС. Мобилизацијата ја врши Директорот-Командантот на штабот за ЗС на ООУ. Во моментот на непогодата наставниците кои одржуваат настава им кажуваат на учениците како да постапат: да се засолнат под клупи, маса (биро) или под отворот на врата, да не создаваат паника, да не го користат лифтот, а доколку се надвор од објект за време на земјотресот - да се одалечат од згради, електрични столбови, стаклени површини и др. Под надзор, вработените им помагаат на испаничените, и во најголем ред да го напуштаат објектот по предвидените правци за евакуација. Приоритет се дава на учениците и повредените, а истата треба да се врши со помош на скали од страна на Универзалната Единица за ЗС на училиштето и Општинскиот штаб за Заштита и спасување и обучените поединци вработени и наставничкиот персонал кои треба да бидат добро обучени за спасување со помош на скали. Ако при пребројувањето има некој од учениците или вработените останат во училишниот објект се активира Единицата за ЗС и врши пребарување спрема насоките за безбедност од спасување од урнатини-рушевини. Лицата задолжени за спроведување на евакуација ги преземаат неопходните мерки за пружање помош и давање упатство на загрозените лица и последни го напушта загрозеното место.

Во случај на земјотрес, со цел ублажување на последиците, вработените кои се наоѓаат во објектот, потребно е: да ги извлечат и обезбедат материјалните добра од урнатините и оштетените објекти, да организираат прифат и помош на настраданите, плакарите , рафтовите, витрините, предметите и сл. да бидат прицврстени за ѕидот или подот, за да во случај на земјотрес не дојде до нивно паѓање и до повредување на лицата при евакуација, да не се предизвика паника меѓу луѓето и да се засолнат под маса (биро) или под отворот на врата или под некој цврст стабилен предмет. Во услови на природна непогода, многу често се наметнува потребата за евакуација на подвижните имоти, било со цел спасување на истите, спречување на ширење на природните непогоди што претставува препрека на учесниците во акцијата за ЗС.

Во случај на појава на урнатини од било кој вид и обем, заради заштита и спасување на учениците и вработените, потребно е, покрај превентивни мерки за ЗС од урнатини (прибирање на податоци за можната опасност, известување на вработените и силите за заштита и спасување на можната опасност,

зголемена готовност на одговорните лица и силите за ЗС, проверка на алармите за тревожење, по потреба дислокација на дел од опремата и материјал на побезбедни места, проверка на исправноста на МТС и опрема, по можност и набавка на нови и ажурирање на планските документи за ЗС од урнатини), да се планираат и мерки за заштита од последиците од урнувањето, и тоа: по можност да се даде знак за тревога, до собирањето на составот на УЕ за ЗС, одговорниот (Директорот) да ги организира вработените кои се на работа (обучени поединци) или да ја дополни УЕ со присутните вработени кои се обучени за ЗС и ја започнува акцијата за ЗС, извидување и пребарување на урнатините и извлекување на затрупани лица и нивно сместување во собирното место. Постапност на акцијата за спасување од урнатини:

- **Прва фаза -** Извидување и згрижување на површински и лесно затрупани жртви, пред се преку самопомош и помош на најблиските
- **Втора фаза** - Пребарување на лесно оштетени објекти (се дејствува организирано, силите се делат по екипи, а се ангажираат сите вработени)
- **Трета фаза** – Пребарување на потешко оштетени објекти каде може да има и жртви.
- **Четврта фаза** – Пребарување на тешко оштетени објекти (движењето по објектите треба да биде многу стручно и внимателно. Потребно е потпирање и осигурување на премините за спасувачите и нивна добра обученост).
- **Петта фаза** – Потполно расчистување на урнатините по констатација дека се спасени или извлечени сите затрупани, пружање на прва медицинска помош на повредените, исклучување на електричната енергија во загрозените објекти, преземање на други мерки за спречување на дополнителни последици (пожари, експлозии, поплави, НУС).

За отстранување на последиците, потребно е да се превземат следните мерки и активности: асанација на теренот и објектите – Во соработка со Центар за јавно здравје Скопје, расчистување на урнатините, РХБ деконтаминација (по потреба), санација на подрачјето и објектите зафатени со несреќата, спроведување на здравствено и хигиено-епидемиолошки мерки, соработка со Центар за јавно здравје Скопје, процена на штетите и последиците, анализа на учеството во спроведувањето на мерката и доставување извештај за спроведување на евакуацијата до Подрачно одделение за заштита и спасување за употреба на силите за ЗС и ангажираните служби.

Во сите објекти континуирано се преземаат мерки за заштита и од површински води кои можат да настанат при обилни врнежи и нагло топење на снег. Изградена е атмосферска канализација и одводни канали околу училиштата и објектите. Заради ефикасна ЗС од поплави се одредуваат критичните места на кои може да дојде до навлегување на водата во дворното место на училиштето и во приземјето на училиштето. Прва и основна задача е заштита на животите и здравјето на Учениците - децата и вработените, така да прва мерка е евакуација на побезбедни (повисоки ) места, согласно Планот за евакуација. Во случај на поплава, со цел ублажување на последиците од истиот, прва и основна задача е заштита на животите и здравјето на учениците и вработените е евакуација на побезбедни (повисоки) места на катовите, согласно Планот за евакуација, да се обезбеди дихтување на влезните отвори на приземјето со вреќи со песок за да се спречи првиот бран на надојдени води. Во случај на екстремно голема количина на вода ако

евакуацијата не е можна, вработените и учениците треба да се качат на катот и да побараат помош. Откако учениците ќе бидат обезбедени, Штабот за ЗС, Универзалната единица и обучените поединци за ЗС, пристапува кон спасување на материјални технички средства согласно Планот за евакуација. Со цел ублажување на последиците од поплава, ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, потребно е: доколку подрачјето е подлежно на чести поплави и интензивни врнежи од дожд, порано да се напушти објектот, да се затвори главниот вентил на водоводната и хидрантската мрежа, да се изврши добро дихтување на прозорците и вратите од приземните простории, да се побара помош како советодавна така и техничка од Дирекцијата за заштита и спасување на Скопје и со оглед на тоа дека по подот на училиштето има разни кабли под напон и постои опасност по животот на луѓето од спроведување на струја преку надојдените води (поплавата), потребно е благовремено исклучување на електричната струја од главната склопка од лицето одредено за тоа или од лице за обезбедување на ООУ. За настанот, последиците преземените мерки и активности се известува Центарот за управување со кризи на телефон 195. По завршувањето на поплавата да се ангажира едно УО од Единицата за ЗС, со крпи џогери и канти да се собере водата и да се изврчи санација на поплавениот дел.

За заштита и спасување од пожари, потребно е да се превземат следните превентивни мерки и активности: вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа, изработка на Правилник за заштита од пожари и експлозии, набавка, контрола, одржување и сервисирање на МТС и опрема за гасење и заштита од пожари, придржување кон законските одредби кои ја регулираат обласа за заштита и спасување од пожари (пред сé: Законот за заштита и спасување од пожари дел за ППЗ и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон а се однесуваат на ПП апаратите, хидрантите и другата ПП опрема и средства за гасење на пожари, односно уредите и инсталациите за заштита од пожари), соодветна обука на вработените за заштита од пожари (согласно Законот за пожарникарство истакнување на видливи места на знаци и натписи за предупредување забрани и известување за можни опасности и постапка во случај на опасност), редовна контрола на поставеноста и исправноста на ПП апаратите и хидрантите од овластен вработен, редовно сервисирање и проверка на исправноста на ПП апаратите кај овластено правно лице, редовно одржување, сервисирање и испитување на уредите и инсталациите за откривање и гасење на пожари-кај овластено правно лице, проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти, редовно косење на тревата во училишните дворови, редовна проверка и чистење на оџаците, парните котли и димоводните канали соглано правилникот од Сл.весник на РМ бр.146/10,со записник, во ООУ да се одржува хигиена без никаков запалив материјал, да се обезбеди природна и вештачка вентилација и да се применат сите позитивни прописи предвидени во нормативните акти за резервоари и котлара на нафта, сите излези и премини да бидат секогаш и во секое време слободни за непречено поминување (препречувањето на овие места е забрането), електричните инсталации и уреди во сите делови на објектот мора да бидат изведени според техничките прописи. Во случај на настанување грешки (дефекти) на електричните инсталации и уреди, поправка можат да вршат само лица со соодветна квалификација и стручна оспособеност, целокупната електрична инсталација по завршувањето со работа, треба да се исклучи, односно вклучени да останат само уреди како што се: панично и помошно светло, други критични потрошувачи како вентилација – климатизација, пристапните патишта околу објектот, во секое

време треба да бидат проодни за непречен пристап на противпожарната техника и опрема во случај на потреба, грејните уреди од системот за затоплување на просториите во објектот може да се користат само ако се технички исправни, периодичните прегледи и испитувања на јакострујните електрични инсталации, громобранската инсталација, сигурносните уреди од инсталации и сите други сигурносни уреди и инсталации да се вршат според техничките прописи и правилата усвоени со правилата на техничката практика. За успешна и ефикасна заштита од пожари, посебно внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на: микролокација на објектите, вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари, изградба на сообраќајници и патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција, намалување на пожарна осетливост на објектот, мерки кои овозможуваат локализација и спречување на ширење на пожарот, мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гаснење на пожар и спасување на луѓе, материјалните и други добра, забранета е употреба на грејни тела (греалки, решоа, печки, пегли и сл.), а во случај на употреба обавезно да не се оставаат без контрола, односно да има присутно лице, сите врати во ООУ преку кои може да се врши евакуација, да бидат одклучени се додека има ученици и вработени во училиштето, до грејните тела на растојание од 1 метар да не се остава никаков запалив материјал, изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција, воведување на систем за автоматска и рачна дојава на пожар и исправна громобранска инсталација.

Во случај на пожар, со цел ублажување на последиците од истиот, потребно е: лесно запаливите материи да бидат сместени на посигурно место, да се употреби противпожарен апарат и хидрант, да се провери изворот од каде доаѓа огнот, лицата зафатени од пожар да се движат спротивно од огнот, правците за евакуација да се видно означени, да се слободни во секое време, да се определени алтернативни правци за евакуација (во такви услови струјата обавезно да се исклучи од одредено лице за тоа), на собирното место да се врши пребројување на евакуираните лица со цел дали сите се евакуирани од загрозениот објект, доколку е неопходно движењето во правец на огнот или чадот, лицето/та да се покријат со водено ќебе или крпа, особено во делот на носот и устата (дишните органи) и по напуштањето на опожарениот објект да не се враќаат во него, а доколку оние кои се наоѓаат во опожарениот објект не можат истиот да го напуштат, да се соберат во една најбезбедна просторија, вратите да се задихтуваат со мокра крпа, ќебе и сл, да не влегува дим да се отвори прозорот и да се сигнализира својата положба.

Во случај на пожар Штабот за ЗС, Универзалната Единица со две Универзални Одделениа и обучените поединци - вработени се должни: да пристапи кон гаснење на пожарот со ПП Апарати и хидранти, се јави во ТППЕ на Скопје и да побара помош ако е потребно, да се придржува кон мерките од Правилникот за заштита од пожари и експлозија, да се придржуваат на планот за заштита, спасување и евакуација, да го лоцираат пожарот, да не им се кажува на учениците дека има пожар, да ја исклучи електричната струја од главната склопка, учениците и загрозените да се упатат кон излезите кои се обележани на планот за евакуација со забрзани чекори со мокра крпа на дишните органи, без паника наставниците да ја спроведат мерката евакуација преку излезите и алтернативните излези и да извршат пребројување на учениците и другите лица дали сите го напуштиле објектот и се на безбедно место.

Во случај на пронаоѓање на НУС или било каков сомнителен преглед, веднаш се оддалечуваат учениците - децата и вработените на безбедна далечина и на безбедно место, каде нема директна визуелна линија кон предметот, односно во безбеден објект. Истовремено (на безбедна оддалеченост) се поставува стража која нема да дозволи пристап. Веднаш се повикува полиција на телефон 192 или Центар за управување со кризи тел. 195 или Дирекција за заштита и спасување надлежна за НУС тел. _________________. Се преземаат навремено и континуирано заради ефикасно спроведување за во случај на активирање на оперативни мерки: оспособување на Штабот за ЗС, Универзалната единица и обучените поединци за ЗС за пружање прва помош, одржување вежби, обезбедување неопходни количини на санитетски средства, лекови и помагала и нивна одржување во испрана состојба односно рок на траење, обезбедување стручен кадар во работен однос обучен за давање прва медицинска помош и определување собирни места за повредени, сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места, доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување, повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација по правила, за лицата со потешки повреди после укажаната медицинска помош, се повикува прва медицинска помош која ќе ги транспортира до здравствените установи (Градска болница, Итна медицинска помош, Клинички центар - Скопје) до кои што од училиштето на ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, водат брзи сообраќајници.

И покрај подобрениот степен на водоснабдување, подобрување на санитарно-хигиенската состојба, урбанизација на населените места, степенот на здравственото воспитание на населението и вкупниот развој на превентивната медицинска заштита имаат огромно влијание врз намалувањето на заразните заболувања, но сепак епидемиолошката состојба во РМ е сеуште несигурна. Во самиот објект, како и во околината може да дојде до загрозеност и појава на епидемии и заразни заболувања доколку вработените и учениците не се придржуваат кон прописите за одржување на хигиена, и избегнување на блиски контакти со инфицирани лица и другите лица кои престојуваат и доаѓаат во ООУ, од канализациони системи и кои може да допринесат до загадување на водите кои се користат во одредени процеси.

Современите услови за живеење и работа, како и посериозниот техничко-технолошки развој, во голема мера придонесуваат за зголемување на степенот на загрозување од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, како и од акциденти со опасни материи. Загрозувањето од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација на ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, може да претставува евентуално екстерно загрозување и хаварија или пожар во рафинеријата за нафта ОКТА. При евентуални случаи на радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, за спроведување на постапка за детекција, дозиметрија и деконтаминација ќе се остварува соработка и содејство со: Министерство за здравство, Дирекцијата за радиациона заштита, Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за одбрана, Републичкиот завод за здравствена заштита, а по потреба и со други органи и институции,

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04 и 49/04), извршена е проценка на потребите и можностите за организација и раководење со заштитата и спасувањето и организирање на сили за заштита и спасување во ООУ „Киро

Глигоров”–Скопје, Општина Центар. Раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување е организирано хиерархиски, по вертикала, ШТАБ-КОМАНДА-ПОМОШНИЦИ-ИЗВРШИТЕЛИ. Наредбите на повисокиот старешина, за извршување на определени мерки и активности уредени со Планот за заштита и спасување, се задолжителни за обврзниците во силите за заштита и спасување од понизок ранг. Организацијата на раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување во ООУ, формиран е: Штаб за Заштита и спасување и Универзална Единица за заштита и спасување во ранг на вод со две Универзални одделенија и обучени поединци за прва медицинска помош, гаснење на помали и почетни пожари, спасување од рушевини и поплави, спасување, евакуација и згрижувања на загрозени лица, отстранување на последици од техничко-технолошки и несреќи од помал обем.

Опремувањето на ООУ, со опрема за заштита и спасување од природни и други несреќи, извршено е согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување, донесена од Владата на Р. Македонија бр.19-5482/1 од 21.11.2006 год. како и согласно Техничките прописи за изградба. Исто така опремувањето е фундирано и врз основа на проценката на особеностите за опасностите од природни и други несреќи. Таа е опремена и да се доопреми со: ПП апарати за гасење на пожар, хидранти помошни алатки, скали и гумени обувки носила и санитетски материјал и друго.

Се спроведуваат редовни контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа, и електричната инсталација. Да се постави систем за автоматска и рачна дојава за пожар. Систем за мониторинг обезбедување нема. Да се изврши поправка на громобранската инсталација према позитивните законски прописи. Во сите деловни простории да има поставено знаци за забрана , известување и предупредување од аспект на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи.

Во ООУ има вработено вкупно 49 лица, и учат вкупно околу 673 ученици од прво до деветто одделение. Наставата се одвива во прва смена од 7,30- до 15,00 часот. Во објектот има 30 ППА С-9, ППА С-50 – 4парчиња и 4- ППА ЦО2-5 распоредени по сите катови. Во подрумот-јавниот паркинг, има 5 хидранти и хидрантска опрема за гаснење со пена. Има вградено внатрешна хидрантска межа со 6 ѕидни хидранти на приземје, 5 ѕидни хидранти на прв кат и 5 ѕидни хидранти на втор кат. Има автоматски и рачен систем за дојава на пожар, громобранската инсталација да е во исправна состојба.

## План за евакуација

Во случај на итност обезбедени се потребен и прописен број на евакуациони коридори, т.е можност за оддалечување од просторот на објектот за најкратко и најбрзо време, без било какви препреки и во најнеповолен случај кога би дошло до опожарување на дел од објектот. Во случај на евентуален пожар обезбеден е прописен број на излези од објектот согласно бројот на присутни во објектот (600) при што:

- овозможена е евакуација на вработените и учениците на излезите.

- Предвидениот број на излези и коридори за евакуација, прегледноста на евакуацуионите патишта, излезните врати кои се со пропиени димензии и голема пропусна моќ, овозможуваат брзо и непречено напуштање на објектот во случај на итност, директно на слободен и безбеденпростор.

- Патиштата за евакуација се прегледни, широки и релативно кратки во согласнсот со архитектонското решение како и бројот и локацијата на излезите во случај пожар.

- Како главна комуникација по која се одвива движењето е предвидено средишното скалишно јадро.

- Излезните врати од просторот, како и на внатрешни комуникации и патиштата за евакуација ќе бидат означени и осветлени со нужно и сигурносна панично светло, кое ќе свети мин. 2часа и дава осветленост од 1lx на висина од 20 см од подот.

- На елементите од сигурносните панични светилки ќе има ознаки со одредена големина, кои се видливи и јасно ќе ги означуваат излезите и правците на излезите во случај на итност.

**Излези и патишта за евакуација на загрозени лица и материјални добра од пожари и експлозии**

По сите евакуациони комуникации и над излезните врати ќе се постават сигурносни панични светилки со натписи (пиктограми) кои ќе ги прикажуваат излезите и правците за движење во случај на опасност.
Покрај општото светло во објектот е проектирана и панично светло со поставени светилки со вграден акумулатор. Овие светилки се во случај на испад на мрежен напон го покажуваат најкусиот пат за евакуација.
Надворешните и внатрешните комуникации обезбедуваат брза и сигурна евакуација на загрозените лица и материјалните добра.
Вработените и учениците во случај на пожар ќе се евакуираат преку ходниците и скалите кои се со соодветна широчина и излезите надвор од објектот. Истите се така организирани да евакуацијата е можна од секоја просторија кон надвор по најкраток пат.
Внатрешните патишта за евакуација се долж ходници и низ главното скалишното јадро изведено од армирано бетонска конструкција со пожарна отпорност од 3-4 часови.
Согласно капацитетот на училиштето предвидени се два излези за евакуација



Собирното место по евакуација на присутните од објектот, треба да биде оддалечено на околу 20 метри од објектот.

За објектот треба да се изготви план за заштита и спасување во случај на пожар како присутните без паника и гужва би го напуштиле објектот



Насоката на евакуација во објектот е дадена на мапите за евакуација.



Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14  1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745,  e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk



**ПРИЛОГ БР.32**

## ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2025 / 2026 ГОДИНА

| ПРОСТОР / ДЕН | ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|---|
| Влезна врата<br>Главен влез | Благица.Б.Богдановска<br>Оливер Кузмановски | Сања П.Крстиќ<br>Јане стојков | Елена Стојилковска<br>Предраг Трајковски | Радица Миланова<br>Николче Тодоровски | Предраг Трајковски<br>Емилија Јаничиќ |
| Ходник на приземје кај прво одделение | Елена Јурттутан<br>Јадранка Цуклевски | Ленче Кузмановска | Елена Новаковска | Татјана Ивановска<br>Менка Чадиноска | Јелена Богдановиќ |
| Ходник на први спрат кај второ и петто одделение | Ивана Нешовска<br>Снежана Трајковска | Весна Ч.Трифуновска<br>Ирена Миноска | Ирена Пешевска<br>Николина Младеновска | Катерина К.Гаштов<br>Маја Ш.Стојковска | Инека Мостерман<br>Ѓорѓи Ристески |
| Ходник на втор спрат кај четврто и петто одделение | Ирина Велјановска<br>Ана Накова | Анета Мицковска | Искра Алексиевска<br>Соња Ј.Крстевска | Тања П.Грујовски | Бранка Јакимовска |
| Ходник на втор спрат училници предметна | Јана Трајковска | Јасмина Драгеска | Павлинка Цонева | Даниела П.Саздовска | Катица Лазовска |

**На почетокот на учебната година распоредот може да претрпи промени согласно распоредот за настава.**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: oоukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР.33**

## ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Време на Реализација | Содржини на активностите | Реализатори и соработници |
|---|---|---|
| **СЕПТЕМВРИ** | - Уредување на училниците и аулата за првиот училишен ден<br>- Уредување на училниците и холовите по повод Осми септември – Денот на независноста | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници |
| **ОКТОМВРИ** | - Уредување на училниците и холовите во согласност со промените во есен<br>- Уредување на училниците и холовите во согласност со 11 Октомври -Ден на востанието | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници |
| **НОЕМВРИ** | - Уредување на училниците и холовите по повод 13 Ноември - Ден на ослободување на градот Скопје (Скопје е мојот град) | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници<br>Актив историја, македонски, ликовно |
| **ДЕКЕМВРИ** | - Уредување на училниците и холовите во согласност со промените во годишното време зима<br>- Новогодишно украсување (уредување) на училниците и холовите во училиштето | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници |
| **ФЕВРУАРИ** | - Уредување на училниците и холовите во согласност со одбележувањето на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи Актив македонски и странски јазици<br>Одделенски и предметни наставници |
| **МАРТ** | -Уредување на училниците и холовите по повод денот на жената 8ми Март<br>-Пролетно украсување на училниците и училишниот хол | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници |
| **АПРИЛ** | -Уредување на училниците и холовите по повод Први април – Ден на шегата<br>- 7 Април , светски ден на здравјето<br>-Велигден | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници |

| | | |
|---|---|---|
| **МАЈ** | -Уредување на училниците и холовите по повод одбележувањето на патрониот празник во училиштето<br>- Уредување на училниците и холовите по повод денот на македонските просветители Св.Кирил и Методиј | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи<br>Одделенски и предметни наставници Актив историја и ликовно образование Актив македонски јазик |
| **ЈУНИ** | -Уредување на холовите и училниците согласно крајот на учебната година и почетокот на летниот распуст | Членовите на комисијата<br>Одговорни наставници на стручни активи |

**ПРИЛОГ БР.34**

**ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР (КУЌЕН РЕД)**

Учениците, родителите и наставниците се стремат кон унапредување на воспитно-образовниот процес преку почитувањето на правилата за однесување во училиштето. Правилникот ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што родителите и учениците имаат можност постојано да имаат увид и училиштето да биде пријатно катче во кое постојано ќе се развива успешна соработка меѓу учениците, родителите и наставниците. Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

**Правила за однесување на учениците:**

- Секој ученик треба да стигне 10 минути пред почетокот на часовите
- Да се почитува времето за почеток на часовите според распоредот на ѕвонење
- Пред секој час ученикот да го подготви потребниот прибор за работа
- По завршувањето на часовите работните простории да се остават уредни
- Учениците за време на наставата да не носат со себе вредни предмети (техничка опрема, накит, поголема сума пари и сл.) бидејќи за губење на истите училиштето не сноси одговорност
- Забрането е користење на мобилен телефон за време на часовите ( телефоните да се остават кај одделенскиот/класниот раководител.
- Ученикот не смее без одобрение на наставникот да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и ходниците
- Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон другите ученици, наставно-воспитниот, раководниот, административниот и помошниот персонал во училиштето
- На учениците не им е дозволено влегување во наставничката канцеларија без дозвола од наставник
- Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училишните простории и училишниот двор
- Ученикот секојдневно да се грижи за личната хигиена
- Учениците учествуваат во уредувањето на училниците, ходниците и училишниот двор
- Дежурните ученици се одговорни за редот, дисциплината, хигиената и обезбедуваат непречена реализација на наставата(чиста табла, сунѓер, креди) ги пријавуваат отсутните ученици и други појави во училницата
- Дежурниот ученик останува во училница кога останатите ученици имаат друга активност надвор од училницата или ја заклучува училницата кога учествува во активностите
- Задолжително чување на училишниот инвентар

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**Кодекс на облекување на учениците:**

- Во училиште учениците задолжително доаѓаат во училишни униформи.
- Кога учениците се во училиште не треба да носат капи и качулки, премногу накит и пирсинг (обетки на носот, усните и образите).
- Не е дозволено да се носат куси здолништа, куси пантолони, високи потпетици и облека која е тесно прилепена на телото, како и широко отворени деколтеа.
- Задолжително носење на долги пантолони и униформа ( важи за девојчиња и момчиња), без разлика на временските услови.

- Не треба да се имаат неуредни и предолги нокти со упадлив лак на нив, а исто така не треба да се има шминка.
- Се забранува носење на остри предмети.

**Правила за однесување на родителите:**

- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- Секогаш и секаде да внимава на своето однесување и комуницирање со детето и наставниците, кое треба да биде коректен, јасен и достоинствен;
- Секогаш да служи за пример за својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите деца;
- Да внимава на својот морален лик
- Да има критички однос кон негативните постапки на своето дете, со цел правилен развој на детето
- Да го навикне детето навреме да поаѓа на училиште;
- Да не ја пореметува работата на часот со ненајавени и ненавремени разговори и посети;
- Родителот-старателот е должен редовно да присуствува на родителските средби, а во случај на спреченост навремено да го најави своето отсуство
- Родителот - старателот има обврска да го најави и оправда отсуството на ученикот со медицинска потврда, потврда од натпревар или некоја манифестација
- Родителот-старателот континуирано го следи напредокот и дисциплината на ученикот, индивидуално се консултира со одделенскиот раководител, предметните наставници, училишниот психолог
- Родителот има право активно да се вклучи во воспитанието на ученикот и градењето на позитивна личност

**Правила за однесување на наствникот:**

- Секој наставник да има соодветни етичко - морални и естетски квалитети
- Секој наставник е должен редовно да доаѓа на настава 15 минути пред почеток на часот

- Наставникот е должен редовно да ги одржува часовите и навремено да го најави своето отсуство
- Дежурниот наставник ја организира работната дисциплина во училиштето за непречено реализирање на наставата
- Дежурниот наставник прима странки, им дава инструкции или ги упатува на определено место
- Наставникот не смее да го напушти часот заради посета од родител
- Средбите со родителите ги одржува со посебна просторија
- Секој наставник е одговорен за нагледните средства во училиштето како и за училишниот инвентар
- Наставникот има обврска навремено да го информира педагогот во училиштето за секое несоодветно однесување на учениците во училиштето и училишниот двор.

**Кодекс на облекување на наставникот:**

- Не е прикладно да носат тексасни пантолони со апликации или пак тексасни пантолони кои се искинати.
- Непристојно е да се носат куси пантолони, дури не е во ред да се носат истите и за време на летниот период додека учениците се на летен распуст, а наставниците сѐ уште доаѓаат на работа.
- Не е во ред да се носат маици или кошули без ракави (маици со тенки прерамки).
- Здолништата кои ги носат наставничките не треба да бидат куси, прифатлива должина е онаа која нема да биде 2 см. над нивните колена.
- Во училиште не треба наставникот да доаѓа по папучи.

**Куќен ред на училиштето**

1. Наставата започнува во 8 часот, а завршува во 13:25 часот за учениците од петто одделение, додека за учениците од одделенска настава, завршува во 15:00 часот.

2. Во училиштето за учениците од целодневна настава е организирано прифаќање и згрижување на учениците од страна на дежурен наставник, во временски период од 15:15 до 17:00 часот.

3. Учениците се должни да доаѓаат во училиште 10 минути пред почетокот на часот.

4. Учениците треба да го напуштат училиштето по завршувањето на наставата и да не се задржуваат во училишните простории.

5. Учениците се должни внимателно да ја следат наставата, активно да учествуваат на часот, редовно да носат училишен прибор и да ги изготвуваат домашните задачи.

6. За време на одморите, учениците треба да се однесуваат пристојно, без непотребно задржување во ходниците.

7. Помеѓу вториот и третиот час, учениците имаат голем одмор , кој се користи за ужинка и релаксација, а се одвива во училишниот двор. Доколку временските услови се неповолни, учениците остануваат во училиштето, почитувајќи го редот и мирот во училиштето.

8. За време на часовите, мобилните телефони се исклучуваат.

9. Учениците треба да се грижат и чуваат училишниот инвентар.

10. Секое намерно уништување на училишниот инвентар, го надоместува ученикот т.е. родителот на ученикот .

11. За безбедноста на учениците во училиштето , се грижат наставниците и другите вработени, како и лице од Агенција за обезбедување.

**ПОЧИТУВАЊЕТО НА КУЌНИОТ РЕД ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОГОЛЕМА ХАРМОНИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО**

## ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО

## ООУ „Киро Глигоров“ - Скопје, Центар

### 1. Основни норми

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот и стручниот работник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, за да ги знае своите правила и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и група, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење. Во својата професионална работа наставникот, односно стручниот работник се обврзува:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието да му преставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- при вршење на својата професија не смее да прави дискриминација која е заснована на пол, раса, боја на кожата,
- национално и социјално потекло, попреченост, возраст, родов индентитет, здравствена состојба, политичко уверување,

- религија и верско уверување, имотна и општествена положба;
- да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители или стратели и своите колеги, соработници;

2. **Професионалниот лик на наставникот, односно стручниот работник и струката**

Наставникот, односно стручниот работник треба:

- да биде високо стручен за работата што ја врши и да има визија за неа;
- да има современа, општо етичка и општо културна изразеност и педагошки осет;
- постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата;
- да го почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен и јасен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и естетски навики кај своите ученици;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос спрема средствата и условите со кои ја реализира својата дејност;
- својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува (за лична корист, при што не смее да прифаќа подароци,
- бесплатни услуги или награди, кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност,кредибилитет и достоинство);
- да биде личност во која може да се има доверба, а во училиштето и пошироката средина да има углед како добар работник и добар човек;
- постојано да работи на своето стручно педагошко усовршување;
- да го поулулризира својот предмет и надвор од училиштето, преку учество во јавни трибини, стручни трудови книги и слично;
- да иницира и да се ангажира во проекти на основното училиште и надвор од него

3. **Наставникот и часот**

- Извршувајќи ја својата работа наставникот:
- треба навреме да го започне часот;
- треба редовно да го евидентира часот, како и отсутните ученици;
- да нема пореметување на планираната работа на часот со спопштенија, разговори и посети;
- добро да го планира секој наставен час за да овозможи агажирање на сите ученици за постигнување на максимум ;
- часот треба да го изведува според современата наставна технологија, квалитетно поучување и рационална
- организација на наставата;

4. **Наставникот, односно стручниот работник и ученикот**

- Наставникот, односно стручниот работник спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена
- на постапки кои се во духот на современите педагошки норми и при тоа:
- ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и не пристрасен без оглед на
- полот, возраста, бојата на кожата, верата, националноста, расата и општествено - економската положба;
- со учениците да избегнува стил на комуницирање недоличен за професијата што ја обавува;
- секогаш да ја потикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот, преку современи
- методи и активна настава;
- го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигнувања;
- реално оценување на знаењето на ученикот со изградени критериуми, при што се труди да го открие степенот на знаење
- на ученикот и притоа редовно го информира ученикот;
- бара ученикот навремено, редовно и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- со ученците не смее да пројавува агресивност, не толерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност,
- депресивност, не комуникативност, болна самоувереност, болна амбициозност, ослабени механизми на однесување;
- никогаш да не го казнува ученикот телесно, не го малтрерира психички и не се служи со уплашување, уцена, заканување и слчно;
- избира и води вонаставни активнисти во која се смета за најинвентивен и преку која ќе им овозможи на учениците да ги
- задоволат своите интереси и да го развиваат својот талент;
- ги познава социјално-економските и другите услови во кои учениците живеат и учат;
- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануват во совладување на наставата;
- бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано да се однесуваат;
- за секој вид на девијантно однесување реагира со укажување;
- должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми;
- должен е да го упати ученикот на стручна помош кај лица во училиштето доколку има потреба;
- во работата со учениците не смее да ги искажува своите политички уверувања и определувања;
- со личен пример и со средства се бори против причинителите на болести од зависност и другите негативни појави,
